**Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

# ЧЕТВРТИ ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА
# ЕВРОПСКАТА СОЦИЈАЛНА ПОВЕЛБА

**поднесен од страна на**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**(за референтниот период: 2005-2009)**

**(за членовите 7, 8 и 17)**

Скопје, декември 2010 година

**С О Д Р Ж И Н А**

***ПРЕДГОВОР......................................................................................................4***

***ЧЛЕН 7 - Право на децата и младинците на заштита....................................5***

*Член 7§1.........................................................................................................5*

*Член 7§2.......................................................................................................13*

*Член 7§3.......................................................................................................16*

*Член 7§4.......................................................................................................24*

*Член 7§6.......................................................................................................28*

*Член 7§7.......................................................................................................30*

*Член 7§8.......................................................................................................32*

*Член 7§9.......................................................................................................34*

*Член 7§10.....................................................................................................47*

***ЧЛЕН 8 - Право на работничките на заштита ...............................................68***

*Член 8§1.......................................................................................................68*

*Член 8§2.......................................................................................................73*

*Член 8§3.......................................................................................................75*

*Член 8§4.......................................................................................................76*

***ЧЛЕН 17 – Право на мајките и децата на социјална и материјална заштита...........................................................................................................78***

## ПРЕДГОВОР

**Република Македонија го поднесува својот четврти Извештај за имплементацијата на ратификуваните одредби од Европската Социјална Повелба (1961), во согласност со *членот 21* од Повелбата.**

**Извештајот е подготвен согласно новиот систем на известување, усвоен од страна на *Комитетот на министри* на Советот на Европа, кој се применува од 31 октомври 2007 година.**

**Овој Извештај ги опфаќа одредбите од Европската Социјална Повелба кои припаѓаат на *четвртата тематска група* (деца, семејство и мигранти) и тоа членовите 7, 8 и 17 ратификувани од страна на Република Македонија, за референтниот период 2005-2009 година.**

**Во согласност со членот 23 од Европската Социјална Повелба, копии од подготвениот Извештај се доставени до репрезентативните национални организации на работодавачи и синдикати (членки на Економско социјалниот совет) и тоа до:**

- ***Сојузот на Синдикатите на Македонија;***
- ***Конфедерација на слободни синдикати на Македонија;***
- ***Организација на работодавачи на Македонија***

## Член 7
## Правото на децата и младинците на заштита

**<u>Член 7§1</u>**

<u>Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на децата и на младинците на заштита, страните-договорнички се обврзуваат да утврдат дека минималната возраст за вработување изнесува 15 години, со тоа што исклучоци, сепак, се дозволени за деца вработени на определени лесни работи без ризик по нивното здравје, нивниот морал и нивното школување.</u>

**Прашање 1**. Ве молиме опишете ја општата законска рамка. Ве молиме прецизирајте ги природата, причините и степенот на кои било реформи.

**Општа законска рамка**

Со член 42 од Уставот на Република Македонија се гарантира заштита на децата и малолетните лица. Со ставот 1 од овој член се забранува вработување на лице помладо од 15 години, со ставот 3 се гарантира посебна заштита при работа на малолетни лица, а со ставот 4 не се дозволува вработување на малолетни лица на работни места што се штетни за нивното здравје и моралот.

Условите за способноста за склучување на договор за вработување на малолетни лица и заштитата на истите е уредена со посебни одредби од Законот за работните односи од 2005 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05).

Со членот 18 од Законот беше предвидено дека договор за вработување може да склучи лице кое наполнило 15 години, но притоа да ги исполнува условите за општа здравствена способност. Секој договор што е склучен со лице помладо од 15 години е ништовен. Со членот 250, став 1, 2 и 3 од Законот експлицитно беше наведено дека се забранува вработување на деца помлади од 15 години. Законските одредби во однос на способноста за склучување на договор за вработување и забраната за вработување на деца помлади од 15 години се однесуваат на приватниот и јавниот сектор, вклучувајќи ги и семејните фирми и приватните домаќинства. Меѓутоа, со истиот член се даваше можност на дете кое е помладо од 15 години да може со плаќање на надоместок, да учествува во снимање на филмови, подготовка и изведување на уметнички, сценски и други слични дела (културни, уметнички, спортски и рекламни активности), со претходно добиено одобрение на барање на законскиот застапник и по извршениот преглед на работното место на детето. Со измените и дополнувањата на Законот за работните односи ( "Сл. Весник на РМ" бр. 124/10), ставовите 1, 2 и 3 се бришат.

Со постојните законски решенија (член 250) се дава можност учениците кои наполниле 14 години возраст и студентите да вршат практична работа во рамките на образовната програма. За време на практичната работа во рамките на образовната програма, соодветно се применуваат одредбите на Законот за работните односи во однос на работното време, одморите и паузите, посебната заштита на работниците кои сé уште не наполниле 18 години возраст, како и за одговорноста за надомест на штета.

Правното регулирање на заштитата на децата помлади од 15 години, како и останатите одредби на Законот за работните односи, посебно се анализираше и од аспект на усогласеност со законодавството на Европската Унија, односно директивите кои го уредуваат ова прашање. За оваа цел во периодот од мај 2008 до септември 2009 година се имплементираше Проектот – "Преглед на националното трудово законодавство", кој финансиски беше подржан од ЕУ. Проектот се имплементираше во соработка со Министерството за труд, социјални работи и семејство на Словачка и Агенцијата за регионален развој Сенец – Пезинок. Главна цел на Проектот беше да се даде поддршка за подобрување на капацитетите на Република Македонија при јакнење на пазарот на трудот и нејзина подготовка за членство во ЕУ, во рамките на кој се изврши анализа на постојното законодавство во однос на решенијата утврдени во директивите на ЕУ и законодавствата на земји членки на ЕУ. За оваа цел во рамките на Проектот се работеше директно со вработените во Министерството за труд и социјална политика, како и со социјалните партнери за ревидирање и спроведување на трудовото законодавство на земјата во согласност со законодавството на ЕУ и најдобрите практики на ЕУ. Во текот на имплементацијата на Проектот, а заради постигнување на целта, се користеа најдобрите практики од Словачка и практиките од други европски држави, во областа на трудот и вработувањето.

Во тој период од страна на словачките експерти беа обезбедени обуки на вработените во Министерството, останатите министерства и социјалните партнери за техниките на подготовка на кореспондентните табели (околу 20 на број), истите беа подготвени и доставени до Европската Унија до крајот на месец март 2009.

Покрај ревизијата на Законот за работните односи и Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност со конкретни препораки за нивна усогласеност со законодавството на ЕУ, направена е анализа и на Законот за вработување на инвалидни лица, Законот за еднакви можности и Законот за агенции за привремени вработувања.

На завршната конференција (14 септември 2009 година) се усвои и Финалниот извештај во кој се дадени препораки. Истите беа дискутирани во последните три месеци со претставници од Министерството за труд и социјална политика, останатите инволвирани страни во имплементација на проектот како и со социјалните партнери на посебна конференција. Покрај тоа, во последните три месеци, пред завршување на Проектот, беа организирани повеќе обуки за твининг тимот од различните тематски групи. Се одржа и посебна тренинг сесија на барање на корисниците на кои исто така се дискутираше за препораките.

Во финалниот извештај дадени се клучните препораки кои се од суштинско значење во натамошниот процес на усогласување на

законодавството. Значи, Министерството за труд и социјална политика треба да продолжи со јакнење на капацитетите за да ги постигне сите обврски кои произлегуваат од транспонирање на aquis во националниот правен систем, да се интензивираат активностите во однос на транспонирање на ЕУ директивите и сл.

Имајќи ги предвид препораките, состојбата и можностите, Министерството за труд и социјална политика врз основа на препораките по завршувањето на Проектот, смета дека транспонирањето на директивите треба да се реализира во неколку фази.

Во таа насока, отпочнато е транспонирање на директивите на ЕУ, поконкретно Директивата на Советот 94/33/ЕС од 22 јуни 1994 година за заштита на младите луѓе на работното место.

Имено, со измените на Законот за работните односи од 2010 година (“Службен весник на Република Македонија” бр. 76/2010), согласно препораките во рамките на Твининг Проектот, се изврши измена на членот 18 со кој се уредуваат прашањата во врска со условите за склучување на договор за вработување со млади лица . Притоа се дефинира кое лице се смета за младо лице, кои работи можат или не смеат да ги работат овие лица, условите и начинот на вршење на работите кои смеат да се извршуваат од страна на овие лица, работното време за истите и др. Така, со оваа измена, се забранува работа на дете под 15 годишна возраст и на дете кое не завршило задолжително образование, а за работите коишто се дозволени со закон, работното време не може да трае подолго од четири часа дневно. Понатаму, се утврдува обврска за работодавачот да обезбеди заштита на младите лица од економска експлоатација и од било каква работа која може да има штетно влијание брз нивната безбедност, здравјето, физичкиот, менталниот, моралниот или социјалниот развој или истата може да го загрози нивното образование. Со измената е предвидено дека овие лица по исклучок можат да вршат лесна работа која по својот обем и карактер не влијае врз здравјето, безбедноста, развојот и образованието и тоа: учество во културни и артистички активности, спортски настани и рекламни активности. Исто така, се дефинира и органот кој дава одобрение за вршење на работа, а тоа е Државниот инспекторат за труд кој треба да изврши увид на местото на кое ќе се извршуваат активностите.

Се дефинира и поимот “младо лице”, а тоа е секое лице кое може да склучи договор за вработување, за извршување на работи кои не се штетни по неговото здравје и безбедност кое има најмалку 15 години возраст, а под 18 години возраст и кое не е вклучено во задолжително образование. Во средно образование се запишуваат редовни и вонредни ученици. Ова соодветно се однесува на училиштата и граѓанските организации кај кои под посебна регулатива е работата на адолесцентите при едукацијата на млади луѓе.

Исто така се утврдува и разлика во однос на должината на работното време на младо лице во зависност од возраста. Така, максималниот број на работни часови на младо лице на возраст под 16 години треба да изнесува до 30 часа неделно и во случај кога младото лице работи кај повеќе работодавачи истовремено, додека максималниот број на работни часови на младото лице на возраст над 16 години може да изнесува до 37 часа и 45 минути неделно и во случај кога адолесцентот работи кај повеќе

работодавачи .Притоа, со Законот е утврдено максималното време во период од 24 часа и истото не смее да надмине осум часа во период од 24 часа. Како работа треба да се смета и времето кое младото лице го поминува во стручна подготовка во рамките на теоретската и практична настава, а за која добива платен надоместок.

На работодавачот му се забранува користење на методот на награда со цел зголемување на обемот на работа, при што би се загрозила безбедноста и здравјето на адолесцентите.

**Прашање 2.** Ве молиме наведете ги преземените мерки (административни мерки, програми, акциони планови, проекти итн.) за да се спроведе правната рамка.

**Превземени мерки за да се спроведе законската рамка**

Со Законот за работните односи, во делот за прекршочни одредби, односно со членот 264, се предвидуваше глоба во износ од 15,000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на работодавач и 10,000 евра во денарска противвредност за работодавач-физичко лице, ако склучи договор за вработување со лице кое не наполнило 15 години возраст и кое нема општа здравствена способност и не ги исполнува пропишаните и договорените услови за вршење на работа, определени со член 18. Покрај тоа, беше предвидена и глоба во износ од 7,000 евра и за директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот. Истите казни беа предвидени за работодавач-правно лице, работодавач-физичко лице и директор ако организираат работа на деца, ученици и студенти спротивно на одредбите од член 250 од Законот за работните односи.

Владата на Република Македонија на 07.04.2010 година, усвои Информација со предлог – мерки за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија. За таа цел, беше формирано координативно тело во Владата составено од претставници на економските ресори, инспекторатите и функционерите на органите на државната управа кои имаат инспекциски надлежности. Согласно согледувањата, предлозите на координативното тело, ресорните министерства беа задолжени од страна на Владата да пристапат кон преземање на активности за усогласување на законската регулатива во делот на казнените одредби. За тоа беа предложени соодветни измени во делот на казнените одредби и во Законот за работните односи, кои пред доставувањето на законот на разгледување до Владата свои мислења, предлози и сугестии дадоа и претставниците на социјалните партнери, кои исто така беа разгледани.

Така, со измените на Законот за работните односи, (“Службен весник на Република Македонија” бр. 76/2010) во делот за прекршочни одредби, односно со членот 265 се предвидува глоба во износ од 3,000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на работодавач-правно лице и 2,000 евра во денарска противвредност за работодавач-физичко лице, ако склучи договор за вработување со лице кое не наполнило 15 години возраст и кое нема општа здравствена способност и не ги исполнува пропишаните и договорените услови за вршење на работа, определени со

член 18, а кои се однесуваат на способноста за склучување на договор за вработување со младо лице под 18 години возраст. Покрај тоа, предвидена е и глоба во износ од 1,000 евра и за директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

Истите казни се предвидени и за работодавач-правно лице, работодавач-физичко лице и директор ако организираат работа на деца, ученици и студенти спротивно на одредбите од член 250 од Законот за работните односи.

Државниот инспекторат за труд е орган кој врши надзор над примената на законите, другите прописи и колективните договори, со кои се уредуваат правата и обврските од работен однос на работниците и работодавачите во сите дејности.

Според Законот, работодавач е секое физичко и правно лице кое вработува работници врз основа на договор за вработување.

Државниот инспекторат за труд согласно програмата за работа во 2005 година има извршено 21.780 редовни надзори кај работодавачи од сите дејности, во 2006 година 21.825 редовни надзори, во 2007 година – 22.011 редовни надзори  во 2008 година – 33.917 редовни надзори и во 2009 година – 30.810 редовни надзори. При надзорите кај работодавачите не се најдени на работа лица со 15 и помалку од 15 год. возраст.

Државниот инспекторат за труд покрај редовните надзори постапува и по претставки за заштита на правата од работен однос, така во 2005 година постапувано е по 1.437 претставки, во 2006 година по 1.431, во 2007 година по 1.920, во 2008 година по 1.639 и во 2009 година по 1.749 претставки. Во ниту една претставка немало барање за заштита на права од работен однос на лица со 15 години и помлади од 15 годишна возраст.

**Прашање 3.** Ве молиме дадете релевантни бројки, статистики или други релевантни информации, доколку има.

**Релевантни бројки, статистики и фактички информации**

Со оглед на тоа дека не постои законски основ за вработување на лица помлади од 15 години, во праксата и нема такви појави, што се потврдува и од наодите од Инспекторатот за труд. И податоците на Државниот завиод за статистика од 2005 година покажуваат дека значително е мал бројот на лицата кои се вработени на возраст од 15 до 19 години, односно само 1,6%, а во 2006, 2007 и 2008 година овој процент изнесува 1,8%.

## Население на возраст од 15 години и повеќе, според економската активност, полот и возраста

| Година | Возраст | Работно способно население | | | Работна сила | | | | | | | | | | Неактивно население | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Вкупно | | | Вработени | | | Невработени | | | | | |
| | | Вкупно | мажи | жени | Вкупно | мажи | жени | Вкупно | мажи | жени | Вкупно | мажи | жени | Вкупно | мажи | жени |
| 2005 | Вкупно | 1607997 | 806621 | 801376 | 869187 | 523275 | 345912 | 545253 | 332179 | 213074 | 323934 | 191096 | 132838 | 738810 | 283346 | 455464 |
| | 15-19 | 161571 | 83106 | 78465 | 23360 | 13994 | 9366 | 8527 | 4787 | 3740 | 14833 | 9207 | 5626 | 138211 | 69112 | 69099 |
| 2006 | Вкупно | 1618482 | 808522 | 809960 | 891679 | 543830 | 347849 | 570404 | 351974 | 218431 | 321274 | 191856 | 129418 | 726803 | 264692 | 462111 |
| | 15-19 | 161214 | 82894 | 78320 | 28195 | 16912 | 11284 | 10147 | 6194 | 3953 | 18048 | 10717 | 7331 | 133019 | 65982 | 67036 |
| 2007 | Вкупно | 1628635 | 814601 | 814034 | 907138 | 548141 | 358998 | 590234 | 358835 | 231399 | 316905 | 189306 | 127599 | 721496 | 266460 | 455036 |
| | 15-19 | 161919 | 83569 | 78350 | 28937 | 19364 | 9573 | 10823 | 7202 | 3621 | 18114 | 12162 | 5953 | 132982 | 64205 | 68777 |
| 2008 | Вкупно | 1633341 | 816772 | 816569 | 919424 | 561705 | 357719 | 609015 | 373483 | 235532 | 310409 | 188222 | 122187 | 713917 | 255067 | 458850 |
| | 15-19 | 159341 | 81969 | 77373 | 25854 | 16773 | 9081 | 11159 | 6462 | 4697 | 14695 | 10312 | 4384 | 133487 | 65195 | 68292 |
| 2009 | Вкупно | 1638869 | 819487 | 819382 | 928775 | 570698 | 358077 | 629901 | 389332 | 240569 | 298873 | 181366 | 117508 | 710094 | 248789 | 461305 |
| | 15-19 | 157418 | 80989 | 76429 | 22282 | 14840 | 7442 | 9558 | 6515 | 3043 | 12724 | 8325 | 4399 | 135136 | 66148 | 68988 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

## Население на возраст од 15 години и повеќе, според економската активност, полот и возраста во %

| Година | Возраст | Работно способно население | | | Работна сила | | | | | | | | | Неактивно население | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Вкупно | | | Вработени | | | Невработени | | | | | |
| | | Вкупно | мажи | жени | Вкупно | мажи | жени | Вкупно | мажи | жени | Вкупно | мажи | жени | Вкупно | мажи | жени |
| 2005 | Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |
| | 15-19 | 10,0 | 10,3 | 9,8 | 2,7 | 2,7 | 2,7 | 1,6 | 1,4 | 1,8 | 4,6 | 4,8 | 4,2 | 18,7 | 24,4 | 15,2 |
| 2006 | Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |
| | 15-19 | 10,0 | 10,3 | 9,7 | 3,2 | 3,1 | 3,2 | 1,8 | 1,8 | 1,8 | 5,6 | 5,6 | 5,7 | 18,3 | 24,9 | 14,5 |
| 2007 | Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |
| | 15-19 | 9,9 | 10,3 | 9,6 | 3,2 | 3,5 | 2,7 | 1,8 | 2,0 | 1,6 | 5,7 | 6,4 | 4,7 | 18,4 | 24,1 | 15,1 |
| 2008 | Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |
| | 15-19 | 9,8 | 10,0 | 9,5 | 2,8 | 3,0 | 2,5 | 1,8 | 1,7 | 2,0 | 4,7 | 5,5 | 3,6 | 18,7 | 25,6 | 14,9 |
| 2009 | Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |
| | 15-19 | 9,6 | 9,9 | 9,3 | 2,4 | 2,6 | 2,1 | 1,5 | 1,7 | 1,3 | 4,3 | 4,6 | 3,7 | 19,0 | 26,6 | 15,0 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Со членот 13 од Законот за работните односи, работодавачот има обврска за секој вработен да поднесе пријава во задолжително социјално осигурување (пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност) и тоа пред работникот да стапи на работа. Заверена фотокопија од пријавата му се доставува и на работникот во рок од три дена од денот на стапување на работа. Со измените на Законот во септември 2010 година, покрај пријава на работникот на работникот може да му се даде и извод од компјутерски запис од информацискиот систем на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Според податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, нема пријавено работници во системот на социјално осигурување, а се помлади од 15 години.

Според податоците на Агенцијата за супервизија на капиталното пензиско осигурување (МАПАС), во системот на социјално осигурување состојбата на пријавени работници на возраст од 15-18 години е следната:

**Пријавени работници во системот на социјално осигурување**

| Возраст | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|
| 15 години | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 16 години | 17 | 6 | 12 | 12 |
| 17 години | 84 | 125 | 36 | 60 |
| 18 години | 412 | 687 | 222 | 314 |

Извор: Агенција за супервизија на капиталното пензиско осигурување (МАПАС)

**Член 7§2**

Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на децата и на младинците на заштита, страните-договорнички се обврзуваат да утврдат повисока минимална возраст за вработување на одделни утврдени работни места кои се сметаат како опасни и нездрави.

**Прашање 1**. Ве молиме опишете ја општата законска рамка. Ве молиме прецизирајте ги природата, причините и степенот на кои било реформи.

**Општа законска рамка, реформи**

Законот за работните односи предвидува забрана за вршење на работи кои се сметаат опасни или штетни по здравјето на работниците помлади од 18 години, односно со членот 173 е предвидено дека на работниците кои сé уште не наполниле 18 години возраст работодавачот не смее да им наложи да вршат тешки физички работи, работи кои се вршат под земја или под вода, работи со извори на јонизирачки зрачења и други работи кои можат штетно и со зголемена опасност да влијаат на здравјето, односно здравствениот развој со оглед на нивните психофизички специфичности.

Работите од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот, во согласност со министерот надлежен за работите од областа на здравството.

Пропишувањето на работите согласно ставот 1 зависи од донесувањето на повеќе подзаконски акти од областа на безбедност и здравје при работа и нивната содржина треба да биде усогласена. Процесот на подготовка на подзаконските акти од областа на безбедност и здравје при работа е процес кој трае подолго време и повеќе од овие акти се веќе донесени. Подготвена е и работна верзија на Правилник за определување на работите кои не смеат да ги вршат работници кои не наполниле 18 години возраст.

**Прашање 2.** Ве молиме наведете ги преземените мерки (административни мерки, програми, акциони планови, проекти итн.) за да се спроведе правната рамка.

**Превземени мерки за да се спроведе законската рамка**

Со Законот за работните односи, во делот за прекршочни одредби, односно со членот 264 се предвидуваше глоба во износ од 15,000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на работодавач и 10,000 евра во денарска противвредност за работодавач-физичко лице, ако на работниците коишто сѐуште не наполниле 18 години возраст не им е обезбедена заштита во согласност со член 173 од Законот за работните односи. Покрај тоа, беше предвидена и глоба во износ од

7,000 евра и за директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

Согласно мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија на Владата на Република Македонија, беа направени соодветни измени во делот на казнените одредби и во Законот за работните односи (Види одговор под прашање број 1 по член 7&1).

Така, со измените на Законот за работните односи, („Службен весник на Република Македонија" бр. 76/2010), односно со членот 265 се предвидува глоба во износ од 3,000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на работодавач-правно лице и 2,000 евра во денарска противвредност за работодавач-физичко лице, ако на работниците коишто сѐуште не наполниле 18 години возраст не им е обезбедена заштита им наложи да вршат тешки физички работи, работи кои се вршат под земја или под вода, работи со извори на јонизирачки зрачења и други работи кои можат штетно и со зголемена опасност да влијаат на здравјето, односно здравствениот развој со оглед на нивните психофизички специфичности (член 173 од Законот за работните односи). Покрај тоа, предвидена е и глоба во износ од 1,000 евра и за директорот.

**Прашање 3.** Ве молиме дадете релевантни бројки, статистики или други релевантни информации, доколку има.

**Релевантни бројки, статистики и фактички информации**

Подолу се наведени податоците од Државниот завод за статистика за вработени според секторите на дејност и тоа за лица на возраст од 15 до 19 години.

**Вработени 15-19 години според секторите на дејност**

| | Година | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
| Вкупно | 8527 | 10147 | 10823 | 11 159 | 9 558 |
| Земјоделство, лов и шумарство | 5387 | 6633 | 5471 | 6901 | 6443 |
| Рибарство | - | - | - | - | - |
| Рударство и вадење на камен | - | - | - | - | 46 |
| Преработувачка индустрија | 1351 | 876 | 1476 | 1169 | 759 |
| Снабдување со електрична енергија, гас и вода | - | - | 27 | 54 | - |
| Градежништво | 429 | 323 | 541 | 307 | 375 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила, мотоцикли и предмети за лична употреба и за домаќинствата | 523 | 1088 | 1553 | 848 | 1012 |
| Хотели и ресторани | 154 | 561 | 525 | 1020 | 463 |
| Сообраќај, складирање и врски | 177 | 142 | 161 | 169 | 39 |
| Финансиско посредување | - | - | - | - | 84 |
| Активности во врска со недвижен имот, изнајмување и деловни активности | 26 | 19 | 29 | 114 | 34 |
| Јавна управа и одбрана, задолжителна социјална заштита | 30 | - | 23 | - | 28 |
| Образование | - | - | - | - | - |
| Здравство и социјална работа | 40 | 92 | 139 | 110 | 51 |
| Други комунални, културни, општи и лични услужни активности | 410 | 414 | 831 | 457 | 223 |
| Приватни домаќинства кои вработуваат домашен персонал и неиздиференцирани дејности на домаќинствата за производство на стоки за сопствени потреби | - | - | 48 | 10 | - |
| Екстериторијални организации и тела | - | - | - | - | - |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Инспекцијата на трудот редовно врши надзори во дејностите каде што се вршат тешки физички работи, работи под земја и изложеност на јонизирачки зрачења. Така во 2005 година извршени се 33 редовни надзори во рударството, 2148 во преработувачката индустрија и 704 во градежништвото; во 2006 година 36 во рударството, 2899 во преработувачката индустрија и 1866 во градежништвото; во 2007 година 80 во рударството, 3177 во преработувачката индустрија и 702 во градежништвото; во 2008 година 63 во рударство, 4207 во преработувачка индустрија и 857 во градежништво и во 2009 година 121 во рударство, 3016 во преработувачка индустрија и 719 градежништвото. Во наведените дејности каде што се вршат тешки физички и штетни по здравјето работи, при инспекциските надзори, не се затекнати лица на работа кои се помлади од 18 години.

**Член 7§3**

Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на децата и на младинците на заштита, страните-договорнички се обврзуваат да забранат децата, кои сѐуште подлежат на задолжително образование, да бидат вработувани на работи коишто би ги лишиле од сите придобивки од нивното образование.

**Прашање 1**. Ве молиме опишете ја општата законска рамка. Ве молиме прецизирајте ги природата, причините и степенот на кои било реформи.

**Општа законска рамка, реформи**

Во Република Македонија согласно законската легислатива основното и средното образование се задолжителни.

Законска легислатива во однос на образованието и обуката:

- Закон за основно образование („Службен весник на Република Македонија бр.103/08, 33/2010).
- Закон за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 20/02, 40/03, 42/03, 67/04,113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 93/2010, 33/2010, 116/10).
- Закон за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија “ бр.71/06).
- Законот за Просветна инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр, 52/05, 148/09).

За да се спречи вработувањето на деца и младинци под 15 годишна возраст, во Законот за основно образование е предвидено глоба за основното училиште кое нема да го извести овластениот општински инспектор за ученици кои не се запишани односно неоправдано не го посетуваат училиштето повеќе од 30 дена, односно глоба за средното училиште кое нема да го извести Државниот просветен инспектор во чија надлежност е училиштето за оние ученици кои не се запишале во средно образование. Во Законот за основно образование, Законот за средното образование, предвидени се глоби за родителите/старателите кои нема да го запишат детето во задолжително основно и средно образование. Глобите во задолжителното средно образование се воведоа со Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (“Службен весник на Република Македонија” бр. 49/2007), со Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр 33/10) и Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр.116/10). Во член 7 од

Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование е предвидено глоба во износ од 200 евра во денарска противредност за прекршок на родител односно старател ако ученикот не е запишан во законски утврдениот рок, а глоба од 1,000 евра во денарска противредност ако не му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжителното основно образование и воспитание. Глоба во износ од 2,500 до 3,000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на основно училиште ако основното училиште навремено не организира и не изврши запишување на учениците или не го извести овластениот просветен инспектор на општината за децата кои не се запишани, односно кои неоправдано не го посетуваат училиштето повеќе од 30 дена.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.116/2010) глоба во износ од 2,000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на родител, односно старател на малолетен ученик ако ученикот не е запишан во средното училиште или нередовно го посетува училиштето.

**Прашање 2.** Ве молиме наведете ги преземените мерки (административни мерки, програми, акциони планови, проекти итн.) за да се спроведе правната рамка.

**Превземени мерки за да се спроведе законската рамка**

Мерките и активностите кои се во насока на спречување на вработување под 15 години се мерки и активности кои Министерството за образование и наука ги превзема за намалување на раното напуштање на образованието.

Во однос на задолжителното образование се воведе децентрализација на основното образование на општинско ниво и децентрализација на средното образование на општинско ниво и ниво на Град Скопје. Децентрализацијата е Програма на Владата, као и дел од Програмата за развој на образованието 2005-2015 година. Децентрализацијата е планирана за да придонесе за редистрибуција на одговорностите за главните образовни прашања, подобрување на квалитетот, професионалното унапредување на наставниците и финансирањето. Децентрализацијата придонесува за реорганизација на образовната администрација и менаџментот. Надлежностите се утврдени со Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Законот за локална самоуправа, Законот за основното и Законот за средното образование.

Согласно Децентрализацијата, донесени се Одлука за пренесување на основачките права и обврски над постојните основни училишта на општините и на општините од Град Скопје, како и Одлука за пренесување на основачките права и обврски над постојните средни училишта на општините и на Град Скопје.

Блок дотациите и наменските дотации добиени од Министерството за образование и наука по училиштата ги распределуваат општините и Градот Скопје по критериуми кој ги донесува Советот на општината, односно Градот Скопје. Сопственоста на објектите е пренесена на општините односно Градот Скопје. Општината може да ги дополнува блок дотациите и наменските дотации освен за плати на вработените во училиштата.

Основачот го утврдува реонот на основните училишта од кои се запишуваат учениците. Општината може да именува овластен инспектор. Училиштата ги известуваат овластените инспектори за деца кои не се запишани, односно кои неоправдано не го посетуваат основното училиште повеќе од 30 дена. Градоначалникот го именува и разрешува директорот на училиштето по предлог на Училишниот Одбор.

Годишната програма за работа на училиштата ја донесува основачот на училиштето.

Со Уставот на Република Македонија во член 44 одредено е дека основното образование е задолжително и бесплатно. Основното образование се уредува со Законот за основно образование. Од учебната 2005/06 година во основното училиште се запишуваат деца кои до крајот на календарската година ќе наполнат 6 години. Сепак, значителен број деца од руралните краеви и од семејства со пониско образование или од посиромашни семејства не ги посетуваа групите за подготвителна година ниту во градинките, ниту во училиштата. Затоа се запишуваа во прво одделение со 7 години. Поради тоа, дојде до промена на структурата за основно образование и во учебната 2007/08 година се воведе деветгодишно основно образование. Во прво одделение согласно Законот, може да се запише дете кое до крајот на календарската година ќе наполни 6 години. По исклучок деца кои до 31 јануари наредната година ќе наполнат 6 години, исто така можат да се запишат во прво одделение. Во основното деветгодишно образование се воведоа три циклуси I-III, IV-VI, VII-IX. Ваквата организациона поставеност на основното образование придонесе за поголем пристап до основно образование од шестгодишна возраст и до намалување на процентот на децата кои го напуштаат основното образование. Се воведоа дополнителни мерки за намалување на процентот на ученици кои не се запишуваат во основно образование, односно мерки за задржување на учениците и намалување на раното напуштање на образованието.

Во моментот учениците се во петто одделение. Секогаш се прави евалуација по изминат цел циклус, но континуирано се следи процесот и се констатита дека бројот на оние што го напуштаат образованието е помал.

Реформирани се наставните планови и програми во основното образование. Се реформираат наставните планови и програми за децата со посебни потреби и нивно вклучување во редовниот образовен систем. Воведена е дополнителна помош за учениците од ранливите групи (Роми, ученици од рурални караеви, социјално загрозени, мигранти, инвалидизирани и сл). Преку проектите во образованието подобрени се

просторно-техничките услови во училиштата, спроведени се обуки за наставниците. За подобрување на материјалната состојба на учениците во учебната 2007/08 година, обезбедени се бесплатни учебници за ученици чии родители се приматели на социјална помош, а од учебната 2008/09 година, бесплатните учебници се обезбедени за сите ученици од основното и средното образование. Во учебната 2007/08 година воведен е бесплатен превоз за учениците од основните и средните училишта и бесплатно сместување и храна за ученици кои учат во место различно од местото на живеење и непосредна финансиска поддршка - стипендии од ранливите групи. Во учебната 2008/09 година се доделени стипендии на 650 ученици од ромско етничко потекло, а во 2009/10 година на 800 ученици од ромско етничко потекло. Исто така, обезбедена е дополнителна помош за учениците во учењето со англажирање на 92 ментори.

Со цел да се зголеми процентот на упис во средното образование, како и да се намали процентот на оние ученици кои од материјални причини не се запишуваат во средно образование, Владата на Република Македонија донесе одлука за спроведување на проектот Условен паричен надоместок (во 2007 година формиран е Совет на министри и назначени се координатори од секое министерство). Условените парични надоместоци се во насока на спречување на вработувањето на учениците кои подлежат на задолжително образование. Со условениот паричен надоместок е предвидена материјална поддршка на учениците во средното образование чии родители се приматели на социјална помош, но кои не примаат детски додаток. Целта на условениот паричен надоместок е да служи како дополнителна алатка за задржување на учениците во средното образование и редовно посетување на наставата. Услов за добивање на условениот паричен надоместок е учениците да бидат присутни на 85% од предвидениот број часови со наставната програма, во одредениот мерен период.

Со Законот на основното образование, Законот на средното образование и Законот за просветната инспекција воведена е самоевалуација на секои две години и интегрална евалуација на секои три години на училиштата, со цел подобрување на квалитетот на работењето на училиштата ("Службен весник на РМ" бр. 103/08 и бр. 33/10). Во тек е и изготвување на Правилник за самоевалуација.

Воведени се индикатори за квалитет на работата на училиштата. Индикаторите се организираат во седум клучни области,со кои особено внимание се посветува на заштитата на учениците и тоа:

- организирање и реализирање на процесот на учење и поучување;
- пристап на учениците;
- професионален развој на наставниците и другите вработени;
- ресурси и управување/развој на политики;
- комуникации и односи со јавноста;

- етос;
- соработка со родителите, бизнис заедницата и други клучни партнери.

Воспитно-образовните содржини за средното стручно образование се остваруваат преку повеќе програмски подрачја. Програмското подрачје „практична обука” зазема значајно место, особено за развивање на психомоторните способности и вештини кај ученикот и неговото постепено вклучување во процесот на работата. Согласно со општиот државен курикулум, курикулумот за образовните профили и наставните планови, практичната обука е задолжителна за сите ученици.

Зависно од струката и образовниот профил практичната обука може да се остварува преку еден или повеќе облици: практична настава, професионална практика или феријална практика. Облиците на практичната обука, како и застапеноста се содржат во наставните планови за секој образовен профил.

Практичната обука може да се организира во училишни кабинети, работилници, училишната економија, училишната реална компанија, претпријатијата, кај социјалните партнери и во комбинација училиште - претпријатие.

Согласно Законот за стручно образование и обука (“Сл. Весник на РМ” бр.71/2006), работодавачите можат да вршат практична обука на учениците, доколку ги исполнуваат условите во однос на просторот, опремата и соодветниот кадар.

Во отсуство на стандардите за опремата и просторните услови и стандардот за стручен и друг кадар за спроведување на практична обука кај работодавачите, Центарот за стручно образование и обука ги предлага овие критериуми за спроведување на практичната обука кај работодавачите, според кои, Коморите ќе вршат верификација на работодавачите за практична обука на учениците:

- да имаат регистрирана фирма како правен субјект;
- да се членови на Коморите;
- да имаат во сопственост или под закуп простор, согласно со дејноста за која е регистрирана фирмата;
- да располагаат со соодветна опрема за успешна реализација на практичната обука на учениците;
- да имаат план за реализација и распоред на работни места за практична обука на учениците;
- да обезбедуваат услови за постигнување на целите за практична обука од наставните програми согласно со предвидениот фонд на часови;
- да имаат обезбедено лица со соодветно образование кои ќе вршат практична обука на учениците:
    - високо образование;
    - више образование;

- постсредно образование (специјалистичко образование, мајсторски испит);

- максималниот број на ученици кои ќе можат да се обучуваат кај еден работодавач ќе се определува според бројот на вработените во фирмата согласно со табела во продолжение:

| **Број на вработени во фирмата** | **Број на ученици на практична обука** |
|---|---|
| до 5 вработени | до 3 ученика |
| 6 - 10 вработени | до 6 ученика |
| 11 - 20 вработени | до 10 ученика |
| 21 - 30 вработени | до 15 ученика |
| 31 - 40 вработени | до 20 ученика |
| 41 - 50 вработени | до 25 ученика |
| над 50 вработени | над 25 ученика (во договор меѓу училиштето и фирмата за бројот на учениците) |

- да обезбедат работна средина и средства за работа, безбедни и безопасни за здравјето, согласно Законот за безбедност и здравје.

Критериумите ќе се користат се до изготвување на соодветните стандарди за опрема и просторни услови и стандардот за стручен и друг кадар за спроведување на практичната обука кај работодавачите.

Во средното стручно образование дефинирана е практичната настава и условите под кои таа се изведува во училиштата и кај работодавачите. Во четиригодишното стручно образование е воведен предметот практична настава од втора година. Во неа се предвидени стандардите за изведување во училишни лаборатории и кај работодавачи со што се применуваат критериумите за заштита при работењето.

**Прашање 3.** Ве молиме дадете релевантни бројки, статистики или други релевантни информации, доколку има.

## Релевантни бројки, статистики и фактички информации

### Запишани ученици во основно образование на почеток на учебната година

| Учебни години | 2005/06 | 2006/07 | 2007/08 | 2008/09 | 2009/10 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно ученици | 218935 | 212331 | 222359 | 216180 | 210381 |
| Ученици во I одделение | 25125 | 23895 | 41569 | 23103 | 23002 |
| Ученици во II одделение | 25590 | 24912 | 23282 | 18244 | 22995 |
| Ученици во III одделение | 26375 | 25460 | 24542 | 46287 | 18248 |
| Ученици во IV одделение | 27302 | 26209 | 25215 | 24412 | 46045 |
| Ученици во V одделение | 28545 | 27463 | 26048 | 25123 | 24509 |
| Ученици во VI одделение | 28231 | 28068 | 26631 | 25501 | 24524 |
| Ученици во VII одделение | 28527 | 27970 | 27645 | 26325 | 25139 |
| Ученици во VIII одделение | 29240 | 28354 | 27427 | 27185 | 25919 |

Извор: Државен завод за статистика

### Ученици во основно образование кои завршиле одделение на крајот на учебната година

| Учебни години | 2004/05 | 2005/06 | 2006/07 | 2007/08 | 2008/09 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно ученици | 227254 | 216100 | 207661 | 219289 | 213349 |
| Ученици во I одделение | 26348 | 24762 | 23334 | 40807 | 22965 |
| Ученици во II одделение | 26807 | 25317 | 24567 | 23352 | 18091 |
| Ученици во III одделение | 27755 | 26096 | 25084 | 24560 | 46217 |
| Ученици во IV одделение | 28789 | 27067 | 25740 | 24834 | 24082 |
| Ученици во V одделение | 29246 | 27836 | 26446 | 25310 | 24285 |
| Ученици во VI одделение | 29042 | 27827 | 27420 | 26206 | 24918 |
| Ученици во VII одделение | 29931 | 28202 | 27323 | 27174 | 25876 |
| Ученици во VIII одделение | 29336 | 28993 | 27747 | 27046 | 26915 |

Извор: Државен завод за статистика

### Запишани ученици во средно образование на почеток на учебната година

| Учебни години | 2005/06 | 2006/07 | 2007/08 | 2008/09 | 2009/10 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно ученици | 95867 | 95366 | 94545 | 93843 | 95343 |
| Ученици во I година | 25761 | 25932 | 25220 | 25622 | 26592 |
| Ученици во II година | 24694 | 24484 | 24834 | 23837 | 24126 |
| Ученици во III година | 24259 | 23861 | 23680 | 23807 | 23321 |
| Ученици во IV година | 21153 | 21089 | 20811 | 20577 | 21304 |

Извор: Државен завод за статистика

**Ученици во средно образование кои завршиле на крајот на учебната година**

| Учебни години | 2004/05 | 2005/06 | 2006/07 | 2007/08 | 2008/09 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно ученици | 95268 | 92218 | 92162 | 91423 | 90855 |
| Ученици во I година | 25710 | 24351 | 24666 | 24107 | 24166 |
| Ученици во II година | 24928 | 23827 | 23684 | 24026 | 23355 |
| Ученици во III година | 24287 | 23469 | 23126 | 22875 | 23211 |
| Ученици во IV година | 20343 | 20571 | 20686 | 20415 | 20123 |

Извор: Државен завод за статистика

Државниот просветен инспекторат во 2009/2010 година поднесе 974 пријави за незапишување во средното образование.

Со оглед на тоа дека измените на Законот во поглед на задолжителното средно образование стапија на сила во 2008/09 година, за периодот 2005-2008 година не се поднесувани никакви пријави за незапишување во средното образование.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/2010) воведена е измена и дополнување со член 9а со кој е предвидено Министерството за образование и наука да води интегрирана база на податоци. Податоците училиштето ќе ги внесува во интегрираната база на податоци континуирано.

**Вработени на возраст од 15-19 години според школската подготовка**

| Школска подготовка | Година | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
| Вкупно | 8527 | 10147 | 10823 | 11 159 | 9 558 |
| Без образование | 56 | - | 180 | 266 | 40 |
| Незавршено основно образование | - | 963 | 734 | 800 | 1218 |
| Основно образование | 5331 | 5650 | 5307 | 5367 | 4062 |
| 3 години средно образование | 790 | 870 | 1540 | 1276 | 1132 |
| 4 години средно образование | 2351 | 2664 | 3061 | 3450 | 3107 |
| Више образование | - | - | - | - | - |
| Високо образование | - | - | - | - | - |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

**Член 7§4**

Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на децата и на младинците на заштита, страните-договорнички се обврзуваат да ја ограничат должината на работното време на работниците помлади од 16 години со цел таа да одговара на барањата на нивниот развој и особено на потребите на нивно професионално образование

**Прашање 1**. Ве молиме опишете ја општата законска рамка. Ве молиме прецизирајте ги природата, причините и степенот на кои било реформи.

**Општа законска рамка**

Со Законот за работните односи, односно со членот 174 ограничена е должината на работното време на работници под 18 годишна возраст и за истите се забранува прекувремена работа.

Така работното време на работникот кој сѐуште не наполнил 18 години возраст не смее да биде подолго од осум часа дневно и 40 часа неделно. За овие работници задолжително е правото на пауза за време на работното време по поминати најмалку четири ипол часа дневно и тоа во времетраење од 30 минути, а времетраењето на одморот помеѓу два дена треба да трае најмалку 24 последователни часа.

Во рамките на ревизијата на Законот за работните односи согласно ТВИНИНГ ПРОЕКТОТ - Преглед на националното трудово законодавство (види одговор за член 7 став 1 ) се предлага и измена и дополнување на членот 174 со кој се предвидува за работник на возраст под 18 години да има право на одмор од 16 последователни часови во текот на периодот од 24 часа.

Во законската легислатива се предвидуваат правила за практичната настава за учениците кои се во средното стручно образование. Согласно Законот за стручно образование и обука ("Службен весник на Република Македонија" бр. 71/06) е предвидено дека работодавачот има обврска да ги постигнува целите за практичната обука од наставните програми, согласно предвидениот фонд на часови, да склучи договор со установата за стручно образование и обука и со ученикот за реализација на практичната обука, да обезбеди надоместок за ученичката работа во согласност со условите пропишани со договорот и да обезбеди заштита при работа согласно со закон. Согласно член 16, за периодот поминат на обука се склучува договор за обука меѓу установата за стручно образование и обука, работодавачот и ученикот, а за малолетен ученик договорот го потпишува родителот, односно старателот на ученикот. Во договорот се уредуваат условите за обука, работата и надоместокот за работа. Договорот треба да биде потпишан пред започнувањето на практичната обука. Согласно член 17, содржината, формата и процедурата на потпишувањето на договорот за обука се утврдува од

Стопанската и Занаетчиската Комора. Согласно член 11, Коморите водат регистар на склучени договори помеѓу установите за стручно образование и обука и работодавците за практична обука на учениците и до Министерството за образование и наука доставуваат годишен извештај за верифицирани работодавци за изведување на практичната обука. Членот 13, се однесува на верификација на работодавците за спроведување на практична обука со која е предвидено работодавачите да можат да вршат практична обука за учениците, доколку ги исполнуваат условите во однос на просторот, опремата и постоењето на соодветен кадар. Верификација на ваквите услови вршат коморите. Коморите исто така, водат Регистар за верификација на работодавците за практична обука. Со Член 12 е предвидено мнозинскиот синдикат да доставува предлози за подобрување на условите за практична обука на учениците кај работодавците.

**Прашање 2.** Ве молиме наведете ги преземените мерки (административни мерки, програми, акциони планови, проекти итн.) за да се спроведе правната рамка.

**Превземени мерки за да се спроведе законската рамка**

Во 2009/10 година, Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование и обука и ЕТФ реализираа евалуација на четиригодишното стручно образование. Во тек е изработка на Акционен план за спроведување на препораките од евалуацијата на 4-годишното стручно образование.

За спроведување на Законот за стручно образование и обука Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование и обука, Занаетчиската Комора – Скопје поддржани од Занаетчиската Комора Кобленц разви и спроведе тригодишен проект во тригодишното стручно образование со АСУЦ „Боро Петрушевски“ Скопје и СУГС „Димитар Влахов“ Скопје со што 50% од вкупно предвидената практична настава се изведува кај работодавачите.

Пилот проектот со АСУЦ „Боро Петрушевски“ датира од учебната 2007/08 година. Неговата главна цел е да се збогати практичната обука, дотогаш изведувана единствено во училишните работилници, со пракса во реални работни услови т.е. во автосервисите од Скопје. Во пилот проектот учествуваа ученици од насоката каросериски автомеханичари, кои часовите за практична обука ги држеа во 10 приватни сервиси од Скопје. По тригодишно пилотирање процентот на практична обука кај работодавците изнесува 50% од вкупно предвидената практична обука, наспроти 50% кои отпаѓаат на практична обука во училишна работилница.

Во првата година од изведувањето на пилот проектот во СУГС „Димитар Влахов“ праксата во салоните кај мајсторите фризери и

козметичари беше незадолжителна, односно на доброволна основа. Практичната обука траеше по неколку часови. За подобро уредување на меѓусебните односи мајстор ученик е изготвен Кодекс на работно место од страна на Занаетчиската Комора Скопје и училиштето.

Практичната настава во работилниците е ограничена. За успешноста во изведувањето на практичната настава кај работодавачите некои од мајсторите ги мотивираат учениците со покривање на патните трошоци, а дел од нив им исплаќаат и дополнителни финансиски средства.

Во тек е постапка на разгледување и донесување на Концепција за стручно оспособување и Концепција за стручно образование за занимање. Се предлагаат реформи на двегодишното и тригодишното стручно образование, што опфаќа и промени во изведувањето на практичната настава, која што може да се изведува и кај работодавачите.

Со реформираните наставни планови и програми дефинирана е практичната настава и условите под кои таа може да се изведува во училиштата и кај работодавачите. Во двегодишното и тригодишното стручно образование практичната настава е планирана, односно се реализира од прва година, додека во четиригодишното стручно образование таа започнува во втора година.

Занаетчиската Комора во соработка со стручните училишта изработија програми за стручно оспособување, кои треба да бидат верифицирани.

Во тек се активности за утврдување на актуелната состојба во стручното образование, законската легислатива. Занаетчиската Комора – Скопје, Занаетчиската Комора – Кобленц, заедно со Институтот за меѓународна соработка на германскиот сојуз на народни универзитети (двв-интернатионал Скопје) формираат работна група за анализа на усогласеноста на законите, но и продуцирање на препораки за подобрување на законите и нивно усогласување со европските.

**Прашање 3.** Ве молиме дадете релевантни статистики или други информации за бројот на работници кои не се опфатени со овие ограничувања и причините зошто тие не се опфатени и изјавете дали се превземени некои специфични мерки за помош на младите лица под 16 години, кои немаат бенефит од било какво скратување на должината на нивното работно време.

**Вработени со полно и со скратено работно време на возраст од 15-19 години според полот**

| Година | Вработени | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | | Со полно работно време | | | Со скратено работно време | | |
| | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени |
| 2005 | 8527 | 4787 | 3740 | 7169 | 4016 | 3152 | 1359 | 770 | 588 |
| 2006 | 10147 | 6194 | 3953 | 7907 | 4826 | 3081 | 2240 | 1368 | 872 |
| 2007 | 10823 | 7202 | 3621 | 8570 | 5601 | 2969 | 2252 | 1601 | 651 |
| 2008 | 11159 | 6462 | 4697 | 8761 | 5186 | 3576 | 2397 | 1276 | 1121 |
| 2009 | 9558 | 6515 | 3043 | 7142 | 4787 | 2356 | 2416 | 1729 | 687 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Државниот инспекторат за труд постапува по барање од работници за заштита на права од работен однос предвидени со закон и колективен договор. Во врска со правата кои се однесуваат на работното време, одморите и отсуствата во 2005 година постапувано е по 63 барања во 2006 година по 121, во 2007 година по 125 барања, во 2008 година по 114 и во 2009 год година по 92 барања. Ниту едно од овие барања не се од работници помлади од 18 год.

**<u>Член 7§6</u>**

<u>Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на децата и на младинците на заштита, страните-договорнички се обврзуваат да обезбедат, часовите што младинците ги користат за професионално образование во текот на редовното работно време со согласност од работодавачите, да бидат сметани како составен дел на работниот ден.</u>

**Прашање 1**. Ве молиме опишете ја општата законска рамка. Ве молиме прецизирајте ги природата, причините и степенот на кои било реформи.

**Општа законска рамка**

Со Законот за работните односи (член 154), се дава можност секој работник да има право, а и должност на постојано образование, дошколување и оспособување во зависност од потребите од работниот процес, заради одржување, унапредување на способноста на работа на работното место како и зачувување на работното место. Ова право се однесува на сите вработени, вклучително и на лицата кои склучиле договор за вработување, а се помлади од 18 години.

Работодавачот има обврска на работникот да му обезбеди остварување на правото на образование, дошколување и доосспособување, ако тоа го бараат потребите на работниот процес или ако со образованието, дошколувањето или оспособувањето може да се избегне откажување на договорот за вработување од лична или деловна причина.

За време на дообразување работникот има право на надоместок на плата. Висината на надоместокот на плата се утврдува со колективни договори. Така, со членот 28 од Општиот колективен договор за стопанството на РМ (“Службен весник на РМ” бр. 88/2009) е предвидено дека надоместокот на плата за дообразование, стручно оспособување и преквалификација односно доквалификација, согласно со потребите на работодавачот, се исплатува во висина од просечната плата на работникот исплатена од последните 12 месеци.

Исто така и со членот 19 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на РМ (“Службен весник на РМ” бр.10/2008 и 85/2009) надоместокот на плата за дообразование, стручно оспособување, преквалификација, односно доквалификација, согласно со потребата на работодавачот, се исплатува во висина од неговата просечна исплатена плата во последните три месеци.

Имајќи предвид дека за време на дообразување, стручно оспособување, преквалификација, односно доквалификација, согласно со потребата на работодавачот работникот прима надоместок на плата на кој износ се плаќаат законски пропишаните придонеси за социјално осигурување, значи дека тој временски период се смета како составен дел од работниот ден. Затоа времето поминато на дообразување,

стручно оспособување, преквалификација, односно доквалификација, согласно со потребата на работодавачот, дополнително не се одработува.

Во рамките на ревизијата на Законот за работните односи согласно ТВИНИНГ ПРОЕКТОТ-Преглед на националното трудово законодавство (види одговор за член 7 став 1) се предлага и измена и дополнување на членот 18 со кој се предвидува дека како работа се смета времето кое младото лице го поминува во стручна подготовка во рамките на теоретската и практичната настава.

Деца и младинци кои и покрај обврската за запишување во задолжително образование се вработиле, согласно Законот за стручно образование и обука, односно Законот за образование на возрасни можат да се стекнат со стручно оспособување, односно потоа да продолжат во стручно образование за занимање.

За време на следењето на програмата за образование се склучува договор меѓу установата и институцијата за образование на возрасните и учесникот. Во договорот се уредуваат условите за следење на образованието на возрасните (место на образование, времетраење на образование, надоместок и слично). Содржината и формата и постапката на потпишување на договорот се утврдува од Центарот за образование на возрасни.

Согласно Законот за образование на возрасни донесени се Правилник за стандардите за просторот и опремата на установите и институциите за образование на возрасни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 07/08), Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на централниот регистар и на општинскиот регистар за установите и институциите кои реализираат јавно признати програми за образование на возрасни („Службен весник на Република Македонија“ бр 37/2010).

**Прашање 2.** Ве молиме наведете ги преземените мерки (административни мерки, програми, акциони планови, проекти итн.) за да се спроведе правната рамка.

### Превземени мерки за да се спроведе законската рамка

За спроведување на правната рамка усвоени се Правилник за верификација на работодавачи за изведување на практична обука („Сл. Весник на РМ“ бр. 31/2008) и Правилник за практична обука („Службен весник на Република Македонија“ бр 31/2008).

До Државниот инспекторат за труд во периодот 2005-2009 година не се доставени претставки со барања за повредени права на дообразование предвидени со закон и колективен договор.

**Член 7§7**

Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на децата и на младинците на заштита, страните-договорнички се обврзуваат да утврдат минимум од три недели за платен годишен одмор на работниците помлади од 18 години.

**Прашање 1**. Ве молиме опишете ја општата законска рамка. Ве молиме прецизирајте ги природата, причините и степенот на кои било реформи.

**Општа законска рамка**

Со членот 137 од Законот за работните односи, е утврдено минималното времетраење на годишниот одмор според кој секој работник има право на годишен одмор од најмалку 20 работни дена. Минималното времетраење на платениот годишен одмор се однесува и на вработените лица под 18 годишна возраст. Годишниот одмор може да се продолжи до 26 работни дена под услови и критериуми утврдени со колективен договор или договор за вработување. Покрај тоа, годишниот одмор може да се продолжи за дополнителни седум работни дена за работник којшто не наполнил 18 години возраст, односно работник кој не наполнил 18 години има право на 20 работни дена одмор (минимално траење на годишен одмор утврден со Закон) и дополнителни 7 дена поради заштита на помлади работници (член 176 од Законот за работните односи).

Согласно со ова со членот 40 од Општиот колективен договор за стопанството на РМ предвидено е дека траењето на годишниот одмор се определува до 26 работни дена, а во зависност од:

- времето поминато во работен однос,
- сложеноста на работите на работното место,
- условите за работа,
- здравствената состојба на работникот и
- работник помлад од 18 години.

Со истата одредба е предвидено дека годишниот одмор може да изнесува и повеќе од 26 работни дена, и тоа за работниците помлади од 18 години.

Работник помлад од 18 години, како и сите останати вработени, согласно член 145 од Законот за работните односи, немаат право на откажување на правото на годишен одмор, односно ништовна е било каква спогодба со која работникот би се откажал од правото на користење на годишен одмор.

**Прашање 2.** Ве молиме наведете ги преземените мерки (административни мерки, програми, акциони планови, проекти итн.) за да се спроведе правната рамка.

### Превземени мерки за да се спроведе законската рамка

Со Законот за работните односи, во делот за прекршочни одредби, односно со членот 264 се предвидуваше глоба во износ од 15,000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на работодавач и 10,000 евра во денарска противвредност за работодавач-физичко лице, ако на работници кои сѐуште не наполниле 18 години возраст не им обезбеди годишен одмор зголемен за седум работни дена. Покрај тоа, беше предвидена и глоба во износ од 7,000 евра и за директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

Согласно мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија на Владата на Република Македонија, беа направени соодветни измени во делот на казнените одредби и во Законот за работните односи (види член 7&1-преземени мерки).

Така, со измените на Законот за работните односи, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 76/2010), односно со членот 265 се предвидува глоба во износ од 3,000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на работодавач-правно лице и 2,000 евра во денарска противвредност за работодавач-физичко лице, ако на работници кои сѐуште не наполниле 18 години возраст не им обезбеди годишен одмор зголемен за седум работни дена. Покрај тоа, предвидена е и глоба во износ од 1,000 евра и за директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

**Прашање 3.** Ве молиме дадете релевантни бројки, статистики или други релевантни информации, доколку има.

### Релевантни бројки, статистики и фактички информации

При редовните надзори, инспекцијата на трудот го контролира користењето на правото на годишен одмор на работниците. Не се констатирани повреди на ова право на работници помлади од 18 год.

**Член 7§8**

Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на децата и на младинците на заштита, страните-договорнички се обврзуваат да забранат вработување на лица помлади од 18 години на ноќна работа, со исклучок на некои работни места утврдени со националните закони или други прописи.

**Прашање 1**. Ве молиме опишете ја општата законска рамка. Ве молиме прецизирајте ги природата, причините и степенот на кои било реформи.

**Општа законска рамка, реформи**

Со Законот за работните односи, односно со членот 175 се забранува работа ноќе на работник којшто сѐуште не наполнил 18 години возраст и тоа помеѓу 22:00 часот и 06:00 часот наредниот ден. По исклучок работник којшто сѐуште не наполнил 18 години возраст може да работи ноќе и тоа само во случај на виша сила и под надзор на полнолетен работник, кога таквата работа трае определено време и истата мора веднаш да се изврши, а нема на располагање полнолетни работници. Во ваков случај постои обврска на лицата коишто работеле да им се обезбеди одмор во наредните три дена.

**Прашање 2.** Ве молиме наведете ги преземените мерки (административни мерки, програми, акциони планови, проекти итн.) за да се спроведе правната рамка.

**Превземени мерки за да се спроведе законската рамка**

Со Законот за работните односи, во делот за прекршочни одредби, односно со членот 264 се предвидуваше глоба во износ од 15,000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на работодавач и 10,000 евра во денарска противвредност за работодавач-физичко лице, ако работник кој не наполнил 18 години возраст работи ноќе меѓу 22:00 и 06:00 часот наредниот ден, ако работи ноќе во случај на виша сила, а притоа не му обезбеди одмор во наредните три дена и не му обезбеди надзор од страна на полнолетен работник. Покрај тоа, беше предвидена и глоба во износ од 7,000 евра и за директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

Согласно мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија на Владата на Република Македонија, беа направени соодветни измени во делот на казнените одредби и во Законот за работните односи (Види член 7&1- преземени мерки).

Така, со измените на Законот за работните односи, (“Службен весник на Република Македонија” бр. 76/2010) односно со членот 265 се

предвидува глоба во износ од 3,000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на работодавач-правно лице и 2,000 евра во денарска противвредност за работодавач-физичко лице, ако работник кој не наполнил 18 години возраст, работи ноќе меѓу 22:00 и 06:00 часот наредниот ден, ако работи ноќе во случај на виша сила, а притоа не му обезбеди одмор во наредните три дена и не му обезбеди надзор од страна на полнолетен работник Покрај тоа, предвидена е и глоба во износ од 1,000 евра и за директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

**Прашање 3.** Ве молиме дадете релевантни бројки, статистики или други релевантни информации, доколку има.

Државниот инспекторат за труд има извршено бројни инспекциски надзори во дејноста угостителско, каде што се среќаваат работници помлади од 18 години, а кои работат и дел од ноќна смена и тоа од 22:00 до 24:00 односно до 01:00 часот. Во овие случаи обезбеден е надзор од повозрасен работник. Кај останатите дејности не се затекнати на работа работници помлади од 18 год на ноќна работа.

| Години | Редовни надзори во угостителство |
|---|---|
| 2005 | 3310 |
| 2006 | 3271 |
| 2007 | 3385 |
| 2008 | 5308 |
| 2009 | 4732 |

Извор: Државен инспекторат за труд

До Државниот инспекторат за труд во периодот 2005-2009 година, во поглед на нарушување на правото на лица помлади од 18 години да не бидат вработувани на ноќна работа, не се пристигнати никакви претставки.

**Член 7§9**

Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на децата и на младинците на заштита, страните-договорнички се обврзуваат да обезбедат, лицата помлади од 18 години, вработени на некои работни места, определени со националните закони или други прописи, да бидат задолжени на редовна лекарска контрола.

**Прашање 1**. Ве молиме опишете ја општата законска рамка. Ве молиме прецизирајте ги природата, причините и степенот на кои било реформи.

**Општа законска рамка, реформи**

Законот за здравствената заштита и Законот за здравственото осигурување обезбедуваат еднаков пристап до здравствените установи почитувајќи го правото на еднаквост на сите граѓани во Република Македонија. Здравствените услуги се обезбедуваат преку три нивоа на здравствена заштита: избран лекар во примарната здравствена заштита (каде се врши избор на лекар во дејностите по општа медицина, медицина на трудот, педијатрија, училишна медицина, гинекологија и општа стоматологија, според местото на живеење, односно на местото на работа), специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита.

Итна медицинска помош осигуреното лице остварува без упат од избраниот лекар, кај најблиската здравствена установа која врши примарна здравствена заштита, односно во здравствена установа која има организирано служба за итна медицинска помош, според местото на живеење, односно според местото каде осигуреното лице се затекнало во времето на потребата од итна медицинска помош.

Право на лекови осигуреното лице остварува врз основа на рецепт за пропишување на лек. Лекови на рецепт пропишува лекар - доктор на медицина, односно стоматологија, кој има статус на избран лекар во примарната здравствена заштита.

На точно одредени категории осигуреници, за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство им припаѓа надоместок на платата.

Овие прописи соодветно и детално ги уредуват и прашањата за превенцијата и лекувањето на устата и забите во примарната здравствена заштита, домашното лекување, патронажната посета, правото на лекување во странство, кога се исцрпени можностите за лекување во здравствените установи во Републиката, кога е упатен на привремена работа во странство и кога привремено престојува во странство и други аспекти од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување кои се обезбедуваат за сите граѓани,

односно осигуреници во Република Македонија, вклучително за вработени лица помлади од 18 години.

Конкретно, прашањето за обезбедување на редовни лекарски прегледи на лицата помлади од 18 години вработени на некои работни места, до 2007 година се уредуваше со Законот за заштита при работа, а од 2007 година со Законот за безбедност и здравје при работа.

Согласно Законот за заштита при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/98) донесен на 18.03.1998 година, поточно согласно член 36 од овој Закон, работодавачот беше должен да го упати работникот на контролен здравствен преглед, кој се врши во одредени периоди утврдени со *Правилникот за постапката за претходните здравствени прегледи и постапката и роковите за вршење на периодични здравствени прегледи на работниците*. Овој Правилник беше е донесен во 1988 година, односно донесен во согласност со претходниот Закон за заштита при работа, а поради сѐопфатноста и доброто уредување на овој Правилник, истиот продолжи да важи и да се применува и до денешен ден, сѐ до донесувањето на новиот правилник кој се очекува наскоро да се објави и да стапи во сила. Согласно овој Правилник, обврска на работодавачот е да ги упати вработените на здравствени прегледи во рок од 12, односно 24 месеци, во зависност од ризиците на работното место.

Законот за заштита при работа се применуваше за сите вработени лица во Република Македонија, без разлика на нивната возраст и се применуваше во сите дејности на приватниот и јавниот сектор.

Со донесување на Законот за безбедност и здравје при работа во 2007 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07), се уредија мерките за безбедност и здравје при работа, обврските на работодавачот и правата и обврските на вработените од областа на безбедноста и здравјето при работа, како и превентивните мерки против професионалните ризици, отстранувањето на ризичните фактори за несреќа, информирање, консултирање, обука на работниците и нивните претставници и нивно учество во планирањето и превземањето на мерки за безбедност и здравје при работа. Овој Закон е потполно усогласен со Рамковната Директива бр.391/89/ЕСС за воведување мерки за поттикнување на подобрувањето на безбедноста и здравјето на работниците на работа.

Одредбите од овој закон се применуваат во сите дејности на јавниот и приватниот сектор, за сите лица осигурени од повреда на работното место или професионалните болести според прописите за пензиското, инвалидското и здравственото осигурување и за сите други лица кои се вклучени во работните процеси, без разлика на нивната возраст.

Согласно член 17 од овој Закон, следењето на здравствената состојба е обврска на работодавачот. Оваа обврска работодавачот ја исполнува со ангажирање на овластена здравствена установа за вршење стручни задачи за здравје при работа. Примарни задачи на овластената здравствена установа (член 20) во зависност од видот на

дејноста која ја врши работодавачот, како и од видот и нивото на ризикот од повреди или нарушување на здравјето при работа се:

- вршење превентивни здравствени прегледи на вработените во согласност со посебни прописи;
- обезбедување на медицински услуги за вработените со професионални болести;
- организирање и обезбедување прва помош на вработените во случај на повреда на работно место или колективна несреќа;
- утврдување и проучување на причините за инвалидност и професионални болести во врска со работењето и повреди при работа, предлагање на соодветни безбедносни мерки и мерки за лекување: учество во извршувањето на соодветна професионална рехабилитација и консултација за изборот на посоодветни работни задачи;
- давање предлози и мерки на работодавачот за заштита на здравјето на вработените кои се изложени на голема опасност од повреда или нарушување на здравјето;
- водење на евиденција и прибирање на податоци за здравјето на вработените во согласност со посебните прописи;
- учество во секоја проценка на ризиците, безбедноста и здравјето на работното место и на работната средина; и
- да ги запознава вработените со ризиците кои се поврзани со нивната работа, нивното работно место и вршење на едукација.

Согласно член 22 од Законот, работодавачот мора да обезбеди здравствени прегледи за вработените најмалку на секои 18 месеци. Видот, начинот и обемот на здравствените прегледи поблиску ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на здравството, во согласност со министерот надлежен за работите од областа на трудот. Актот кој ги пропишува здравствените прегледи на вработените е изготвен и се наоѓа во процедура на објавување во Службен весник на Република Македонија.

Согласно член 39 став 1 од Законот, вработен има право да одбие извршување на работа доколку претдходно не е информиран за сите можни опасности и штетности, или ако работодавачот не го обезбеди пропишаниот здравствен преглед.

**Прашање 2.** Ве молиме наведете ги преземените мерки (административни мерки, програми, акциони планови, проекти итн.) за да се спроведе правната рамка.

**Превземени мерки за да се спроведе законската рамка**

Инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за заштита при работа од 1998 година, го вршеше Државниот инспекторат за труд. Со овој Закон беа пропишани и казнените одредби, така што со парична казна од 100.000 до 150.000 денари се казнуваше работодавачот за прекршок неупатување на работник на периодичен здравствен преглед во пропишаните рокови или без таков преглед го распореди на исто или друго работно место со посебни услови на работа.

Надзорот над спроведувањето на одредбите на Законот за безбедност и здравје при работа од 2007 година го врши Министерството надлежно за работите од областа на трудот, а инспекцискиот надзор во областа на безбедноста и здравјето при работа го врши Државниот иснпекторат за труд. Овој Закон ги пропишува и казнените одредби кои се составени од 3 категории (прва, втора и трета), така што во третата категорија се пропишани највисоки глоби, каде што во истата категорија припаѓа и неизвршувањето на здравствените прегледи на вработените. Така, на работодавачот ќе му се изрече глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за неизвршување на здравствени прегледи на вработените, согласно член 22 од Законот.

Секоја година Владата на Република Македонија донесува 17 Превентивни програми за заштита на населението, финансирани од Буџетот на Република Македонија. Превентивните Програми за заштита на населението се донесени согласно член 32 од основниот Законот за здравствена заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/91).

Програми од интерес за лица помлади од 18 години се Програмата за задолжителна имунизација и Програмата за систематски прегледи, со кои се обезбедува бесплатна вакцинација и систематски прегледи за децата без разлика на здравственото осигурување.

**Програма за систематски прегледи**

Програмата за систематски прегледи на учениците и адолесцентите опфаќа:

- динамично следење на растот, развојот и состоба на исхранетост (нутритивен статус);
- рано откривање на отстапувањето на растот согласно возраста кај децата;

- детекција на состојби на потхранетост и здебелување;
- рана превенција како фактор за намалување на заболувањата и состојбите на ризик кај деца особено во функција на спречување на појава на незаразни заболувања во подоцнежниот период;
- откривање на ризик фактори за одредени заболувања;
- превенција на одредени заболувања;
- дијагностицирање на одредени пореметувања и заболувања со цел навремено да се корегираат и лекуваат истите;
- откривање на штетни навики;
- корегирање на откриени аномалии и недостатоци;
- лекување на утврдени пореметува и заболувања;
- формирање на национална база за здравје и развој за оваа популациона група.

Систематските прегледи ги споведуваат превентивните тимови низ Републиката, во состав на Јавните здравствени установи - Здравствени домови (вкупно 34 здравствени домови). Првиот систематски преглед се врши во прво одделение. Во текот на целото школување континуирано се следи здравствената состојба на учениците. Задолжителни систематски прегледи се вршат и во 3-то, 5-то и 7-мо одделение. Средношколците се опфатени со систематски прегледи во 1-ва и 4-та година (или во 3-та завршна година), и за студентите со започнување на нивното Универзитетско образование во 1-та година на студии.

Содржината на систематскиот преглед зависи од возраста на ученикот. Кај помалите ученици поголемо внимание се обрнува на општата ухранетост и развиеност, откривање на ризик фактори за одредени заболувања, превенција на одредени заболувања, дијагностицирање на одредени заболувања и пореметувања.

Кај повозрасните ученици при систематските прегледи се следат физичките и психичките промени во пубертетот и адолесценцијата, откривање и сузбивање на навиките кои штетно влијаат на здравјето и лошата исхрана, недостаток на физичка активност, болести на зависност (алкохол, пушење, дрога) и сл.

Со целни (насочени) систематски прегледи се следат одделни елементи на физичкиот или психичкиот статус, каде што со оглед на интензивниот развој се очекуваат нагли промени. Целните систематски прегледи се извршуваат во пократки временски интервали, зависно од констатираните претходни состојби.

Систематскиот преглед опфаќа низа медицински постапки со кои се утврдува здравствената состојба, психичкиот и физичкиот развој на ученикот, односно студентот за рано откривање на заболувања или нарушувања како навремено би се презеле потребни мерки за здравствена заштита.

Систематскиот преглед содржи:

1. **Општ лекарски преглед:**
   - мерење на телесната тежина и висина и одредување на ИТМ заради оценка на телесниот раст и општа ухранетост.
   - преглед на кожата;
   - согледување на постоење на деформитети (на `рбетен столб, граден кош, стапала и др.);
   - општ лекарски преглед и преглед по системи (кардиоваскуларен, респираторен, дигестивен, нервен, урогенитален систем);
   - мерење на пулсот и крвниот притисок;
   - испитување на видот, слухот и говорот;
   - оценка на психичкиот развој;
   - земање на податоци во врска со пубертетот кај двата пола и првата менструација (кај ученички и студентки);
   - земање податоци во врска со сексуалната активност на адолесцентите и употребата на контрацептивни средства;
   - земање на податоци за навики и болести на зависност кои штетно влијаат врз здравјето (пушење, конзумација на алкохол, употреба на таблети, лепак и дрога);
   - упатување на лабараториски преглед (крвна слика и урина), а по потреба на радиолошки и друг специјалистички преглед;
   - прибирање на податоци од ученикот, наставниците и психолозите за успехот и однесувањето на ученикот и давање на потребни совети;
   - контрола на извршените вакцинации и ревакцинации и превземање мерки за комплетирање на вакциналниот статус;
   - наодите од систематскиот преглед се евидентираат во здравствениот картон;
   - патолошките наоди се запишуваат во здравствениот картон со преземање на соодветни мерки за санирање и следење на патолошките состојби.

2. **Контролни прегледи.**

Констролните прегледи се извршуваат во пократки временски интервали, зависно од констатираните претходни состојби.

3. **Стоматолошки преглед:**
    - контрола и евиденција на состојбата на забалото (млечни, трајни заби, кариес, екстракција и пломба индекс);
    - деформитети и неправилности во развојот на забите и вилиците;
    - евиденција на констатираната состојба во здравствениот картон.
4. **Лабораториски преглед*:***
    - хемоглобин во крв;
    - албумен и билирубин во урина.

**Програма за задолжителна имунизација**

Согласно Програмата за задолжителна имунизација, задолжителната имунизација се спроведува континуирано, против определени заразни болести, за сите лица на одредена возраст.

Задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса се спроведува против определени заразни болести, за сите лица, по епидемиолошки индикации, сé додека истите траат.

**I Континуирано, имунизацијата** се спроведува против: вирусна жолтица Б (Hepatitis B), туберкулоза (Tuberculosis), заболувања предизвикани од хемофилус инфлуенца тип Б (Хиб), дифтерија (Diphteria), тетанус (tetanus), голема кашлица (Pertusis), детска парализа (Poliomyelitis acuta), мали сипаници (Morbilli), заушки (Parotitis) и црвенка (Rubeola) и заболувања предизвикани од хуман папилома вируси (ХПВ) за сите лица на одредена возраст, според оваа Програма.

**II По епидемиолошки индикации**, задолжителната имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса, се спроведува против: туберкулоза (*Tuberculosis*) - имунизација и хемиопрофилакса; дифтерија (*Diphteria* ) - имунизација; тетанус (*tetanus)* - имунизација и серопрофилакса; детска парализа (*Poliomyelitis acuta* ) - имунизација; мали сипаници (*Morbilli* ) - имунизација; беснило (Lyssa) - имунизација и серопрофилакса; жолта треска (Febris flava) - имунизација; колера (Cholera) хемиопрофилакса; маларија (Malaria) – хемиопрофилакса; цревен тифус (Typhus abdominalis) - имунизација; вирусна жолтица Б (*Hepatitis B* ) - имунизација и серопрофилакса, како и имунопрофилакса и хемиопрофилакса на населението во случај на епидемии и посебни вонредни состојби, за сите лица според оваа Програма.

Задолжителна имунизација против заразните болести од точка **I** како и задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса, против заразните болести од точка **I** и **II**, се спроведува согласно: Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен

весник на Република Македонија„ бр.66/2004 година), Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија„ бр.139/2008 и бр.99/2009), Правилникот за условите и начинот на вршење задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразни болести и за лицата кои подлежат на таа обврска (Службен лист 68/91), како и Одлука број 08-8382/1 од 20.10.2009 на Министерот за здравство за воведување на континуирана имунизација против заболувања предизвикани од хуманите папилома вируси (ХПВ) за девојчиња на 12 годишна возраст со која се превенира појавата на рак на грлото на матката.

## КАЛЕНДАР НА ИМУНИЗАЦИЈА

| Возраст на лица што подлежат на имунизација | Болест против која се врши имунизација | Вакцинација Ревакцинација |
|---|---|---|
| до 24 ч од раѓање, 2 и 6 месеци | Хепатит Б ( 3 дози ) | вакцинирање |
| до 1 година | Туберкулоза (без тестирање) | вакцинирање |
| 3, 4 и 5 месеци* | Хемофилус инфлуенца Б (3 дози) | вакцинирање |
| 4, 5 и 6 месеци | Дифтерија, тетанус, гол. кашлица (3 дози) | вакцинирање |
| 4, 5 1/2 и 7 месеци | Детска парализа (3 дози тритипна орална вакцина) | Вакцинирање |
| 13 месеци | Мали сипаници, рубеола, заушки | Вакцинирање |
| 18 месеци | Хемофилус инфлуенца Б | Ревакцинирање |
| 18 месеци | Дифтерија, тетанус, гол. кашлица | I ревакцинирање |
| 20 месеци | Детска парализа (1 доза) | I ревакцинирање |
| 4 години | Дифтерија, тетанус, гол. кашлица | II ревакцинирање |
| 7 години (II одделение) | Мали сипаници, рубеола, заушки<br>Туберкулоза (со тестирање)<br>Детска парализа (1 доза)<br>Дифтерија, тетанус (1 доза) | Ревакцинирање<br>I ревакцинирање<br>II ревакцинирање<br>III ревакцинирање |
| 12 години , по 2 и 6 месеци од прва доза | ХПВ (3 дози) | Вакцинирање |
| 14 години (VII одделение) | Туберкулоза (со тестирање)<br>Рубеола (само женски деца)<br>Детска парализа (1 доза)<br>Дифтерија, тетанус (1 доза) | I ревакцинирање<br>II ревакцинирање<br>III ревакцинирање<br>IV ревакцинирање |
| 18 години* | Тетанус (1 доза) | V ревакцинирање |

***** или во завршната година на средното образование

Во мај 2010 година донесен е Правилник за имунопрофилакса, хемиопрофилакса, лицата кои подлежат на овие мерки, начинот на изведување и водење на евиденција и документација.

Во однос на кампањите кои се спроведуваат за овие две превентивни програми значајно е да се истакне дека веќе шест години, секоја година во април месец, Светската здравствена организација (СЗО) прогласува "Неделата на имунизација" во која Република

МАкедонија учествува од самото нејзино востановувување, која всушност кај нас претставува празник на имунизацијата при што се организираат теренски имунизација на маргинализирани групи од тешко достапни средини (Роми, бездомници-деца од улица) со цел зголемување на опфатот кај популацијата, а со тоа и спречување на појава на вакцинопревентабилни заболувања, елиминација и ерадикација на поедини заразни болести како стратешки приоритети на СЗО кои ги следи Република Македонија како нејзина членка.

**Листа на стратешки документи во областа на здравството**

| **Усвоени стратегии и акциони планови** | |
|---|---|
| 1. | Здравствена стратегија на Република Македонија (сигурен, ефикасен и правичен здравствен систем) 2020 |
| 2. | Национална стратегијата за дроги на Република Македонија (2006-2012), (2007) |
| 3. | Стратегија за намалување на штетните последици од злоупотреба на алкохол врз здравјето населението во Република Македонија (2008-2012) септември, 2007 |
| 4. | Национална стратегија за унапредување на менталното здравје во Република Македонија (2005-2012), (2005) |
| 5. | Стратегија за лекови на Република Македонија (2001) |
| 6. | Стратегија за контрола на тутунот заради обезбедување и унапредување на заштитата на здравјето на населението (2005-2010), (2006) |
| 7. | Втор Национален акционен план за храна и исхрана |
| 8. | Национална стратегија за здравје, здрава животна и работна средина и безбедност при работа ХЕСМЕ, 2005 |
| 9. | Стратегија за унапредување на оралното здравје кај населението во РМ |
| 10. | Национална стратегија за превенција на оралните заболувања кај децата до 14 години во РМ (2008-2018) со Акционен план |
| 11. | Прирачник за имплементација на Националната стратегија за превенција на оралните заболувања кај децата до 14 години |
| 12. | Акционен план за превенција и рано откривање на рак на дојка |
| 13. | Оперативен план на активности пред и во тек на евентуална пандемија на грип со посебен осврт на птичји грип во Република Македонија (2006) |
| 14. | Национална стратегија за ХИВ/СИДА (2007-2011)<br>(Проект на Министерството за здравство и ГФТАМ) |
| 15. | Национална стратегија за палијативна здравствена заштита (2010) |
| 16. | Стратегија за незаразни болести |
| 17. | Национална стратегија за здравје на млади лица во Република Македонија (2006-2015)<br>(Проект на МЗ и УНИЦЕФ) |
| 18. | Оперативен план на Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност (ревидирана) 2010-2018 година |
| **Стратегии и акциони планови во подготовка** | |
| 19. | Стратегија за контрола на ТБ во Република Македонија (2007-2011)<br>(Проект на Министерството за здравство и ГФТАМ) |

| | |
|---|---|
| 20. | Стратегија за сексуално и репродуктивно здравје |
| 21. | Стратегија за контрола на антимикробна резистенција |
| 22. | Акционен план за превенција и заштита од интерперсонално насилство заради унапредување и заштита на здравјето во здравствените установи за лица со ментална болест (2010-2013) |
| 23. | Акционен план за превенција и заштита од насилство заради унапредување и заштита на здравјето (2010-2012) |
| 24. | Акциски план за заштита на населението од топлотни бранови |
| 25. | Стратегија за климатските промени и здравјето |
| 26. | Национален здравствен еколошки план |
| 27. | Стратегија за безбедно мајчинство |
| **Интерсекторски документи (имплементација на политиката на ЕУ „Здравјето во сите политики„** | |
| 28. | Национален акционен план за заштита на децата (2006-2015), (2006) |
| 29. | Национална стратегија за Ромите во Република Македонија (2005)<br>Декада на Ромите |
| 30. | Национален акционен план за нелегална трговија со луѓе и нелегална миграција во република Македонија, (2004) |
| 31. | Национален здравствено еколошки акционен план, 1999 (НЕХАП), последен пат и ревидиран во 2006 |
| 32. | Локални здравствено –еколошки акциони планови, 1999 (ЛЕАП) |
| **Проекти во рамки на кои се утврдени/утврдуваат стратешки насоки за развој на здравството** | |
| 33. | Проект за реформи во службата за трансфузиона медицина во Република Македонија (техничка поддршка на Владата на Република Франција) |
| 34. | Децентрализацијата во македонскиот здравствен систем<br>(Проект на Министерството за здравство и Светска Банка) |
| 35. | Стратегија за развој на македонскиот интегриран здравствен информатички систем<br>(Проект на Министерството за здравство и Светска Банка) |
| 36. | Здравствена Карта на Република Македонија**<br>(Проект на Министерството за здравство и Светска Банка) |
| 37. | Развој на стратегија за јавно здравје во Република Македонија<br>(Проект на Министерството за здравство и Светска Банка) |
| 38. | Стратегија за перинатална здравствена заштита |
| 39. | Стратегија за организација и финансирање на примарната здравствена заштита (2001) (Проект на Министерството за здравство и Светска Банка) |
| 40. | Стратегија за континуирана медицинска едукација и специјализација по ПЗЗ (2001) (Проект на Министерството за здравство и Светска Банка) |
| 41. | Стратегија за акредитација на докторите во Република Македонија (2002) (Проект на Министерството за здравство и Светска Банка) |
| 42. | Стратегија за континуирана медицинска едукација во примарна здравствена заштита во Република Македонија (2000) (Проект на Министерството за здравство и Светска Банка) |
| 43. | Реформи во здравственото осигурување<br>(Проект на Министерството за здравство и Светска Банка) |
| 44. | Проект за известување и предупредување (АЛЕРТ) – Early warning and rsponce system (EWARNS) (Светската здравствена организација и Министерството за здравство) |

**Прашање 3.** Ве молиме дадете релевантни бројки, статистики или други релевантни информации, доколку има.

## Релевантни бројки, статистики и фактички информации

### Извршени систематски прегледи на ученици во основни училишта во Република Македонија во периодот 2005 - 2009

| Година | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани | Ученици по одделенија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | I одделение | | III одделение | | V одделение | | VII одделение | |
| | | | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани |
| 2005 | 82495 | 80773 | 20296 | 19891 | 20354 | 19877 | 20501 | 20071 | 21344 | 20934 |
| 2006 | 79559 | 77945 | 17810 | 17498 | 19061 | 18721 | 21550 | 21110 | 21138 | 20616 |
| 2007 | 94241 | 92265 | 23479 | 22881 | 23627 | 23081 | 22722 | 22405 | 24413 | 23898 |
| 2008 | 87151 | 85262 | 19144 | 18773 | 18222 | 17845 | 23326 | 22793 | 26459 | 25851 |
| 2009 | 82229 | 80054 | 19011 | 18260 | 24396 | 23971 | 19131 | 18666 | 19691 | 19157 |

Извор: Министерство за здравство на Република Македонија

**Извршени систематски прегледи на ученици во средни училишта во во Република Македонија во периодот 2005 - 2009**

| Година | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани | Ученици по класови | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | I клас | | IV клас | |
| | | | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани |
| 2005 | 35263 | 33527 | 18371 | 17661 | 16892 | 15866 |
| 2006 | 46718 | 45022 | 25408 | 24696 | 21310 | 20326 |
| 2007 | 37088 | 35611 | 21190 | 20641 | 15898 | 14970 |
| 2008 | 35990 | 34422 | 19171 | 18408 | 16819 | 16014 |
| 2009 | 33996 | 32468 | 19014 | 18283 | 14982 | 14185 |

Извор: Министерство за здравство на Република Македонија

**Извршени систематски прегледи на студенти во Република Македонија во периодот 2005 - 2009**

| Година | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани | I година студии | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Вкупно подлежни | Вкупно прегледани |
| 2005 | 11823 | 11803 | 11823 | 11803 |
| 2006 | 11182 | 11172 | 11182 | 11172 |
| 2007 | 25149 | 22328 | 25149 | 22328 |
| 2008 | 14378 | 14328 | 14378 | 14378 |
| 2009 | 16957 | 16863 | 16957 | 16863 |

Извор: Министерство за здравство на Република Македонија

Државниот инспекторат за труд врши надзор над спроведувањето на прописите кои ја уредуваат областа на безбедност и здравје при работа. Во периодот од 2005 до 2009 година, инспекторатот има спроведено бројни инспекциски надзори од оваа област, сепак до 2007 година податоците за извршени редовни и контролни прегледи се заведуваа на интегрален начин.

Со започнувањето на примената на Законот за безбедност и здравје при работа во средината на 2007 година, Државниот инспекторат за труд започна да води евиденција по однос на извршени лекарски прегледи. Така, во 2007 година при извршени вкупно 9760 инспекциски надзори кај работодавачи од сите дејности, од кои 7967 редовни и 1793 контролни надзори, утврдени се 796 недостаци по однос на необезбедување на опрема за прва помош и неизвршување на лекарски прегледи на вработените.

Во 2008 година, инспекторите на труд од областа на безбедност и здравје при работа извршиле вкупно 14924 инспекциски надзори кај работодавачи од сите дејности, од кои 12180 редовни и 2744 контролни надзори и постапиле по 285 барања (претставки) од странки за заштита на права од областа на безбедност и здравје при работа. Притоа, најголем број од утврдените недостатоци се однесувале на задолжителните лекарски прегледи на вработени во овластените здравствени установи од областа на медицина на трудот. Од вкупно 3273 утврдени недостаци по овој основ, 2513 од нив биле отстранети при извршените контролни надзори.

Во 2009 година, инспекторите на труд од областа на безбедност и здравје при работа извршиле вкупно 17991 инспекциски надзори кај работодавачи од сите дејности, од кои 15027 редовни и 2911 контролни надзори и постапиле по 53 барања (претставки) од странки за заштита на права од областа на безбедност и здравје при работа. Притоа, најголем број од утврдените недостатоци се однесувале на задолжителните лекарски прегледи на вработени во овластените здравствени установи од областа на медицина на трудот. Од вкупно 2777 утврдени недостаци по овој основ, 2075 од нив биле отстранети при извршените контролни надзори.

**Член 7§10**

Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на децата и на младинците на заштита, страните-договорнички се обврзуваат да обезбедат посебна заштита од физички и морални опасности на кои се изложени децата и младинците, а особено од оние кои се непосредна или посредна последица на нивната работа.

**Прашање 1**. Ве молиме опишете ја општата законска рамка. Ве молиме прецизирајте ги природата, причините и степенот на кои било реформи.

**Општа законска рамка, реформи**

**Заштита на децата од сите форми на експлоатација**

Со Уставот на Република Македонија (член 42) државата ја гарантира посебната заштита на децата.

Оваа уставна определба за заштитата на децата се операционализира преку постоечката законска регулатива и тоа пред сѐ преку Законот за заштита на децата, но и преку други закони со кои се регулира оваа материја, како што се законите од областа на социјалната заштита, образованието, здравствената заштита, работните односи и сл.

Законот за заштита на децата донесен од Собранието на Република Македонија во 2000 година, кој закон до 2009 година имаше поголем број измени и дополнувања (2003, 2004, 2005, 2008 и 2009 година) е основниот системски закон со кој се уредува системот, организацијата и начинот на обезбедување заштита на децата.

Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите и на државата за планирање на семејството, обезбедување услови и животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата и обврските на државата во создавањето на услови за водење на хумана популациона политика, давање соодветна материјална помош на родителите според можностите на државата за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата (член 2).

Согласно одредбата на членот 9 од Законот се забранува психичко или физичко малтретирање, казнување или друго нечовечко постапување или злоупотреба на децата. Со истиот член се забранува и политичко или верско организирање и дејствување и злоупотреба на децата поради политичко или верско организирање и дејствување. За неспроведување на одредбите од Законот, согласно член 130 следува прекршочна казна. Така, со парична казна од 40,000 до 200,000 денари ќе се казни за прекршок установата за деца, ако: организира политичко

или верско организирање и дејствување и во установата се врши злоупотреба на децата од истите побуди, како и се врши психичко или физичко малтретирање, казнување или друго нечовечко постапување или злоупотреба на децата (член 9). Предвидени се парични казни и за раководното лице во установата за овој прекршок од 10.000 до 40.000 денари, а за вработеното лице во установата, ако телесно казни дете, односно психички го малтретира, со парична казна од 10.000 до 30.000 денари.

Собранието на Република Македонија на 30 јуни 2009 година донесе поголем обем измени и дополнувања на Законот за заштита на децата. Имено, согледувањето на состојбата и системот на заштитата на децата во нашата држава покажа дека на постојниот систем, со кој е уредена заштитата на децата, му е неопходно осовременување во насока на прилагодување кон современите текови во општеството. Осовременувањето на законските решенија се наметна и од определбата за приближување на нашето законодавство кон законодавството на земјите од Европската Унија.

Заради потребата, заштитата на децата воопшто, но и во одделни случаеви во животот, да се подигне на повисоко ниво од сегашното, во законот се вградени поголем дел од определбите од Конвенцијата за правата на детето, други соодветни конвенции, протоколи и документи при што акцент е ставен на детето како субјект, на заштита на правото на живот и развој на детето, заштита на најдобриот интерес на детето, обезбедување на минимум стандард на секое дете под еднакви услови, почитување на правото на детето на слобода, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот како и други социјални права.

Во функција на подигнување на квалитетот на заштитата на децата, вградени се одредби кои произлегуваат од директивата на Советот 2000/43//ЕЗ која се однесува на забрана на дискриминација врз основа на расата или етничкото потекло.

Во измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата во 2009 година со членот 9, се забрануваат сите облици на сексуално искористување и сексуална злоупотреба на децата (детска порнографија, детска проституција), насилно подведување, продажба или трговија со децата, психичко или физичко насилство и малтретирање, казнување или друго нечовечко постапување, сите видови на експлоатација, комерцијално искористување и злоупотреба на децата со кои се кршат основните човекови слободи и права на детето.

Државата и институциите на системот ги преземаат сите мерки за заштита на децата од нелегалната употреба и други форми на злоупотреба на децата во нелегалното производство и трговија со опојни дроги, психотропни супстанции и прекурзори.

Се забранува злоупотреба на децата поради политичко или верско организирање и дејствување.

Се забранува вклучување на малолетни деца во вооружени судири и нивно регрутирање во единици кои изведуваат воени и други дејствија.

Државата и институциите на системот се должни да ги преземат сите потребни мерки за да ги обезбедат правата на детето и за спречување на сите облици на дискриминација и злоупотреба без оглед на местото каде се извршени овие дејствија, тежината, интензитетот и нивното времетраење.

Секој граѓанин е должен да пријави пред надлежен орган каква било форма на дискриминација, злоупотреба и искористување на дете и тоа веднаш по стекнувањето на сознание за настанот.

За неспроведување на одредбите од Законот со истиот во прекршочните одредби се утврдени глоби (член 130 ст.1 ал.1.). Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за установата за деца ако: организира политичко или верско организирање и дејствување и во установата се врши злоупотреба на децата од истите побуди, како и се врши психичко или физичко малтретирање, казнување или друго нечовечко постапување или злоупотреба на децата (член 9). Предвидени се глоби во износ од 500 до 1000 евра во денарска противредност и за раководното лице во установата за овој прекршок и како и за вработеното лице во установата, ако: телесно казни дете, односно психички го малтретира (член 9).

Со истиот член 42 од Уставот на Република Македонија се гарантира и заштита на децата и малолетните лица, односно со ставот 1 од овој член се забранува вработување на лице помладо од 15 години, со ставот 3 се гарантира посебна заштита при работа на малолетни лица, а со ставот 4 не се дозволува вработување на малолетни лица на работни места што се штетни за нивното здравје и моралот.

Законот за работните односи предвидува забрана за вршење на работи кои се сметаат опасни или штетни по здравјето на работниците помлади од 18 години, односно со членот 173 е предвидено дека на работниците кои сé уште не наполниле 18 години возраст работодавачот не смее да им наложи да вршат тешки физички работи, работи кои се вршат под земја или под вода, работи со извори на јонизирачки зрачења и други работи кои можат штетно и со зголемена опасност да влијаат на здравјето, односно здравствениот развој со оглед на нивните психофизички специфичности.

Во рамките на ревизијата на Законот за работните односи согласно ТВИНИНГ ПРОЕКТОТ - Преглед на националното трудово законодавство (види одговор за член 7 став 1) се предлага и измена и дополнување на членот 18 со кој е предвидено работодавачот да обезбеди заштита на младите лица од економска експлоатација и од било каква работа која може да има штетно влијание врз нивната безбедност, здравјето, физичкиот, менталниот, моралниот или социјалниот развој или истата може да го загрози нивното образование.

**Заштита на децата од трговија со луѓе и присилна работа**

Во насока на борбата против трговијата со луѓе, а во согласност со обврските кои произлегуваат од потпишувањето на Конвенцијата од Палермо и нејзините дополнителни протоколи, а особено Протоколот од Палермо за спречување на трговијата со луѓе во Кривичниот законик на Република Македонија во 2002 година („Службен весник на РМ" бр.4/02) се воведе нов член (член 418-а) "Трговија со луѓе" со кој трговијата со луѓе се инкриминира како посебно и сериозно кривично дело.

Во јануари 2008 годна донесен е Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на РМ" бр.7/08), со кој Кривичниот законик е дополнет со ново кривично дело – 418-г "Трговија со малолетно лице". Со овој член се предвидува минимална казна затвор за сторителот во траење од најмалку 8 години, односно 10 години затвор доколку е употребена сила, сериозна закана, доведување во заблуда или друга форма на присилба, заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице (став 2). Исто така пропишана е минимална казна од 8 години затвор за корисникот на сексуалните услуги или друг вид на експлоатација на малолетното лице за кое знае дека е жртва на трговија со луѓе (став 3). Согласноста на малолетното лице е ирелевантна односно не е од значење за постоењето на кривичното дело (став 6). Дополнително во овој член предвидена е конфискација на недвижностите, предметите и превозните средства кои се користени при извршување на делото трговија со малолетно лице.

Во септември 2009 година беше дополнет Кривичниот Законик (Службен весник на Република Македонија бр. 114/09) и во членот 418–г се санкционира секое службено лице кое при вршењето на службата сторило дело поврзано со трговијата со луѓе, со казна затвор од најмалку десет години.

Во Законот за семејство („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08) во 2008 година за прв пат во Република Македонија се поставува прашањето за заштита на деца жртви на трговија со луѓе и во него се додава нова глава V-а – "Старателство над малолетни лица жртви на трговија со луѓе" со шеснаесет нови члена, 177-а, 117-б, 177-в, 177-г, 177-д, 177-ѓ, 177-е, 177-ж, 177-з, 177-ѕ, 177-и, 177-ј, 177-к, 177-л, 177-љ и 177-м. Во нив се предвидува преземање на мерки за заштита на личноста, правата и интересите на детето и поставување на старател.

Во член 177-а се одредува возраста на дете-жртва на трговија со луѓе, односно тоа е малолетно лице до 18 години, кое со или без негова согласност, на било кој начин, станало жртва на трговија со луѓе заради експлоатација. Во случај на несигурност за возраста на жртвата и кога постојат причини да се верува дека таа е дете, се смета дека е дете и додека се чека да се потврди неговата возраст му се изрекуваат мерки на заштита кои што се предвидени за дете-жртва на трговија со луѓе.

Во член 177-б се наведува итноста на постапката од страна на соодветниот и надлежен Центар за социјална работа. Секогаш кога ќе

добие известување од Министерството за внатрешни работи дека е идентификувано малолетно лице-жртва на трговија со луѓе, веднаш презема мерки за заштита на личноста, правата и интересите на детето и го става под старателство. За старател на малолетно лице-жртва на трговија со луѓе се поставува лице кое е обучено за работа со деца-жртви на трговија со луѓе.

Во член 177-в наведени се должностите на Центарот за социјална работа, како што се:

- да соработува со Министерството за внатрешни работи, Јавниот обвинител, старателот, семејството, родителите и други органи, установи, институции и лица кои можат да му помогнат во остварување на најдобриот интерес на детето;
- да направи проценка на подобноста на семејството;
- да го следи однесувањето на детето;
- да дава стручна помош на семејството и детето; и
- да ги презема сите мерки за кои цени дека се во најдобар интерес на детето.

Во наредниот член 177-г наведени се институциите со кои што старателот на детето жртва на трговија треба да соработува во вршењето на своите должности за заштита на личноста, правата и интересите на детето.

Членот 177-д ја одредува должноста на старателот на малолетно лице-жртва на трговија со луѓе да се грижи како родител за личноста, правата и интересите на детето под старателство, а посебно:

- да ја чува тајноста на идентитетот на детето; и
- да ја чува тајноста на идентитетот на семејството.

Старателот на дете-жртва на трговија со луѓе, во заштитата на детето, должен е:

- да му обезбеди на детето здравствена и психо-социјална помош и заштита;
- да го придружува детето до безбедното место на згрижување;
- да обезбеди за детето целосна и навремена правна помош и заштита;
- да извади лични документи за детето;
- да обезбеди детето да ги добие сите информации на својот мајчин јазик;
- да помогне во процесот на пронаоѓањето и враќањето на детето во семејството или враќање во земјата на потекло;
- да преземе мерки за продолжување на образованието;

- да биде во постојан контакт со центарот за социјална работа;
- редовно да доставува извештаи за преземените дејствија; и
- да превземе други мерки за заштита на личноста, правата и интересите на детето, водејќи се секогаш од најдобриот интерес на детето.

Членот 177-ѓ одредува да старателот над дете-жртва на трговија со луѓе, може само со одобрение на надлежниот Центар за социјална работа, покрај работите од член 177-д на овој закон, да:

- го смести детето кај другиот родител, друго лице или во установа;
- го промени местото на престој на детето;
- го врати во матичното семејство;
- го врати во матичната држава;
- обезбеди здравствена и психо-социјална помош; и
- преземе дејствија или да донесе одлуки, кои се од значење за животот, здравјето и личноста на детето.

Членот 177-е одредува дека дете-жртва на трговија со луѓе, по наполнување на 15 години возраст ги има овластувањата утврдени во член 162 од овој закон.

За детето-жртва на трговија со луѓе кое е странец во Република Македонија, во однос на правото на вработување или вршење на самостојна дејност, соодветно се применуваат одредбите од Законот за вработување и работа на странци.

Малолетникот од став 1 и од став 2 на овој член за прашањата кои се однесуваат на изборот на вработување и за секое движење, треба да го извести старателот.

Членот 177-ж предвидува, доколку детето-жртва на трговија со луѓе е државјанин на Република Македонија и неговото семејство живее на територијата на Република Македонија, надлежниот Центар за социјална работа во соработка со Министерството за внатрешни работи, да го пронајде семејството и да направи проценка на подобноста на семејството, со цел за враќање на детето во семејтвото.

Ако детето-жртва на трговија со луѓе е странски државјанин, Центарот за социјална работа, во соработка со надлежните органи, ќе го пронајде семејството и во консултација со надлежните служби на државата чиј државјанин е детето, ќе превземе мерки за заштита на личноста, правата и интересите на детето и детето ќе го подготви за враќање во државата.

Членот 177-з пропишува дека доколку врз основа на проценката од став 1 на член 177-ж, надлежниот центар за социјална работа, оцени дека враќањето на детето во семејството, не го доведува во опасност

здравјето и животот на детето и истото е во најдобар интерес на детето, веднаш ќе го врати детето во семејството.

Ако врз основа на проценката од став 1 на член 177-ж, центарот за социјална работа, оцени дека враќањето на детето во семејството, го загрозува здравјето и животот на детето или на неговото семејство, односно дека враќањето на детето не е во најдобар интерес на детето, ќе најде друго времено сместување.

Ако поради ненаоѓање на семејството, смрт на родителите, вклученост на родителите во кривичното дело трговија со луѓе или од било кои причини, не е можно враќањето на детето во неговото семејство, центарот за социјална работа е должен веднаш да го згрижи детето.

Сместувањето од став 2 и 3 на овој член трае додека се отстранат причините поради кои детето не е вратено во семејството, односно, додека се пронајдат родителите на детето или негови роднини кои ќе сакаат да се грижат за него, или додека се утврди дека родителите не се вмешани во кривичното дело.

По отстранување на причините од став 2 и 3 на овој член, детето веднаш се враќа во семејството.

Согласно Член 177-ѕ надлежниот центар за социјална работа, секогаш кога има сознанија дека постои опасност од вклучување на дете во трговија со луѓе или во друг вид присилна работа, додека се наоѓа во семејството, по службена должност, ќе донесе решение за надзор над вршењето на родителското право во поглед на сите деца или само во поглед на некое од нив.

Центарот за социјална работа, ќе донесе решение за постојан надзор над вршењето на родителското право, по службена должност и во случаите кога детето-жртва на трговија со луѓе е вратено во матичното семејство.

Времетраењето на надзорот над вршењето на родителското право од став 1 и 2 на овој член, ќе трае додека траат причините поради кои истиот е определен, но не подолго од една година.

Според член 177-и центарот за социјална работа, доколку има сознанија дека родителите учествувале во вклучување на детето во трговија со луѓе или во друг вид присилна работа, со решение ќе го одземе детето од родителот или родителите и ќе го довери на чување и воспитание на другиот родител, на друго лице или установа.

Членот 177-ј утврдува дека на родителот кој на било кој начин учествувал во вклучување на детето во трговија со луѓе или во друг вид присилна работа, по прибавено мислење од центарот за социјална работа, му се одзема вршењето на родителското право со решение на судот, во вонпроцесна постапка.

На родителот може да му биде одземено вршењето на родителското право во поглед на сите деца или во поглед на некое од нив.

Согласно Член 177-к старателот на дете-жртва на трговија со луѓе, должен е на центарот за социјална работа, да доставува извештај за својата работа, еднаш неделно, како и тогаш кога тоа тој ќе го побара.

Од извештајот на старателот треба да се види неговата грижа за детето, потребите на детето, преземените дејствија, здравствената состојба на детето, предлози за подобрување на здравствената состојба, доколку тоа е потребно, контактите со другите органи доколку ги имало, проблемите со лицата кои го принудиле детето на ова дело и друго, од што може да се утврди комплетната состојба на детето и неговите потреби.

Согласно Член 177-л, помошта на дете-жртва на трговија со луѓе и на семејството, се дава без оглед на вера, раса, пол, национална припадност или социјално потекло, генетски карактеристики, јазик, религија, психички или физички способности, сексуална ориентација, возраст и др.

Член 177-љ утврдува дека дејствијата кои ги преземаат и помошта која ја даваат центарот за социјална работа и старателот, заради заштита на детето-жртва на трговија со луѓе, секогаш треба да се прилагодени на возраста на детето и неговата зрелост да го сфати значењето на делото и да е во најдобар интерес на детето.

Согласно Член 177-м старателството над дете-жртва на трговија со луѓе, престанува со враќање на детето во семејството, со смрт на старателот, смрт на детето-жртва на трговија со луѓе, по барање на старателот, родителите или по одлука на центарот за социјална работа.

## Заштита на децата од сексуална експлоатација и порнографија

Во врска со заштитата на децата од сите форми на експлоатација и злоупотреба е и Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба. Министерството за правда поведе постапка за пристапување кон ратификација на оваа Конвенција во  март 2010 година. Во моментов (врз основа на Заклучок на Владата на РМ бр. 51-1584/1 од 23.03.2010 година) Министерството за надворешни работи е задолжено да ја спроведе постапката за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба со изготвување на закон за ратификација на истата кој во моментов е во собраниска процедура.

Конвенцијата за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба беше отворена за потпишување на Конференцијата на европските министри за правда, што се одржа во Lanzarote - Шпанија од 25 до 26 октомври 2007 година. Република Македонија ја потпиша Конвенцијата на 26.10.2009 година. До сега вкупно 36 држави ја имаат потпишано Конвенцијата и уште 2 држави ја имаат ратификувано.

Цели на Конвенцијата се: превенција и борба со сексуалната експлоатација и сексуалната злоупотреба на децата; заштита на правата на децата жртви на сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба; промовирање на домашна и меѓународна соработка против сексуалната експлоатација и сексуалната злоупотреба на децата.

Предлогот за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба кореспондира со определбата на Владата на Република Македонија за унапредување и заштита на правата на децата преку хармонизирање на домашното законодавство со меѓународните стандарди во истата област.

Информацијата за поведување на постапка за пристапување кон ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба доби позитивно мислење од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Секретаријатот за законодавство и Секретаријатот за европски прашања.

Оваа Конвенција нема ефект на правата и обврските што произлегуваат од други меѓународни инструменти на кои договорните страни на оваа конвенција се веќе договорни страни и кои содржат одредби за прашања регулирани со оваа Конвенција и кои обезбедуваат поголема заштита и помош за децата жртви на сексуална експлоатација или сексуална злоупотреба.

Оваа Конвенција нема ефект на правата и обврските што произлегуваат од одредбите на Конвенцијата на ОН за правата на детето и факултативниот протокол за трговија со деца, детска проституција и детска порнографија и е наменета да ја зајакне заштитата што им е дадена и да ги развие и дополни стандардите содржани во нив.

Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба кореспондира со определбата на Владата на Република Македонија за унапредување и заштита на правата на децата преку хармонизирање на домашното законодавство со меѓународните стандарди во истата област.

Имено, на 4 јули 2007 година Собранието на Република Македонија го донесе Законот за малолетничка правда (Службен весник број 87/07), кој значи реформа на малолетничкото законодавство, бидејќи во него се вградуваат меѓународните стандарди за правата на децата, се става акцент на превентивните мерки, се вградуваат одредби за заштита на малолетникот жртва во постапките. Формиран е и Државен совет за превенција на малолетничка деликвенција.

Исто така, во рамките на стратегијата за реформа на казненото право, Министерството за правда изработи Предлог на Закон за кривичната постапка, а Собранието на Република Македонија во два наврати (на 4. 01. 2008 година и на 10.09.2009 година) ги усвои предложените измени и дополнувања на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7 од 15.01.2008 година и бр. 114 од 14.09.2009 година). Главна интенција на предложените измени и

дополнувања на Кривичниот законик беше натамошно усогласување со меѓународните стандарди од повеќе области меѓу кои се и тие предвидени во Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба.

Притоа, со измените од 2008 година се дефинираат поимите: „жртва на кривично дело“ и „детска порнографија“. Така, под „жртва на кривично дело„ се подразбира секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено кривично дело. Под дете жртва на кривично дело се подразбира малолетно лице до осумнаесет години. Со ова дополнување истовремено се врши и усогласување на Кривичниот законик со Рамковната одлука на Советот на Евопската Унија од 15 март 2001 година за статусот на жртвите во кривичната постапка, но и со Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица особено жени и деца, согласно кој поимот „дете“ значи секое лице кое е на возраст под осумнаесет години.

Под „детска порнографија“ се подразбира порнографски материјал кој визуелно прикажува очигледни полови дејствија со малолетник, или очигледни полови дејствија со лице кое изгледа како малолетник, или реални слики кои прикажуваат очигледни полови дејствија со малолетник.

Се врши и заострување на казните, така што во членот 188 од Кривичниот законик: „Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години“ во ставот (4) зборовите: „најмалку пет години“ се заменуваат со зборовите: „најмалку десет години или со доживотен затвор“.

Се воведува и ново кривично дело, така што по членот 193 се додава нов наслов и нов член 193-а, кои гласи: „Производство и дистрибуција на детска порнографија преку компјутерски систем“.

Со измените од 2009 година на Кривичниот законик, во согласност со Конвенцијата, во кривичните дела „Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години“ (член 188) и „Обљуба со злоупотреба на положбата“ (член 189) предвидено е задолжително изрекување на забраната за вршење на професија, дејност или должност на лицето осудено на казна затвор од најмалку шест месеци.

Одредбите од кривичното дело „Подведување и овозможување полови дејствија“ (член 192 од Кривичниот закон) се дополнети на начин што е предвидена кривична одговорност на правно лице за сторувањето на делото.

Делото „Прикажување на порнографски материјал на малолетник“ (член 193 од Кривичниот законик) е изменето и дополнето на начин што предвидена е одговорност и за учеството во порнографски претстави. Исто така, инкриминирана е присилбата на малолетно лице за изработка и снимање на слики или други предмети со порнографска содржина или за порнографска претстава, а сторувањето на делото со малолетник кој не наполнил 14 години е квалификуван облик. Воедно, предвидена е кривична одговорност на правните лица, како и одземање на предметите

искористени за извршување на делото или што настанале од извршувањето.

Делото од членот 193а е преименувано како „Производство и дистрибуција на детска порнографија“, а воедно заострени се санкциите и предвидена е одговорност на правните лица. Извршувањето на делото преку компјутерски систем или друго средство за масовна комуникација е квалификуван облик за што е предвидена поостра казна.

Во Деветнаесеттата глава на Кривичниот законик кој содржи дела против половата слобода и половиот морал воведено е ново кривично дело „Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години“ (член 193б). Така, инкриминирани се дејствијата на намамување на малолетник на обљуба или друго полово дејствие или на производство на детска порнографија и ако со таква намера е остварена непосредна средба со малолетник.

**Заштита на деца на улица**

Министерството за труд и социјална политика во насока на сузбивање на појавата “деца на улица” реализира активности и превзема мерки чија крајна цел е социјалното вклучување на деца на улица. Така, со Законот за измени и дополнувања на Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија„ бр.65/2004) за прв пат се воведе правото на дневно згрижување на децата на улица во дневен центар за деца на улица. Во овие дневни центри на овие деца и на членовите на нивните семејства им се обезбедуваат: воспитно-едукативни услуги, советувалишна работа, културно-забавни и рекреативни активности. Стручните чица во центарот за социјална работа преземаат мерки за вклучување на децата во образовниот процес и сите други активности за заштита на правата и интересите на овие деца.

Со новиот Закон за социјалната заштита, донесен во јули 2009 година („Службен весник на Република Македонија” бр.79/09), со член 140 Дневните центри за деца на улица-улични деца се систематизирани како установи за остварување на вонинституционалната заштита.

Досега, Министерството за труд и социјална политика има отворено два дневни центри за деца на улица на територија на Град Скопје, (Кисела Вода во 2005 година и Автокоманда во 2007 година) и еден во општина Битола, во текот на 2010 година.

**Прашање 2.** Ве молиме наведете ги преземените мерки (административни мерки, програми, акциони планови, проекти итн.) за да се спроведе правната рамка.

**Заштита на децата од трговија со луѓе**

Во рамки на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во 2004 година формирана е Подгрупа за борба против трговија со деца. Подгрупата е составена од претставници од: Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование, Заменик Народен правобранител за заштита на детските права, 2 НВО-ии "За среќно детство" и "Отворена Порта" и меѓународни организации: УНИЦЕФ, ОБСЕ, ИОМ и ИЦМПД.

Подгрупата го подготви првиот Акциски планови за борба против трговија со деца за период од 2006-2008, кој Владата на РМ го усвои во март 2006 година. Во 2009 година направена е надворешна евалуација на содржината и формата на Акцискиот план за борба против трговија со деца и врз основа на добиените констатации за реализирање на активностите предвидени во него донесена е одлука за изработка на нов.

Така, подгрупата во 2009 година го подготви вториот Акциски план за борба против трговија со деца во Република Македонија 2009-2012. Овој Акциски план претставува мултидисциплинарна шема на мерки за борба против трговија со деца кој опфаќа: превенција, заштита, рехабилитација - реинтеграција - репатријација, координација на надлежни институции и меѓународна соработка.

Во Министерството за труд и социјална политика во Секторот за еднакви можности од 2005 година функционира канцеларија на Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе (НМУ). Во рамките на своите надлежности кои се однесуваат на превенцијата и заштитата на жртвите на трговија со луѓе координативната Канцеларија на НМУ во соработка со Центрите за социјална работа обезбедува координирана помош и заштита на жртвите на трговија со луѓе особено на жени и деца. Координативната Канцеларија на НМУ, односно двете вработени лица и по двајца обучени социјални работници од 30 Центри за социјална работа (во 30 града на РМ) достапни се 24 часа на мобилни телефони и се во постојана комуникација со полицијата и НВОии и обезбедуваат помош и заштита на жртвите на трговија со луѓе преку:

- првична проценка на потребите на лицата за кои се претпоставува дека се жртви на трговија со луѓе, организација и координација на соодветна помош (интервенција во криза, психосоцијална поддршка и советување, храна, облека, медицинска помош);

- упатување во прифатилиште за жртви на трговија со луѓе, во НВО “Отворена порта” (со која е потпишан меморандум за соработка) или во Прифатниот центар за странци (со кој управува полицијата), враќање во семејството или пронаоѓање на соодветно сместување;
- прибирање на потребна документација за лицата, лични документи, здравствени легитимации и др.;
- координација на заштитата (контакт со семејството, назначување на посебен старател за малолетните лица, проценка на можностите и условите за враќање во семејството);
- информирање на жртвите за нивните права и статус (правна помош, информирање за законските одредби, застапување);
- изготвување и реализација на индивидуална програма за ресоцијализација и реинтеграција на децата жртви на трговија со луѓе.

Министерството за труд и социјална политика во 2007 година изготви генерална Програма за ресоцијализација и реинтеграција на деца жртви на трговија со луѓе. Врз основа на оваа програма социјалните работници развиваат индивидуални програми за секое дете посебно во согласност со неговите индивидуални потреби и способности.

Во програмата предвидени се:

- терапевтски активности и тоа: краткотрајна симптоматска терапија и долготрајна (развојна) терапија;
- активности за остварување на права во областа на здравството, домувањето, правната и социјалната помош, образованието и вработувањето;
- социјално-едукативни активности во кои се предвидени две групи: со детето и со неговата примарна средина (родителите/старателите на детето-жртва на трговија со луѓе, како и “значајни други”) за детето.

Имајќи го во предвид фактот дека за успешна реализација на овие активности потребни се и соодветни просторни и технички услови за работа со жртвите на трговија особено со децата, Министерството за труд и социјална политика во соработка со мисијата на ОБСЕ во Република Македонија и канцеларијата на УНИЦЕФ во текот на 2006 и 2007 година, обезбеди канцелариски мебел и техничка опрема за 19 Центри за социјална работа но и за канцеларијата на Сојузот на организации на социјалните работници на Република Македонија каде функционира и дел од канцеларијата на Националниот механизам за упатување.

Исто така, Министерството за труд и социјална политика континуирано спроведува обуки за зајакнување на капацитетите на сите релевантни институции вклучени во механизмот за упатување на жртви на трговија со луѓе. Во таа насока има спроведено повеќе едукации за социјалните работници, за трудовата инспекција, полицијата, новинари и за невладини организации.

Имено, во 2005 година 58 социјални работници поминаа 2 обуки (една основна обука за борба против трговија со луѓе и специјализирани обуки за работа со жртвите на трговија со луѓе) и работа со деца жртви на трговија).

Во 2006 година 58 социјални работници имаа обука за работа со деца жртви на трговија во која беа вклучени 20 инспектори од МВР (деташирани за борба против трговија со луѓе, инспектори кои работат на проблемот на малолетничката деликвенција и со семејното насилство). Дополнително во 2006 година беа обучени уште 116 социјални работници, 96 лица од стручните тимови, 20 лица од Комисиите за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа и 30 претставници на НВО од различни градови.

Во 2007 година за имплементација на Програмата за ресоцијализација и реинтеграција на деца жртви на трговија со луѓе одржани се три дводневни семинари на кои беа обучени 65 лица од: Центрите за социјална работа, социјалните работници номинирани да работат на оваа проблематика, претставници од МВР на локално ниво како и претставници на НВОии. Дводневен семинар на тема "Улогата на Центарот за социјална работа во превенцијата и заштитата на жртвите на трговија со луѓе" беше спроведен за 27 директори на Центрите за социјална работа. Организирани се основни обуки за борба против трговија со луѓе со цел трудова експлоатација за 67 инспектори од Државниот инспекторат за труд од сите градови на Република Македонија. Реализирани се и два-дводневни семинара за 36 координатори на општинските организации на Црвениот крст од сите градови на РМ со цел нивно вклучување на борбата против трговијата со луѓе.

Во 2008 година одржани се два еднодневни семинари за новинари од електронските и печатените, национални и локални медиуми како и за портпароли од Министерството за внатрешни работи. На семинарите беа присутни претставници од 14 медиуми и 5 портпароли од Министерството за внатрешни работи односно од СВР. На тема: „Борба против трговија со луѓе – помош и поддршка на жртвите на трговија со луѓе„. Одржани се и две дводневни напредни обуки за јакнење на капацитетите на социјалните работници за директна помош и поддршка на жртвите на трговија со луѓе особено на децата, интервенција во криза, психосоцијална поддршка во согласност со меѓународните стандарди за човекови права. Учесници на семинарите беа претставници на Центарот за социјална работа, и тоа номинираниот социјален работник што работи на оваа проблематика и еден претставник-стручен работник од одделението за старателство. На овие семинари учествуваа вкупно 53 лица.

Во 2009 со цел подигање на капацитетите на трудовите инспектори и социјалните работници за идентификација на трговија со луѓе со цел за трудова експлоатација, Министерството за труд и социјална политика во соработка со Државниот инспекторат за труд и Мисијата на ОБСЕ во Скопје реализира обука за техники на идентификација на случаи на трговија со луѓе со цел за трудова експлоатација. На четири обуки беа обучени: 40 трудови инспектори, 42 социјални работници и 12 претставници на НВО-ии. Во соработка со ИОМ, правниот застапник од НМУ во текот на месец ноември и декември 2009 година одржа 8 обуки за техничка асистенција во кои како учесници беа опфатени 274 погранични полицајци.

Министерството за труд и социјална политика, преку канцеларијата на НМУ со поддршка на ОБСЕ во ноември 2007 започна со спроведување на медиумска кампања за подигање на јавната свест за ризиците и опасностите од трговијата со луѓе под мотото **„Едноставно е...„**. Целна група беа младите, ранливите групи (самохрани мајки, жртви на семејно насилство, материјално необезбедени лица, децата) од урбаните и руралните средини, како и граѓаните воопшто. Кампањата опфаќаше изготвување и дистрибуција на печатен материјал, постери, лифлети, маици, налепници и календари. Беше поставен банер на веб страницата на Он.Нет (htt://www.on.net.mk) како линк со веб страницата на МТСП која содржи информации за заштита од трговија со луѓе. Поставени се налепници во кафеаните и баровите со предупредувачка содржина. Изготвен е ТВ спот и истиот се прикажуваше на националната и локалните ТВ станици. Медиумската кампањата заврши во март 2008 година.

Со цел продлабочување на соработката со другите НВОии, потпишување на меморандуми за соработка, реализација на заеднички активности и дизајнирање на понатамошни активности во насока на зајакнување на капацитетите на НВОии, Координативната канцеларија на НМУ изработи анализа за условите и капацитетите на невладините организации кои работат на полето на борбата против трговијата со луѓе во периодот на 2007 година.

Анализата е изработена врз база на структуриран анкетен прашалник. Прашалникот го пополнија 16 Невладини организации кои приближно или целосно се посветени на областа на борбата против трговија со луѓе, посебно со жени и деца. Од НВОии кои го пополниле прашалникот само 5 НВОии не се регистрирани во Регистарот на Министерството за труд и социјална политика. Воедно шест од овие НВОии се членови на Секретаријатот за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. Анализата има за цел да даде една појасна слика за НВОии кои работат на полето на борбата против трговијата со луѓе. Анализата претставува основа за креирање на политики за соработка со граѓанскиот сектор, заедничко дејствување и развивање на програми за нивно зајакнување како многу важна алатка во развојот и остварувањето на човековите права и слободи. Според податоците добиени од прашалникот во делот за организациската структурираност и условите во кои тие функционираат, се идентификува изразена квантитативност на

Собранието како највисок орган на НВО-ција, додека Извршното тело, иако со мал квантитативен капацитет, има изразен влијателен карактер. НВОии немаат доволен број на сопствени простории (особено локалните НВОии), тие најчесто се корисници на просториите - дадени на користење без надокнада и втората формулација дека тие користат изнајмени простории. Во однос на прашањето за техничката опременост и со каков вид на опрема располагаат може да се забележи дека во поголем број на организации постојат основни задоволителни стандарди за работа, со истакнување на потреба од автомобил и камера. Во делот за статусот на лицата вклучени во НВОии и нивото на дејствување е утврдено дека во најголем број лицата не се вработени, а од оние што се ангажирани на проектите се активни волонтери или се хонорарно ангажирани лица. Бројот на хонорарно ангажирани во НВОии се движи од 3 до 5 или над 5 лица. Нивото на дејствување на НВО е во најголем процент на локално со тенденција на опаѓање на дијапазонот на нивното дејствување. Со тоа се утврдува дека на регионално и меѓународно ниво е најслабо или најневлијателно. Типовите на обуки се различни. Тие најчесто се за подигање на јавната свест посебно кај помладата популација но и за зајакнување на капацитетите на институциите кои имаат допирни елементи со проблематиката трговија со луѓе.

Во текот на 2007 година изготвени се Стандардни Оперативни Процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе и истите се усвоени од Владата на Република Македонија. Стандардните Оперативни Процедури (СОП) се воспоставијат со цел обезбедување на помош и заштита на сите жртви на трговија со луѓе преку еден сèопфатен приод заснован врз човековите права на жртвите и истите содржат посебни мерки кои се однесуваат на децата жртви на трговија со луѓе. За имплементација на СОП во 2008 година одржани се повеќе семинари на кои учествуваа претставници од сите владини и невладини институции во Македонија кои се вклучени во борбата против трговијата со луѓе и истите треба да ги применуваат во пракса. На семинарите учествуваа вкупно 100 претставници и тоа од:

- Министерство за внатрешни работи: Сектор за трговија со луѓе и криумчарење на мигранти; Одделение за заштита на сведоци; Сектор за гранични работи и Транзит центарот кој е под негова надлежност; Сектор за меѓународна полициска соработка; и Сектор за Странци;
- Министерство за труд и социјална политика: Национален механизам за упатување; и Центри за социјална работа;
- Судство и Јавно обвинителство;
- Министерство за правда;
- Невладини организации: “Отворена порта” и “За среќно детство”.

Во јуни 2009 година донесен е Закон за социјална заштита (Сл. весник на РМ бр.79/09) во кој е внесена одредба (чл.26 и чл.31) со која се овозможува заштита на лица жртви на трговија со луѓе и формирање на Центар за лица-жртви на трговија со луѓе (член 132).

Во тек се изготвување на подзаконски акти и други интерни документи потребни за основање на овој центар. Изготвен е "Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита Центар за лица-жртви на трговија со луѓе" (Службен весник на РМ бр.100/10 од 23.07.2010 година).

Во насока на продлабочување на борбата против трговијата со луѓе, воедно и со деца, Република Македонија во април 2009 година ја ратификува Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговија со луѓе.

**Заштита на децата од сексуална злоупотреба и педофилија**

Како посебна мерка, Владата на РМ во ноември 2008 година го усвои Акциониот план за превенција и справување со сексуална злоупотреба на деца и педофилија 2009-2012. Овој документ предвидува сет на интересорски и координирани мерки на ниво на превенција, заштита и третман со сексуалната злоупотреба на деца и педофилијата во РМ, како и вклучување на сите релевантни институции и невладини организации на централно и локално ниво. Заради ефективно и координирано спроведување на Акциониот план формирано е Национално координативно тело кое е составено од претставници на сите релевантни министерства и невладини организации.

Следуваат активности, кои се преземаат согласно со наведениот Акционен план:

- спроведување на истражување и анализа на состојбата со сексуалната злоупотреба на деца и педофилијата во Република Македонија кое се реализира со финансиска помош на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Република Македонија,
- отворена е национална СОС линија за пријавување на случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија која функционира и е менаџирана од страна на невладината организација Прва детска амбасада во светот – "Меѓаши".
- одржани се обуки на дел од вработените во Центрите за социјална работа за рано препознавање на децата жртви на сексуална злоупотреба и педофилија како и обуки за новинарите за правилно информирање во случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија;
- во текот на 2009 година беа преземени активности за донесување на Кодекс за новинарите при известување во

случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија. Овој кодекс беше предложен од самите новинари на двете тридневни обуки на новинарите кои се одржаа во јуни/јули 2009 година од страна на Првата детска амбасада во светот Меѓаши, со финансиска подршка на Министерството за труд и социјална политика.

Заради усогласенот во постапувањето на сите надлежни органи и невладини организации кои работат на оваа проблематика во тек е изготвување на Протокол за постапување во случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија, со учество на сите ресорни министерства, институции и невладини организации.

Исто така во тек е објавување на оглас за отворање на интернет страница за пријавување на случаи на сексуална злоупотреба на деца која ќе биде менаџирана од страна на невладина организација, а финансирана од Министерството за труд и социјална политика.

**Заштита на деца на улица**

Министерството за труд и социјална политика во текот на 2009 и 2010 година, во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје и Мисијата на ОБСЕ, реализираше Проект за подобра социјална заштита на децата на улица насловен како "Деца во ризик – разбивање на кругот на социјално исклучување на децата во Македонија", со акцент на децата-Роми.

Целта на овој проект е развивање на сервиси и програми за деца кои живеат и работат на улица и нивните семејства, преку промовирање на нивната социјална инклузија во овие социјални сервиси. Исто така, Проектот допринесе во достигнувањата на целите предвидени со Стратегијата за вклучување на Ромите и Акциониот план донесени од Министерството за труд и социјална политика, за периодот од 2005-2015 година.

Фокусот на овој проект беше поддршка на Владата во развивање и проширување на мрежата на Дневни центри за деца на улица (конкретно за Битола), развивање на стандарди, процедури и методолошки упатства за работа со деца на улица и зајакнување на институционалните и човечки капацитетите на Центрите за социјална работа.

Во рамките на проектот подготвен е Протоколот за постапување со деца на улица помеѓу институциите во Република Македонија. Истиот е тестиран во три општини во Република Македонија, по што следеше негово официјализирање.

Исти така, во соработка со ЈУ Завод за социјални дејности, подготовено е ревидирано методолошко упатство за постапување на стручните работници во Центрите за социјална работа во случаи на деца на улица. (декември 2009 година).

Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, обезбеди комплетно

опремување на Дневен центар за деца на улица во општина Битола кој е отворен во септември 2010 година. Исто така, ја поддржа и работата на мобилните тимови за деца на улица во општините Битола и Прилеп во 2009 година, чија основна задача беше детектирање на децата од улица во овие две општини, нивна идентификација, разговор со семејствата на децата и нивна подготовка за упатување во Дневен центар за деца на улица. Исто така, во рамките на овој Проект развиена е Програма за континуирана обука на вработените кои работат во Дневните центри за деца на улица, за чие развивање ангажиран е меѓународен експерт.

Исто така, во соработка со канцеларијата на УНИЦЕФ се планира отворање на советувалиште за деца и семејства во ризик од семејно насилство. За оваа цел избран е меѓународен консултант кој треба да разработи програма за работа, стандарди и начин на финансирање на ова советувалиште.

Министерството за труд и социјална политика се вклучи во реализација на проектот “Тематски состаноци на Локалните совети за превенција за безбедносните прашања на Ромите“, проект спроведен во периодот април – јули 2010 година. Во фокусот на Проектот се ставени децата на улица, кои се потенцијални жртви на трговија со луѓе, жртви на различни видови злоупотреба (физичка, психичка, сексуална) и истите се многу често изложени на ризик од злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, спроведени во 2010 година. Со Проектот, одржани се средби во 17 општини во Република Македонија, каде проблемот со децата на улица е најголем. На сите состаноци беа присутни Градоначалниците на Општините, претставниците на Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за одбрана, Министерството за правда - Управа за водење на матичната евиденција, Министерството за здравство, Јавно обвинителство, претставници на Здруженија на граѓани и верски организации. Сите од својот домен го анализираат проблемот и даваат предлози за надминување на истиот со што ќе се подобри заштита на децата на улица.

Исто така, во насока на подобра социјална заштита на децата на улица, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија, се реализира проект (април – декември 2010 година), насловен како “Деца на улица и борба против трговија со луѓе“ **.** Целта на Проектот е да се зголемат капацитетите на државните социјални работници во нивните напори за идентификување и помагање на децата на улица и за борбата против трговијата со децата која има за цел трудова експлоатација, преку подготвка на Програма за теренска социјална работа, нејзина промоција и практична примена на терен.

Во насока на обезбедување на изводи од матичната книга на родени, за оние деца кои не се запишани во неа, формирана е оперативна работна група, во која членуваат претставници од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда - Управа за водење на

матичната евиденција, на која се разгледуваат доставените списоци со деца од страна на Центрите за социјална работа и се прават напори за идентификација на овие деца и нивно впишување во матичната книга на евиденција.

**Прашање 3.** Ве молиме дадете релевантни бројки, статистики или други релевантни информации, доколку има.

### Релевантни бројки, статистики и фактички информации

Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе во 2008 година, спроведе телефонска анкета за истражување на информираноста на македонските граѓани за проблемот на трговија со луѓе во Република Македонија. Анкетата беше направена со стандардизиран прашалник на репрезентативен примерок од 1022 испитаници од популацијата во Македонија. Притоа, запазени се демографските податоци на населението како: пол, возраст, образование, етничка припадност, место (рурална или урбана средина) и регион. Најголем дел од испитаниците или 50.9% одговориле дека децата се најризична категорија и најчести жртви на трговија. По нив следуваат жените од 18 до 35 години со 38.9% и жените над 35 годишна возраст кои најчесто се поврзани со принудна работа исто како и мажите. Јавноста беше информирана за резултатите од анкетата од страна на Министерот за труд и социјална политика преку медиумите на јавна дебата.

Во канцеларијата на НМУ за 2007 година евидентирани се 37 случаи на трговија со луѓе на кои работеле социјалните работници. Од нив 30 биле малолетни и тоа: 6 или 16% на возраст од 8 до 14 години, од 15 до 18 години - 24 жртви или 65%, 4 лица или 11% биле на возраст од 19 до 22 години и 8% или 3 жени од 23 до 26 години. Сите се припаднички на женскиот пол. Од вкупниот број на жртви 16 или 43% биле од Ромска национална припадност, Македонска национална припадност биле 10 жртви или 27%. 8 жртви или 22% биле од Албанска национална припадност и 3 жртви (8%) биле од Турска национална припадност. 62% од случаите на жртви на трговија со луѓе доаѓаат од урбаните средини додека 35% од жртвите доаѓаат од руралните средини.

Во 2007 година, 13 лица се упатени во прифатилиштето за жртви на трговија со луѓе, за 4 девојки направена е проценка на семејствата и утврдувани се можностите за нивно враќање во Република Македонија во нивните семејства, 4 девојки имаат добиено директна асистенција и вклучени се во програмата за ресоцијализација и реинтеграција финансиски поддржана од ИОМ. За 7 деца странски државјани сместени во Транзитниот центар за странци назначен е времен старател кој се грижел за нивните интереси се до враќањето во нивните земји.

Во 2008 идентификувани се 11 домашни малолетни жртви на трговија и 3 малолетни странски државјанки. Возрасната граница се движи од 8-17 г. За сите малолетни лица назначен е времен старател.

Правниот советник, во Канцеларијата на националниот механизам за упатување во текот на 2008 година беше назначен како посебен старател, и воедно пред Основниот суд Скопје 1 Скопје застапуваше 9 малолетни жртви на трговија со луѓе. Судските постапки во Основниот суд Скопје 1 Скопје се завршени. Казните на обвинетите се движат од 4 до 7 години затвор и изречени се оштетни побарувања. Обвинетите се задолжуваат да исплатат оштета и да надоместат нематеријална штета во износ од 200.000.00 до 500.000.00 денари.

Во 2009 Канцеларијата на НМУ и надлежните центри за социјална работа имаат постапувано во пружање на помош и поддршка на 8 лица од кои 6 се малолетни и се упатени во прифатилиште за жртви на трговија со луѓе. Исто така во 2009 година Центрите за социјална работа назначија времен старател на 4 малолетни странски лица, кои биле сместени во Прифатниот центар за странци.

Во 2009 година правниот застапник има работено со 2 малолетни жртви за кои се водат судски постапки. Пред истражен судија во Основен суд Скопје 1 Скопје во месец декември 2009 год од страна на правниот застапник на НМУ е застапувана жртва на трговија со луѓе за кривично дело трговија со малолетно лице 418-г став 1 од КЗ на РМ.

Во 2010 година Канцеларијата на НМУ и надлежните центри за социјална работа имаат постапувано во пружање на помош и поддршка на 4 малолетни лица. Во тек се судските постапки во кои правниот застапник од НМУ ги застапува интересите на малолетните лица.

## Член 8
## Правото на работничките на заштита

**Член 8§1**

Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на работничките на заштита, страните-договорнички се обврзуваат да им обезбедат на жените, пред и по породувањето, отсуство од работа во вкупно траење од најмалку 12 недели, било како платено отсуство, било со соодветни надоместоци од социјалното осигурување или надоместоци од јавни фондови.

**Прашање 1**. Ве молиме опишете ја општата законска рамка. Ве молиме прецизирајте ги природата, причините и степенот на кои било реформи.

### Општа законска рамка

Со цел да се обезбеди заштита на мајчинството на жените - работнички пред и по породувањето, со Законот за работни односи, односно со членовите 165, 166, 167, 168 и 170 гарантирана е заштитата на отсуство од работа поради бременост, раѓање и родителство. Покрај тоа се гарантира правото на враќање на работа по отсуство од работа поради бременост, раѓање и родителство, продолжување на отсуството поради бременост, раѓање и родителство, како и користење на отсуството од работа за родителство од страна на татко или посвоител на дете.

Со Законот (член165) е предвидено дека работничката за време на бременост, раѓање и родителство има право на платено отсуство од работа во траење од 9 месеци (или 40 недели).

Законот дава можност овој вид на отсуство, врз основа на наод од надлежен здравствен орган, работничката да започне да го користи 45 дена пред раѓањето, но задолжително 28 дена пред раѓањето. Покрај тоа, ова право се гарантира и на работничка која посвоила дете, и тоа до наполнување на деветмесечна возраст на детето, а доколку посвоила две или повеќе деца, до една година возраст на децата. Исто така, работничка која посвојува дете има право на платено отсуство за времетраење на периодот на адаптација на детето, согласно со прописите за семејство.

Со Законот е дадена можност (член 167) во случаите кога работничката не го користи правото, правото за отсуство од работа поради родителство да го користи таткото или посвоителот на детето.

Со Законот се утврдува можноста за враќање на работа и пред истекот на законски утврдениот период на отсуство. Во овој случај работничката покрај правото на плата, има право и на надоместок на

плата поради бременост и родителство во висина од 50 % од утврдениот износ на надоместокот според прописите на здравствена заштита.

За време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и родителство, отсуство за нега и заштита на детето (член 170 од Законот за работни односи) работничката има право на надоместок на плата. Висината на надоместокот на плата е утврден со Законот за здравствено осигурување (“Службен весник на Република Македонија'' бр.25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005,3 7/2006, 18/2007, 36/200, 82/2008, 98/2008, 06/2009, 67/2009 и 50/2010).

Согласно член 14 од Законот за здравствено осигурување, право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство можат да остварат осигурениците од член 5 став1 точки 1,2,3 на овој закон. Надоместокот од став еден на овој член се исплатува за деновите за кои се остварува плата и во траење утврдено со прописите за работните односи. Со овој закон задолжително се осигуруваат:

- работник во работен однос кај правно лице, самовработено лице, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје;
- државјанин на Република Македонија кој на територијата на Република Македонија е вработен кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва или е во лична служба на странци, доколку со меѓународен договор поинаку не е определено;
- самовработено лице.

Основица за пресметување на надоместокот на плата претставува просечниот месечен износ на исплатената плата на која е платен придонесот за задолжително здравствено осигурување во последните дванаесет месеци пред настанувањето на случајот поради кој се стекнува правото на надоместкот.

Согласно член 17 од истиот закон, за време на отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство жената работничка има право на надомест во висина од 100% од основицата на надместокот на плата утврдена според член 16 на овој закон.

Согласно Законот за здравствено осигурување правото на надоместокот на плата се остварува во рамка на управната постапка, која се поведува по барање до подрачната служба до Фондот за здравствено осигурување на Македонија, кој како првостепен орган одлучува по поднесената жалба, а надлежен за одлучување во втор степен е министерот за здравство. Против конечното решение на министерот за здравство може да се поведе управен спор.

Средствата за остварување на правото на надоместок на плата се исплатуваат на товар на Фондот за здравствено осигурување на

Македонија. Почнувајќи од 01.01.2012 година, средствата ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија преку надлежен орган.

Во рамките на ревизијата на Законот за работните односи согласно ТВИНИНГ ПРОЕКТОТ-Преглед на националното трудово законодавство (види одговор за член 7&1) направени се измени и дополнувања на членот 165 со три нови става. Со истите се предвидува, во случаите кога работничката ќе се породи пред 28 односно пред 45 дена (во случаите на наод од надлежен здравствен орган) родителското отсуство да започне да се користи од денот на раѓањето на детето.

Со измените на Законот, исто така предвидена е обврска работничката на работодавачот да му го најави времето на отпочнување на користењето на отсуството и времето на завршување на истото и тоа 30 дена пред започнување односно пред завршување на користењето на родителското отсуство.

Со измените на Законот утврден е минимален временски период од 45 дена пред истекот на кој работничката не може да се врати на работа.

Со Законот е гарантирано правото на враќање на работникот по истекот на родителското отсуство на истото работно место на коешто работела, а доколку тоа не е можно, работникот треба да се врати на слично работно место.

Во насока на заштитата на мајчинството, согласно Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр.98/2000 и 17/2003), се обезбедуваше правото на помош за опрема на новороденче, т.н. „бебе пакет”, кое како право се обезбедуваше само за првородено дете и се доделуваше во вид на пакет опрема (пакет на производи), како помош и учество во опремувањето на новороденчето. Содржината на пакетот ја утврдуваше Министерот за труд и социјална политика. Со Законот е утврдена висината на помошта за опремување на новороденче, т.е. вредноста на “беби-пакетот” на износ од 25% од просечната плата по вработен во Република Македонија во првата половина од претходната година. Со измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата од 2004 година ова право се обезбедува како паричен надоместок за прво новородено дете, а со измените од 2005 година воведен е материјален цензус (за 2008 година, во зависност од остварениот просечен месечен приход на семејството се исплаќаат од 176,55 до 4060,65 денари).

Државата со цел да го поддржи демографскиот развој на Републиката, донесе Стратегија за демографски развој на Република Македонија согласно која вгради соодветни законски измени во законите и со која се обезбедува финансиска помош, за да се потпомогне порастот на наталитетот а во функција на поддршка на семејството, односно на семејните вредности.

Правото на помош за опрема на новороденче кое се исплаќаше само за првородено дете, а со примена на имотен цензус (согласно измените во Законот за заштита на децата (“Сл. Весник на Република

Македонија” бр.113/05), од 1.01.2009 година, согласно измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата, („Службен весник на Република Македонија” бр.98/08) се остварува како „Еднократна парична помош за новороденче” и се обезбедуваше на семејството за прво, второ и трето новородено дете без примена на материјален цензус, како и за посвоено дете.

Право на користење на еднократна парична помош за новороденче има еден од родителите, државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија за дете родено на територијата на Република Македонија.

Висината на еднократната парична помош за новороденче изнесува 30% од просечната нето плата исплатена по вработен во Република Македонија во претходната година (4.828,40 денари).

Со измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр.83/09) правото на еднократна парична помош за новороденче од 11 јули 2009 година се обезбедува на семејството за прво новородено дете без примена на материјалниот цензус.

Висината на еднократната парична помош за новороденче изнесува 4.829 денари, кој износ се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година, согласно измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата („Сл. Весник на РМ” бр.156/09).

**Прашање 2.** Ве молиме наведете ги преземените мерки (административни мерки, програми, акциони планови, проекти итн.) за да се спроведе правната рамка.

### Превземени мерки за да се спроведе законската рамка

Со Законот за работните односи, во делот за прекршочни одредби, односно со членот 264 беше предвидена глоба во износ од 15,000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на работодавач и 10,000 евра во денарска противвредност за работодавач-физичко лице, доколку не обезбеди право на посебна заштита, односно ако не обезбеди право на отсуство од работа во траење од девет месеци непрекинато, а во случај на раѓање на повеќе деца одеднаш – една година. Истата глоба се однесува и во случај да не се обезбеди отпочнување на отсуството за бременост раѓање и родителство 45 дена пред раѓањето, а задолжително 28 дена пред раѓањето, како и во случај на посвојување на дете до наполнување на девет месечна возраст на детето, односно една година ако се посвоени повеќе деца. Покрај тоа, беше предвидена и глоба во износ од 7,000 евра и за директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

Истите казни се предвидени за работодавач-правно лице, работодавач-физичко лице и директор.

Согласно мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија на Владата на Република Македонија, беа направени соодветни измени во делот на казнените одредби и во Законот за работните односи (види одговор под член 7&1). Така, со измените на Законот за работните односи, ("Службен весник на Република Македонија" бр.76/2010) односно со членот 265 се предвидува глоба во износ од 3,000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на работодавач-правно лице и 2,000 евра во денарска противвредност за работодавач-физичко лице доколку не обезбеди право на посебна заштита согласно Законот за работни односи, односно ако не обезбеди право на отсуство од работа во траење од девет месеци непрекинато, а во случај на раѓање на повеќе деца одеднаш – една година. Истата глоба се однесува и во случај да не се обезбеди отпочнување на отсуството за бременост раѓање и родителство 45 дена пред раѓањето, а задолжително 28 дена пред раѓањето, како и во случај на посвојување на дете до наполнување на девет месечна возраст на детето, односно една година ако се посвоени повеќе деца. Покрај тоа предвидена е и глоба во случај да не се обезбеди отсуство за време на бременост и раѓање ако работничката се породи порано од утврдениот рок, ако не обезбеди прекин и повторно искористување на неискористениот дел од отсуството доколку детето од здравствени причини е задржано на нега и лекување во здравствена установа. Покрај тоа, предвидена е и глоба во износ од 1,000 евра и за директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

**Прашање 3.** Ве молиме дадете релевантни бројки, статистики или други релевантни информации со цел да се прикаже дека нивото на надоместокот за мајчинство е адекватен.

**Релевантни бројки, статистики и фактички информации**

**Надоместоци на плата на родилки**

| Година | Жени што се породиле | Надоместок на плата во % |
|---|---|---|
| 2005 | 22.967 | 100 |
| 2006 | 22.786 | 100 |
| 2007 | 22.903 | 100 |
| 2008 | 23.167 | 100 |
| 2009 | 23.910 | 100 |

Извор:Државен завод за статистика.
Природно движење на населението, 2009.

Висината на надоместокот на плата пресметан врз основа на член 16 од Законот за здравствено осигурување (''Службен весник на Република Македонија'' бр.84/2005, 119/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 06/2009, 67/2009 и 50/2010), не може да биде повисока од износот на две просечни месечни нето плати исплатени во Република Македонија во претходната година, три просечни месечни плати во 2012 година и четири просечни плати по 2012 година.

**<u>Член 8§2</u>**

<u>Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на работничките на заштита, страните-договорнички се обврзуваат да го сметаат дека е незаконски кога работодавецот ќе даде известување за отпуштање од работа на жена за време на нејзиното породилно отсуство или кога ќе и даде известување за отпуштање со отказен рок би истекол за време на тоа отсуство.</u>

**Прашање 1**. Ве молиме опишете ја општата законска рамка. Ве молиме прецизирајте ги природата, причините и степенот на кои било реформи.

**Општа законска рамка**

Заради обезбедување на спроведување на правото на заштита на вработените жени, со Законот за работните односи (член 101) се забранува отказ за време на бременост, раѓање и родителство, како и за време на отсуство поради нега и чување на дете и користење на отсуство од работа од страна на таткото, како и посвоителот на детето.

**Прашање 2.** Ве молиме наведете ги преземените мерки (административни мерки, програми, акциони планови, проекти итн.) за да се спроведе правната рамка.

**Превземени мерки за да се спроведе законската рамка**

Со Законот за работните односи, во делот за прекршочни одредби, односно со членот 264 беше предвидена глоба во износ од 15,000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на работодавач и 10,000 евра во денарска противвредност за работодавач-физичко лице, ако е извршено откажување на договорот за вработување за време на бременост, раѓање и родителство, како и за време на отсуство поради нега и чување на дете и користење на отсуство од работа од страна на таткото, како и посвоителот на детето. Покрај тоа, беше предвидена и глоба во износ од 7,000 евра и за директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

Истите казни се предвидени за работодавач-правно лице, работодавач-физичко лице и директор.

Согласно мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија на Владата на Република Македонија, беа направени соодветни измени во делот на

казнените одредби и во Законот за работните односи (види одговор под член 7&1).

Така, со измените на Законот за работните односи, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 76/2010) односно со членот 265 се предвидува глоба во износ од 3,000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на работодавач-правно лице и 2,000 евра во денарска противвредност за работодавач-физичко лице, ако е извршено откажување на договорот за вработување за време на бременост, раѓање и родителство, како и за време на отсуство поради нега и чување на дете и користење на отсуство од работа од страна на таткото, како и посвоителот на детето. Покрај тоа, предвидена е и глоба во износ од 1,000 евра и за директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

**Прашање 3.** Ве молиме дадете релевантни бројки, статистики или други релевантни информации, доколку има.

### Релевантни бројки, статистики и фактички информации

Министерството за труд и социјална политика писмено се обрати до синдикатите со цел да се добијат податоци за појавите на откажување на договорите за вработување за време на бременост, раѓање и родителство, како и за време на отсуство поради нега и чување на дете и користење на отсуство од работа од страна на таткото, како и посвоителот на детето, при што синдикатите немаат податоци за вакви појави, односно не се пријавени вакви појави.

**Член 8§3**

Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на работничките на заштита, страните-договорнички се обврзуваат да им обезбедат на мајките кои ги дојат своите деца доволни паузи наменети за таа цел.

**Прашање 1**. Ве молиме опишете ја општата законска рамка. Ве молиме прецизирајте ги природата, причините и степенот на кои било реформи.

**Општа законска рамка**

Со членот 171 од Законот за работните односи, на вработената работничка - мајка која дои дете ѝ се обезбедува време за оваа намена и тоа по завршувањето на периодот на отсуство поради бременост, раѓање и родителство и тоа до наполнување на едногодишна возраст на детето. Ова право мајката може да го користи во текот на работното време, во временски период од еден ипол час дневно. Во тој временски период се засметува и дневната пауза.

**Прашање 2.** Ве молиме наведете ги преземените мерки (административни мерки, програми, акциони планови, проекти итн.) за да се спроведе правната рамка.

**Превземени мерки за да се спроведе законската рамка**

Државниот инспекторат за труд при редовните надзори го контролира остварувањето на правото на дневна пауза на жени доилки при што не се констатирани повреди на законот.

**Член 8§4**

Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на работничките на заштита, страните-договорнички се обврзуваат:

а) да го пропишат вработувањето на женската работна рака за ноќни работни места во индустријата;

б) да забранат секое вработување на женска работна рака на подземни работи во рудници, и ако е потребно, на сите работи што не одговараат на оваа работна рака затоа што се опасни, нездрави или претешки.

**Прашање 1**. Ве молиме опишете ја општата законска рамка. Ве молиме прецизирајте ги природата, причините и степенот на кои било реформи.

**Општа законска рамка**

Согласно член 131 од Законот за работните односи, работничка од областа на индустријата и градежништвото не може да се распореди на работа ноќе ако работата во тоа време би оневозможила да оствари одмор од најмалку седум часа во времето меѓу 22:00 часот и 05:00 часот наредниот ден. Ваквата забрана не се однесува на работничка која има посебни овластувања и одговорности или која врши работи на здравствена, социјална и друга заштита на работници. По исклучок, на работничка може да ѝ се определи да работи ноќе кога е неопходно да се продолжи работата прекината од виша сила и кога е потребно да се спречи штетата на суровини или на друг материјал. Работничката може да биде распоредена на работа ноќе и кога тоа го бараат особено сериозни економски, социјални и слични околности под услов работодавачот за воведување на таквата работа да добие согласност од органот на државната управа надлежен за работите на трудот.

Со Законот за работните односи (член 164), со цел да се ограничат негативните ефекти врз здравјето на жените, забранета е ноќна работа и прекувремена работа на работничка за време на бременост и родителство до едногодишна возраст на нејзиното дете. Се дава можност на работничка која има дете од една до три годишна возраст да може да работи ноќе и прекувремено, како и работник-родител кој има дете помладо од 7 години или тешко болно дете, дете со телесен и душевен недостаток и кој живее сам со детето и се грижи за неговото воспитување и заштита, но само во случај по нејзина претходна писмена согласност. Ова право може да го користи и работник-татко на дете кој негува дете во случај на смрт на мајката, напуштање на детето, но врз основа на претходно мислење од надлежна лекарска комисија**.**

Со Законот (член 160) се обезбедува и заштита на работничките од вршење на подземни работи во рудници. Забраната не се однесува

на работничките кои вршат раководни функции, кои мораат поради стручно образование да поминат извесен временски период на пракса на подземни работи и во случаите кога вработените во здравствените или социјалните служби мора да одат на подземни работи во рудник заради вршење на работи кои не се физички.

**Прашање 2.** Ве молиме наведете ги преземените мерки (административни мерки, програми, акциони планови, проекти итн.) за да се спроведе правната рамка.

### Превземени мерки за да се спроведе законската рамка

Државниот инспекторат за труд редовно го контролира работењето на работодавачите во индустријата. Така, во 2005 година извршени се 2148 инспекциски надзори, во 2006 година – 2899, во 2007 – 3177, во 2008 година – 4207 и во 2009 година извршени се 3916 инспекциски надзори во областа на индустријата.

Во индустријата во ноќна смена работат жени во конфекциски погони само во случаи кога треба да се заврши започнатиот процес на работа или поради зголемен обем на работа. За констатирани повреди на Законот во однос на женската работна сила во ноќна смена во индустријата, се превземаат мерки согласно Законот. За констатирани повреди на Законот во поглед на ноќна работа на жени во индустријата, инспекцијата на трудот со решение му наредува на работодавачот да ги отстрани утврдените неправилности. За прекршување на Членот 131 од Законот за работни односи од 2005 година, беше предвидена парична казна од 100,000 до 200,000 денари за работодавач – правно лице и парична казна од 7,000 до 10,000 денари за одговорното лице кај работодавачот. Со измените и дополнувањата на Законот од август 2008 година, за овој прекршок е пропишана глоба од 8,000 евра во денарска противвредност за правното лице и 1,000 евра во денарска противвредност за одговорното лице кај работодавачот. Со измените и дополнувањата на Законот од декември 2008 година, глобата за овој прекршок е зголемена за работодавачот – правното лица на 15,000 евра во денарска противвредност за правното лице, а за одговорното лице кај работодавачот на 7,000 евра во денарска противвредност.

Во 2005 година, Државниот инспекторат за труд во дејноста рударство изврши 33 редовни инспекциски надзори. Во 2006 година, извршени се 36 редовни инспекциски надзори, во 2007 година – 80, во 2008 година – 63, во 2009 – 121 редовен инспекциски надзор. Од овие инспекциски надзори е констатирано дека нема женска работна сила на подземни работи во рудници, освен случаи од чл. 160 став 2 од Законот за работни односи на кои не се однесува оваа забрана.

## Член 17
## Правото на мајките и децата на социјална и материјална заштита

**Член 17**

Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на мајките и децата на социјална и материјална заштита, страните-договорнички ќе ги преземат сите соодветни и потребни за таа цел мерки, вклучувајќи го и воспоставувањето или одржувањето на соодветни институции или служби.

**Прашање 1**. Ве молиме опишете ја општата законска рамка. Ве молиме прецизирајте ги природата, причините и степенот на кои било реформи.

### Општа законска рамка, реформи

Заштитата на децата во Република Македонија, претставува организирана дејност од јавен интерес која се остварува во рамките на Министерството за труд и социјална политика. Појдовните основи за заштитата на децата се содржани во уставните норми во кои е утврдено обезбедувањето на посебна грижа и заштита на семејството и децата (членови 40, 41 и 42 од Уставот на Република Македонија). Овие уставни определби за заштитата на децата се операционализирани преку постоечката законска регулатива и тоа пред сè преку Законот за заштита на децата, но и преку други закони со кои се регулира оваа материја, како што се законите од областа на социјалната заштита, образованието, здравствената заштита, работните односи и сл.

Законот за заштита на децата е основниот системски закон со кој се уредува системот, организацијата и начинот на обезбедување на заштита на децата. Според овој закон, заштитата на децата која беше дефинирана како „организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите и на државата за планирање на семејството, обезбедување услови и животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата и обврските на државата во создавањето на услови за водење на хумана популациона политика, давање соодветна материјална помош на родителите според можностите на државата за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за

заштита на децата" во 2009 година во членот 2 од Законот се интервенираше со прецизирање на дефинирањето на заштитата на децата која е: "организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика."

Со тоа се воведува нов пристап на дефинирање на заштитата на децата со оглед на тоа дека освен државата, се вклучуваат и единиците на локалната самоуправа во системот и организацијата на грижата за заштитата на децата. Овие функции се остваруваат согласно материјалните можности на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата, како и според можностите на државата и локалната самоуправа за организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата.

Во обезбедувањето на заштитата на детето и неговите права се вклучени: родителите, семејството, старателите на детето и згрижувачкото семејство како и установите за деца, образовните, социјалните, здравствените и културните институции и поединци, институциите на државната и локалната власт и јавните организации и други физички и правни лица чии активности се поврзани со давање поддршка и помош на децата.

Заштитата на децата се остварува преку обезбедување на определени права и облици за заштита на децата.

Облици за заштита на децата, согласно Законот се:

- згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст;
- одмор и рекреација на деца; и
- други облици на заштита.

Согласно Законот за заштита на децата, згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст се организира и остварува во јавни и приватни установи за деца - детски градинки. Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца кој како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско - рекреативни, културно - забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 7 години возраст, односно до вклучување во основното образование.

За децата кои не се опфатени со згрижување и воспитание во детската градинка може да се организираат и други скратени вонинституционални форми за згрижување и воспитание согласно со овој закон. Вонинституционалните форми за згрижување и воспитание претставуваат кратки програми во траење од три часа дневно коишто можат да опфатат: игри, игровни активности, креативни работилници, детски работилници од подрачјето на културата и уметноста, спортски активности, наменети за деца на возраст од три години до поаѓање во

основно училиште кои се организираат и изведуваат од јавните детски градинки

Согласно реформите во основното образование донесени од Собранието на Република Македонија во септември месец 2004 година („Сл. Весник на РМ" бр. 65/04) со примена од 1 септември 2005 година, во измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата се утврдија решенија со кои децата на возраст од шест години се опфаќаат како подготвителна година во основното училиште односно во основното образование, кое е задолжително и се донесоа адекватни измени и дополнувања во одредбите на Законот за заштита на децата со тоа што возраста до која во детските градинки се врши дејноста згрижување и воспитание на деца е до 6 години, односно до вклучување во основно образование. Ова ја наметна и потребата од прилагодување на групите согласно овие измени, односно групата над 5 до 7 години се утврдува од 5 до 6 години, односно до поаѓање во основно образование.

Од практичната примена на Законот како и од искуствата на други држави, во Законот се направија и измени и дополнувања во смисла на подобрување на уредувањето на програмите според времетраењето на престојот на децата во градинките, возраста на децата и остварувањето на истите.

Во детската градинка според времетраењето на програмата, се организира:

- целодневен престој;
- полудневен престој;
- скратени програми;
- пилот програми; и
- вонинституционални форми за активности со деца.

Детската градинка може да остварува и програма за продолжен престој за деца според потребите и работното време на корисниците на овие услуги.

Согласно Законот за заштита на децата, јавната детска градинка може да организира и повремено чување на деца во домашни услови кое ќе се изведува од страна на постојниот кадар на градинката, како и од страна на ангажирани надворешни соработници и стручни работници. Исто така е дадена можност на детската градинка да организира одделни услуги од својата дејност и во други просторни услови (основно училиште, болница, дом на култура, месна заедница и други установи, во станот на родителите), како и давање одредени услуги од дејноста на градинката на деца и семејства, согласно со овој закон.

Кога во местото на живеење нема јавна детска градинка, односно детската градинка нема слободни места, а родителите имаат интерес за вклучување во детска градинка на одреден број деца, на детската градинка ѝ е дадена можност одделни услуги од својата дејност, во

согласност со Министерството за труд и социјална политика, да организира во други просторни услови.

Работата во детската градинка се организира во групи, во зависност од возраста на децата, со законски определен број на деца во секоја група:

| | | |
|---|---|---|
| 1) | возраст до 12 месеци | 6 до 8 деца |
| 2) | возраст 12 -18 месеци | 8 до 10 деца |
| 3) | возраст 18 месеци до 2 години | 10 до 12 деца |
| 4) | возраст 2 години до 3 години | 12 до 15 деца |
| 5) | возраст 3 години до 4 години | 15 до 18 деца |
| 6) | возраст 4 години до 5 години | 18 до 20 деца |
| 7) | возраст 5 години до 6 години | 20 до 25 деца |

Во зависност од возраста на децата, постои можност да се формира хетерогена и комбинирана група, а може да се формира и група од деца со пречки во развојот (со умерени пречки во развојот). Исто така, може да се згрижат и деца на возраст од поаѓање во основно училиште до 10 години.

Со цел поддршка на родителите односно мајките, согласно Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08) во основното училиште се реализира проширена програма. Проширената програма опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето и еден час по завршувањето на редовната настава. Исто така, за учениците од прво до трето одделеление, односно од прво до петто одделение се дозволува организирање на продолжен престој.

Со цел подобрување на материјалната состојба на семејствата и имплементација на одредбата за задолжително образование се спроведоа низа мерки: бесплатен превоз, бесплатни учебници, бесплатно сместување и храна за учениците кои учат во место различно од местото на живеење.

Во рамките на Програмата Условен паричен надоместок за ученици во средното образование се овозможи да децата на примателите на социјална помош кои не примаат детски додаток, да примаат условен паричен надоместок мајката или носителот на правото за социјална парична помош во име на детето.

Согласно со одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ” бр.65/04) донесени во пакетот закони за децентрализација од Оперативната програма за децентрализација, се создадоа нормативни услови за пренесување на надлежностите на локално ниво, утврдени со Уставот на Република Македонија и Законот за локалната самоуправа. Согласно со наведените одредби, трансфер на надлежностите во областа на

заштитата на децата требаше да се изврши најдоцна во рок од 90 дена од денот на конституирање на советите на општините и советот на Градот Скопје по спроведувањето на првите наредни локални избори согласно со Законот за локалните избори. Локалните избори се одржаа во март 2005 година.

Со Програмата за развој и остварување на заштитата на децата за 2005 година („Службен весник на Република Македонија" бр.8/05) реализацијата на децентрализацијата во заштитата на децата е утврдена како стратешка активност.

Согласно Програмата за работа на Владата на РМ за 2005 година утврдени со Деталниот план за трансфер на надлежностите, Владата на РМ донесе: Одлука за утврдување на мрежата на јавните установи за деца-детски градинки ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2005) донесена на седница на Владата на РМ одржана на 25.04.2005 година; Одлука за пренесување на основачките права и обврски над постојните јавни установи за деца-детски градинки, на општините и на општините во Градот Скопје и пренесување на правата на сопственост на објектите („Сл. Весник на РМ" бр.51/05), донесена на седница на Владата на РМ одржана на 22.06.2005 година и Уредба за методологија за распределба на наменски дотации на локалните јавни установи за деца-детски градинки по општини („Сл. Весник на РМ" бр.30/05).

Во Република Македонија постои мрежа на јавни установи за деца - детски градинки, утврдена со Одлука на Владата на Република Македонија објавена во Службен весник на Република Македонија број 28/2005, кои од 1 јули 2005 година, согласно одредбите во измените во Законот за заштита на децата донесени септември 2004 година, а со одложна примена во 2005 година согласно Законот со Одлука на Владата на Република Македонија се пренесоа основачките права и обврски и правото на сопственост на општините.

Во Република Македонија постои мрежа од 51 јавна установа за деца - детска градинка, просторно разместени во 40 општини според седиштето на установата со 181 објект во состав. Објектите во кои се организира згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се наоѓаат на подрачјето на 48 општини и во периодот 2005 - 2008 година се со капацитет за престој на 23.439 деца од предучилишна возраст, кој капацитет во 2009 година со основањето на уште една детска градинка како јавна општинска установа од општина Илинден е зголемен за 60 деца (што обезбедува опфат на околу 15% од популацијата деца на оваа возраст - 164.000 деца). Целокупната евиденција на национално ниво за градинките и опфатот на децата се води во Министерството за труд и социјална политика, а податокот за популација на деца од предучилишна возраст е изведен од податоци добиени по барање на МТСП од Државниот завод за статистика.

Од вкупно 84 општини на територијата на Република Македонија основачките права и обврски на 51 јавна установа за деца - детска градинка (ју-дг) од 1 јули 2005 година се пренесени на 40 општини.

Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се остварува во 48 општини и тоа: 40 општини со општински јавни установи за деца - детски градинки (ју-дг), 7 општини со организационен облик - објект во состав на ју-дг чие седиште е на подрачјето на друга општина; 1 општина- во други просторни услови, во состав на ју - дг чие седиште е на подрачје на друга општина

Во 2009 година згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се остварува во 51 општина и тоа 41 општина со општински јавни установи за деца - детски градинки, 7 општини со организационен облик - објект во состав на ју -дг чие седиште е на подрачјето на друга општина; 3 општини - во други просторни услови, во состав на ју - дг чие седиште е на подрачје на друга општина, а со цел зголемување на опфатот на децата од предучилишна возраст во тек се активности за реализација на стратешки определби на државата во соработка со единиците на локалната заедница и ЗЕЛС за основање на нови детски градинки (во тек се изградби на нови детски градинки, реконструкција и доградба на постојните објекти како и адаптација на друг простор за детски градинки односно објекти на детски градинки).

Во покривањето на дел од трошоците за престој на децата во детските градинки партиципира локалната заедница со средства кои по пат на блок или наменски дотации ги обезбедува Буџетот на Република Македонија, а другиот дел од трошоците паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на јавната установа за деца.

Висината на надоместокот што го плаќаат родителите чии деца престојуваат во детска градинка изнесува:

- за целодневен престој 1.490,00 денари

- за полудневен престој
  - за престој со ужинка 599,00 денари
  - престој со комбиниран оброк 806,00 денари
  - престој без ужинка 298,00 денари

- други форми на престој
  - згрижување за 1 час 65,00 денари

Наведените износи на надоместокот што го плаќаат родителите се непроменети од 2004 година.

Месечната цена на чинење за престој на деца во детските градинки, пресметана според нормативи, мерила и критериуми за утврдување на цената на чинење (за март 2004 годинна) изнесува 4.696,61 денар.

Од изнесеното може да се пресмета дека во вкупните трошоци за престој на децата во градинката кои изнесуваат 4.696,61 денар, родителите учествуваат со 1.490,00 денари, а Министерството за труд и социјална политика односно државата со 3.206,60 денари.

Согласно Законот за заштита на децата над извршувањето на стручната работа во детската градинка се врши стручен надзор (член

120 од Законот). Со надзорот на стручната работа се утврдува дали стручната работа за остварување на заштитата на децата е заснована на современи, научни и стручни методи и достигнувања за тој вид на дејност и дали таа се организира на најцелисходен и најефикасен начин. Надзор над стручната работа во остварувањето на згрижувањето, престојот, исхраната како и на мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основото образование, врши Министерството за труд и социјална политика, над остварувањето на образовната работа Министерството за образование и наука, а над здравствената заштита Министерството за здравство.

Министерството за труд и социјална политика преку Републички завод за унапредување на домакинство Скопје врши стручен надзор во детските градинки и тоа согласно склучен договор со Министерството за труд и социјална политика со утврдена динамика за вршење на надзор и давање на стручна помош на кадарот во 9 (девет) детски градинки месечно. За извршениот надзор и констатираната состојба до Министерството за труд и социјална политика редовно доставува Извештај до Владата на Република Македонија.

Согласно со Уставот, Република Македонија обезбедува посебна заштита на децата, а посебно на децата без родители и без родителска грижа. Формите и облиците на заштита се разработени во Законот за семејството преку институтите старателство и посвојување и Законот за социјална заштита преку институционално и вонистуционално згрижување на децата.

Во Законот за семејството е утврдено дека правата и должностите на родителите спрема децата во поглед на нивното подигање, чување, издржување, воспитание и образование, се еднакви без оглед дали децата се родени во брак или надвор од брак.

Согласно со Законот за семејството, посебна заштита се обезбедува на децата без родители и без родителска грижа преку нивно посвојување со цел истите да живеат и растат во природна семејна средина. Оваа година направени се измени и дополнувања на Законот за семејството, со кои се предвиде изборот на посвоител и изборот на членовите на Комисијата за посвојување, да се врши по електронски пат со цел, влијанието на човечкиот фактор во одлучувањето да се сведе на минимум.

Посвојувањето согласно со Законот е тајно. Поаѓајќи од социо-културното ниво на граѓаните и традиционалниот начин на живеење, сметаме дека сѐуште не се создадени услови за измени на одредбите кои се однесуваат на тајноста на посвојувањето. Меѓутоа, тоа не значи дека во поглед на односите помеѓу родителите и децата се прави било каква дискриминација, како и во поглед на остварувањето на правата и обврските на родителите и на децата, без оглед на тоа дали истите се родени во брак, вон брак или се посвоени. Со посвојувањето, согласно

со Законот, се создаваат односи како со раѓање, односно посвоените деца ги имаат сите права како децата родени во брак.

Согласно со членот 40 од Уставот на Република Македонија, предвидена е обврската на државата да обезбедува посебна грижа и заштита на децата без родители и без родителска грижа. Формата на заштита е определена во Законот за семејство (старателство и посвојување) и со Законот за социјална заштита со кој се уредени облиците на заштита на децата без родители и без родителска грижа (институционално или вонинституционално згрижување, парични примања и други облици на социјална заштита).

Изборот на обликот и формата на заштита на детето без родители и без родителска грижа го прави надлежниот центар за социјална работа, во зависност од возраста, потребите и интересите на малолетното дете

Вонинституционалата грижа и заштита се остварува преку сместување во згрижувачки семејства. Оваа форма бележи тендеција на пораст, што може да се забележи од статистичките податоци во последните 5 години (види одговор под прашање бр. 3).

Критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисници кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице се уредени со *Правилникот за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисници кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице* ("Службен весник на Република Македонија" бр.54/10). Пред донесувањето на овој Правилник на сила беше *Правилникот за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисници кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство, видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице, висината на надоместокот на трошоците за сместување и на надоместок за згрижување* ("Службен весник на Република Македонија" бр.63/06). Согласно тој правилник при изборот на згрижувачко семејство се водеше грижа за запазување на следните критериуми: возраста на згрижувачите, степенот на образование, здравствената состојба, моралните подобности, материјалните услови и станбените услови.

Институционалната грижа и заштита на децата без родители и без родителска грижа се остварува во следните установи: ЈУ Дом за доенчиња и мали деца – Битола, каде што се згрижуваат малолетни деца од 0-3 години, ЈУ Детски Дом 11 Октомври- Скопје, каде што се згрижуваат малолетни деца од 3-18 години. Со формирањето на Мал Групен Дом, се разви уште една алтернативна форма на згрижување на деца без родители и без родителска грижа. Малиот Групен Дом е отворен на 20.11.2008 година во Берово каде се згрижени 5 деца без родители и родителска грижа.

Установите за сместување на деца без родители и без родителска грижа и згрижувачките семејства обезбедуваат згрижување (домување, исхрана, облекување, нега и грижа) на децата до обезбедување на услови за нивно враќање, односно до оспособување за самостоен живот и работа, ако не постојат можности згрижувањето да се обезбеди на друг начин.

Надзорот над згрижувањето на децата без родители го врши надлежниот центар за социјална работа, додека странките и секој граѓанин кој е незадоволен од згрижувањето на малолетното дете или има други сознанија за можностите кои ги нудат згрижувачките семејства или установа, има право да изрази жалба или преставка до Министерството за труд и социјална политика. Министерството за труд и социјална политика врши надзор над законитоста на одредбите од Законот за социјална заштита, како и инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи од областа на социјалната заштита над установите за социјална заштита, другите правни и физички лица кои вршат оддредени работи од социјална заштита како професионална дејност.

Заштитата на децата, се остварува преку надлежниот центар за социјална работа, како орган за старателство и орган со јавни овластувања. Центарот за социјална работа во целост ги заштитува правата и интересите на детето секогаш кога тоа го налага потребата за заштита на личноста, правата и интересите на детето. Согласно со Законот за семејството (членови од 84 до 92) центарот за социјална работа врши надзор и над вршењето на родителското право.

Како занемарување или груба злоупотреба на родителско прво се сметаат следните ситуации:

- доколку родителот врши физичко или емоционално насилство над детето;
- доколку родителот го злоставува детето, (врши полов напад над него);
- доколку родителот го присилува на работа која не одговара на неговата возраст;
- доколку родителот дозволува детето да употребува алкохол, дрога или други психотропни супстанци;
- доколку родителот го наведува детето на општествено неприфатливо однесување (на питачење или други асоцијални поведенија, не се грижи за детето и поради тоа детето го напушти школувањето и слично);
- доколку родителот го напушта детето и не се грижи за него; и
- доколку родителот на друг начин ги крши првата на детето.

Надзорот над вршењето на родителското право, центарот за социјална работа го врши преку преземање на следните мерки:

- ги предупредува родителите на недостатоците во воспитанието и развојот на детето и им помага детето правилно да го развиваат и воспитуваат, а може да ги упати тие самите или заедно со детето да посетат соодветно советувалиште или некоја друга здравствена, социјална или воспитна установа која може да им даде потребен совет;
- може да донесе решение за постојан надзор над вршењето на родителското право во поглед на сите деца или само во поглед на некое од нив;
- со решение може да го одземе детето од едниот и да го довери на чување и воспитание на другиот родител, на некое друго лице или на соодветна установа, кога родителите, односно родителот кај кого детето живее го запостави детето во поглед на чувањето и воспитанието или кога постои сериозна опасност за неговиот правилен развој и одгледување;
- може да донесе решение, со кое на родителот кој подолго од три месеца не давал издржување за детето, ќе му го ограничи правото да одржува лични односи и непосредни контакти со детето, се додека не ги изврши обврските спрема детето;
- може да донесе решение со кое на родителот кај кого детето не е доверено на чување и воспитание, ќе му го ограничи правото на одржување на лични односи и контакти со детето, доколку неоправдано повеќе од три пати непрекинато, не го почитувал решението на центарот за социјална работа;
- кога постои оправдано сомнение за злоупотреба, може да бара од родителите да биде известен за начинот на управување со имотот на детето, а може да бара од судот, заради заштита на имотните интереси на детето, да реши, родителите во поглед на управувањето со имотот на детето, да имаат положба на старател.

На родителот кој го злоупотребува вршењето на родителското право или грубо го занемарува вршењето на родителските должности по прибавено мислење од центарот за социјална работа, му се одзема вршењето на родителското право со решение на судот, во вонпроцесна постапка во поглед на сите деца или во поглед на некое од нив. Постапка за одземање на родителското право може да поведе другиот родител, центарот за социјална работа или јавниот обвинител.

Центарот за социјална работа во остварување на својата недлежност на старателски орган е должен да се грижи за детето по неговото сместување во згрижувачкото семејство или установа за социјална заштита. За секое сместено дете се изготвува посебна програма со која се планираат мерките кои треба да се преземат за заштита на детето и како тие да се остварат. Стручниот тим во програмата треба да утврди динамика на следење на случајот со редовни посети на детето во местото на згрижување, остварува контакт

со училиштето за да следи како тече образовниот процес, со матичниот лекар во поглед на здравствената состојба на детето и презема други потребни мерки за следење на развојот и воспитувањето на детето. Кога ќе се утврди дека згрижувачот не се грижи добро за детето или тоа не се чувствува добро, се носи одлука за промена на семејството или се определува друг облик за заштита на детето.

Насилството во семејството, кое се третира како кршење на темелните човекови права се третира преку мерки за превентивно делување и заштита од последиците на семејно насилство во Законот за семејство и Законот за социјална заштита. Соодветна рамка за превентивно делување и целисходен третман на последиците од семејно насилство е регулирана со измените и дополнувањата на Законот за семејство во 2004, 2006 и 2008 година. Со измените и дополнувањата на Законот за социјална заштита од 2004 година и усвојувањето на Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011 во април 2008, се заокружува граѓанско правниот систем на заштита на жртвите од семејно насилство, вклучувајќи ги и децата.

**1. Законот за семејство**

Со овој пропис се утврдува мандат на Центрите за социјална работа за работа со жртви на семејно насилство и постапувањето на судот за изрекување на привремени мерки за заштита.

Центарот за социјална работа секогаш кога има сознанија дека во семејството постои насилство од било каков вид и дека постои сериозна опасност за животот и здравјето на член од семејството, ги презема следниве мерки на заштита:

- обезбедува нужно сместување за лицето-жртва на насилството, кое може да трае најмногу 6 месеци, со можност за продолжување за уште 6 месеци;
- обезбедува соодветна здравствена заштита;
- обезбедува соодветна психо-социјална интервенција и третман;
- ги упатува во соодветно советувалиште;
- доколку во семејството има дете кое е на редовно школување, помага за продолжување на редовното образование;
- го известува органот за прогон;
- дава секаков вид на правна помош и застапување;
- покренува постапка пред надлежниот суд;
- по потреба поднесува барање до судот за изречување на привремена мерка за заштита; и
- презема други мерки за кои ќе оцени дека се неопходни за решавање на проблемот.

Мерките на заштита центарот ги превзема задолжително кога жртва на семејно насилство е малолетно дете или лице со одземена деловна способност.

Сознанијата дека е сторено семејно насилство, Центарот за социјална работа ги добива од граѓани, службени и правни лица, кои се должни без одлагање да достават известување.

**Судска заштита:** Центарот за социјална работа поднесува барање за иницирање на постапка за изречување на привремена мерка за заштита од семејно насилство до надлежниот суд и тоа задолжително за малолетни и деловно неспособни лица, а за полнолетни и деловно способни лица, само со согласност на жртвата на семејното насилство. Центарот за социјална работа кон барањето доставува записник и извештај за превземените дејствија, во кој може да даде и предлог за изречување на привремена мерка. Судот може на сторителот на семејното насилство да му ги изрече следните привремени мерки:

- забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство;
- забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно;
- забрана да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството;
- да одреди отстранување од домот без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од надлежниот суд;
- забрана да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено;
- да го задолжи да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството;
- да изрече задолжително издржување на семејството;
- да нареди тужениот да посетува соодветно советувалиште;
- да нареди задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанци или има некое заболување;
- да го задолжи да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство; и
- да изрече било која друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството;

Пријава за семејно насилство до Центарот за социјална работа може да поднесе брачниот другар, родителите или децата или други

лица што живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, поранешен брачен другар или лица кои се наоѓаат во блиски лични односи кон кои се преземени дејствија на семејно насилство, без оглед дали е поднесена тужба во кривична постапка.

Во поглед на судската одлука за изречените привремени мерки на заштита од семејно насилство центарот за социјална работа ги има следните надлежности:

- го следи извршувањето на изречената мерка и за текот на спроведувањето на мерката го известува судот на негово барање;
- може да поднесе предлог до надлежниот суд за укинување на изречената мерка и пред истекот на рокот за кој е изречена мерката, доколку оцени дека истата ја постигнала целта заради која е изречена;
- може да поднесе предлог за измена на изречената мерка или за нејзино продолжување, доколку оцени дека изречената мерка е несоодветна или дека ќе ги постигне бараните резултати, но дека за тоа е потребно истата да трае подолг временски период.

Во спроведување на заштитните мерки центарот за социјална работа соработува со граѓани, правни лица и организации.

Со Законот е уредена и постапката за изрекување на привремените мерки за заштита од семејното насилство, составот на судот, текот на расправата и правните сретства против одлуката на судот.

Пропишани се и казнени одредби за субјектите за кои со законот е утврдена обврската за задолжително пријавување на семејно насилство до недлежниот центар за социјална работа.

Во 2006 донесени се измени и дополнување на Законот за семејствотото (“Службен весник на РМ” број 33/06), со кои е утврдена конкретна надлежност за поединечни институции (Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и судовите) за извршување на изречени привремени мерки на заштита.

Во 2007 донесен е Правилник за начинот на спроведување и следење на изречените мерки на заштита на семејството и лицата жртви на семејно насилство преземени од центрите за социјална работа и за начинот на следење на привремените мерки изречени од судот (“Службен весник на РМ” број 103/07), заради унифицирање на постапките на сите центри за социјална работа.

Во 2008 донесени се измени и дополнувања на Законот за семејството со кои се врши усогласување на дефиницијата на семејно насилство со Кривичниот законик, дадена е можност на здруженијата на граѓани да обезбедуваат некои од мерките за заштита на жртвите на семејно насилство. Должноста за известување на институциите и органите кои превземаат дејствија на заштита од семејно насилство до надлежниот центар за социјална работа е утврден на 72 часа од

преземањето на дејствието. Воедно со измените се дава дополнителна можност на жртвата освен посредно преку Центарот за социјална работа, сама непосредно да поднесе предлог до судот за изрекување на Привремена мерка за заштита.

**2. Закон за социјална заштита.**

Со измените и дополнувањето на Законот за социјалната заштита во 2004 година (“Службен весник на РМ” број 65/04), како нови форми на вониституционална заштита, помеѓу другите предвиден е и Центар за лица-жртви на семејно насилстви, кој може да биде основан како установа за социјална заштита или како организационен дел на соодветна установа. Центарот за лица - жртви на семејно насилство обезбедува дневно и привремено прифаќање и згрижување на овие лица, кое може да трае најмногу шест месеци со можност за продолжување за уште шест месеци, давање советодавни услуги, услуги во врска со исхрана, дневен престој, згрижување, одржување на хигиена и културно-забавни активности.

Формирани се служби во Центрите за социјална работа за работа со жртви на семејно насилство.

Формирана е мрежа од Засолништа за жртви на семејно насилство во 6 градови: Скопје; Битола; Кочани; Струмица; Охрид и Куманово .

Во системот на социјалната заштита се создаде основа различни субјекти да се јават како даватели на одредени услуги од социјална заштита. За прв пат е дадена можност здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита да се регистрираат во регистар кој го води Министерството за труд и социјална политика, со цел одредени социјални услуги да им се делегираат со делумно финансирање од страна на Министерството. Постапката се спроведува преку објавување на јавен конкурс и потпишување на договор помеѓу избраното здружение на граѓани и Министерството за труд и социјална политика. Од делокругот на работите од социјална заштита, а кои се однесуваат на семејното насилство, на здружение на граѓани може да му се довери обавување на социјална услуга во дневно и привремено прифаќање и згрижување на корисници на социјална заштита во дневен центар за жртви на семејно насилство.

Во новиот текст на Законот за социјална заштита, се предвидува здруженијата на граѓани да можат да ги спроведуваат одредени мерки на заштита на жртвите на семејно насилство, согласно со Законот за семејството.

Министерството за труд и социјална политика во соработка со Организацијата на жените на град Скопје формираше Национална СОС линија за помош на жртвите на семејно насилство, која претставува 24 часовен сервис за информации и помагање на жртвите на семејно насилство, со финансиска поддршка на министерството

За зајакнување на капацитетите на стручните лица кои постапуваат по случај на семејно насилство спроведени се мултисекторски обуки за работа во локалната заедница (опфатени се 300 стручни лица од центрите за социјална работа, здравствени институции, полиција, НВОи, правосудни органи).

**3. Национална стратегија за Семејно насилство**

Во функција на воспоставување сѐопфатен и ефикасен систем за заштита и превенција од семејно насилство во Република Македонија, на Седница на Владата на РМ на ден 15.04.2008 донесена е Национална стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011.

Главна стратешка цел на оваа стратегија е намалување на појавата на семејно насилство и подобрување на квалитетот на заштита со системски мерки во областите/домените на превенција, интервенција, едукација, следење и меѓусекторска координација, заради ефективно и ефикасно делување за справување со семејното насилство со обезбедување на единствен став и пристап.

Основни цели на стратегијата се:

- воспоставување и развивање на мултисекторски координиран пристап во заштитата на жртвите на семејно насилство;
- превенирање на појавата на семејно насилство преку воспитно образовниот процес;
- едукација на професионални структури;
- подобрување на системот за заштита на жртвите на семејно насилство;
- унапредување на граѓанско-правниот систем на заштита;
- унапредување на казнено-правниот систем на заштита;
- воспоставување на систем за евиденција и известување за случаите на семејно насилство, од страна на сите релевантни институции;
- воспоставување на механизми за спроведувањето на стратегијата.

За остварување на секоја од овие цели предвидени се низа конкретни активности кои треба да бидат спроведени согласно зацртаната динамика на истата стратегија во периодот од 2008 до 2011.

Исто така, за спроведување на овие цели предвидени се фискални импликации во износ од 3,000,000 денари за 2008 година и секоја наредна година по 6,000,000 денари, а за дел од активностите предвидена е странска финансиска поддршка.

Со Предлог Проектот на УНДП предвидено е покривање на дел од зацртаните цели во Националната стратегија, а со тоа и помош во унапредувањето на целокупниот систем на заштита од семејно насилство во РМ.

Законот за малолетничка правда беше донесен од Собранието на Република Македонија на 4 јули 2007 година и претставува реформа на малолетничкото законодавство на Република Македонија затоа што во

него се имплементирани меѓународните стандарди за малолетничка правда, а кои се однесуваат на: начело на заштита на малолетникот и неговите права, социјализација и помош во постапувањето со малолетникот, ресторативна правда и превенција на малолетничката деликвенција.

Последна новина во врска со овој закон е Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за малолетничка правда од јуни 2010 кој во моментов е во собраниска процедура. Предлогот на Закон за изменување и дополнување на малолетничка правда содржи 78 члена и се заснова на начела, на кои се заснова Законот за малолетничка правда и тоа:

- начело на остварување на најдобриот интерес на малолетникот;
- социјализација и помош во постапувањето со малолетникот;и
- превенција на малолетничката деликвенција.

Во однос на нормативната рамка заради усогласување со Законот за малолетничка правда донесени се:

- Закон за дополнувања за Законот за Кривична постапка („Службен весник на РМ„ број 67/09);
- Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик („Службен весник на Република Македонија" броеви 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 60/2006, 73/2006, 7/2008 и 139/2008 и 114/09);
- Донесени се и следните позаконски акти кои произлегуваат од Законот:
    - Правилник за условите, постапката и начинот за издавање и одземање на дозволата за извршување на алтернативните мерки;
    - Правилник за видот и условите за извршување на општокорисна работа („Службен весник на Република Македонија„ број 118/08);
    - Правилник за формата и содржината и начинот на водење на регистарот за примена на мерките на помош и заштита на деца и малолетници во ризик; и
    - Правилник за формата и содржината и начинот на водење на регистарот за примени известувања за деца и малолетници во ризик („Службен весник на Република Македонија„ број 136/08);
    - во однос на стандардите изготвен е Водич и стандарди за постапување на стручните тимови со деца во ризик и малолетни сторители на кривични

дела во центрите за социјална работа во Република Македонија;

- заради следење на примената на Законот за малолетничка правда, изработени се регистри во кои центрите за социјална работа ги евидентираат применитe известувања и мерките на помош и заштита спрема децата.

Од страна на Министерството за внатрешни работи извршена е анализа за периодот на примената на Законот за малолетничка правда од 30.06.2009 - 31.10.2009 година и истата го покажува следното:

- постапувано е во голем број на случаи каде сторители на кривични дела се малолетници, малолетници жртви на сторени кривични дела и малолетници сторители на прекршоци и
- од Основното јавно обвинителство во Скопје до секторите за внатрешни работи и полициските станици добиени се препораки при сите службени разговори со деца и малолетници да се почитуваат одредбите од Законот за малолетничка правда, при што задолжително да биде присутен адвокат, по потреба службено лице од центрите за социјална работа и едуциран полициски службеник.

Што се однесува до потешкотиите и финансиските импликации со кои се соочуваат центрите за социјална работа во примената на Законот за малолетничка правда, постојаните контакти со стручните тимови на центрите за социјална работа како и од обработените податоци од постапувањата, општа е оценката дека Законот се спроведува.

Воочени се одредени слабости и потешкотии во постапувањето кои доминантно се лоцираат во потреба од законско доуредување на одредбите од Законот за малолетничка правда кои се однесуваат на наплата на средствата за пружената правна помош спрема детето и малолетникот во постапувањето на адвокатите пред центрите за социјална работа и Министерството за внатрешни работи.

Во однос на актуелната состојба со примената на правото на детето и малолетникот на правна помош пред центрите за социјална работа, согласно член 19 став 4 од Законот за малолетничка правда, правната помош за детето, односно помладиот или постариот малолетник во ризик е бесплатна.

Исто така, согласно член 109 став 2 од овој закон: "За секое лишување од слобода на малолетник под условите предвидени во Законот за кривичната постапка, овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи се должни веднаш да го известат надлежниот јавен обвинител, судијата за малолетници, односно истражниот судија, родителите, бранителот определен од малолетникот или неговите родители и центарот за социјална работа. Ако

малолетникот или неговите родители не можат да земат бранител, службените лица на Министерството за внатрешни работи ќе повикаат бранител од листата на адвокати доставена од Адвокатската комора. "

Согледувањата од центрите за социјална работа и Министерството за внатрешни работи во практичната примена на овие законски решенија го покажуваат следното: Дел од адвокатите не одговараат на поканата на центрите за социјална работа за учество во постапка, заради нерегулирање на плаќањето на нивните услуги, што индиректно влијае на отежнато запазување на рокот за постапување од 7 дена и констатирано е невоедначено тарифирање на услугите од страна на адвокатите.

Предлозите за надминување на состојбата со кои се соочуваат надлежните институции во спроведувањето на Законот за малолетничка правда, исто така упатуваат на потреба од: градење и јакнење на меѓуресорската соработка помеѓу надлежните министерства и институции, кадровско доекипирање на центрите за социјална работа и создавање на технички услови за извршување на алтернативните мерки, јакнење на буџетските средства за спроведување на Акциониот план за малолетничка правда, согласно препораките од Европската Комисија за понатамошно усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската Унија и градење на соодветни ресурси за поддршка на имплементацијата на локално ниво преку формирање на општинските совети за превенција на малолетничко престапништво.

Владата на Република Македонија на 149-тата седница ја усвои Информацијата за првичните согледувања од примената на Законот за малолетничка правда. Едновремено, усвојувајќи ја Информацијата Владата донесе заклучоци со кои го задолжува Министерството за правда во соработка со Министерството за локална самоуправа и Заедницата на единиците на локална самоуправа, да ги преземат потребните мерки за конституирање на општински совети за превенција на малолетничкото престапништво. Исто така, Министерството за правда во рамките на сопствените буџетски средства обезбеди средства во висина од 600.000,00 денари за остварување на Програмата на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво за 2010 година.

Имајќи ги предвид овие првични согледувања од примената на Законот со предлозите за нивно надминување, Министерството за правда формира Работна група за изготвување на измени и дополнувања на Законот за малолетничка правда во чија работа учествуваа: експерти, судии, јавни обвинители, претставници од Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика, Адвокатската комора на РМ, Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво, ЈУ Завод за социјални дејности и УНИЦЕФ.

Притоа, во рамките на процесот на подготовка на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за малолетничка

правда, Работната група ги зеде предвид искуствата во примената на Законот за малолетничка правда од страна на центрите за социјална работа, судовите, јавните обвинителства како и Министерството за внатрешни работи.

Овие согледувања ги детерминираат и причините за донесување на Законот кои покрај горе посочените, тие особено се однесуваат на следното:

Центрите за социјална работа упатуваат дека пружањето на правната помош на детето од адвокат заради заштита на нивните права и интереси во постапката пред центрите за социјална работа уредена во членовите од 18 до 26 од Законот за малолетничка правда, треба да се лимитира само во случаи кога постои висок ризик, а кој го оценува центарот за социјална работа. Ова од причина што заштитата на правата и интересите на детето и малолетникот е во надлежност на центрите за социјална работа и истата е уредена со Законот за социјална заштита (Службен весник на Република Македонија" бр.79/2009 година). Имено, центрите вршат работи од социјалната заштита и при спроведувањето на социјалната заштита, како и стручната работа, центарот меѓу другите надлежности уредени со Законот открива, следи и проучува социјални појави и проблеми, врши непосреден увид заради утврдување на фактичката состојба на лицето или семејството, изготвува планови и програми за социјална заштита и применува и спроведува соодветни облици и форми на социјална заштита и непосредно помага на граѓанин или семејство. Центрите, исто така, поттикнуваат и преземаат превентивни дејствија во спречување и отстранување на причините за настанување на положба од социјален ризик. Со мерките и активностите на социјална превенција се спречува настанување на социјални ризици, се врши рано откривање и ран третман на граѓанинот изложен на социјален ризик, со цел надминување или ублажување на штетните последици од изложеноста на социјален ризик. За остварување на социјалната превенција, се преземаат мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на луѓе, особено преку едукативно-советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита. Согласно член 136 од овој закон во остварувањето на функциите утврдени со овој закон и со другите прописи центарот работи со граѓанин (дете, адолесцент, возрасно лице) семејство и група на граѓани. Работејќи со граѓанинот и семејството, центарот помага во разрешувањето на животните тешкотии и проблеми во индивидуалното живеење, партнерските односи, предбрачните и брачните односи, односите родители и деца, укажува помош на семејството во остварувањето на неговата заштитна, воспитна и репродуктивна функција, поттикнува сакано и одговорно родителство и планирање на семејството, заштита на лица-жртви на семејно насилство и жртви на трговија со луѓе, дава други советодавни и советувалишни услуги за прашања од значење за развојот и социјализацијата на личноста и остварувањето и унапредувањето на односите во семејството.

Со цел подобрување на меѓу-ресорската соработка и координација во постапувањето со децата во ризик и малолетници сторители на кривични дела и прекршоци:

- Министерство за труд и социјална политика достави укажување до центрите за социјална работа, при што се задолжуваат да организираат редовни средби на месечно ниво со претставниците на сите државни органи на локално ниво надлежни да постапуваат во спроведувањето на Законот: центрите за социјална работа, Министерството за внатрешни работи, основните јавни обвинителства и основните судови;
- одржани се средби со претставниците на надлежните органи на Министерството за внатрешни работи на ниво на Град Скопје, Основното јавно обвинителство, Основниот Суд Скопје I и претставници на Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа на град Скопје;
- одржана е средба со стручните тимови од седум центри за социјална работа и две јавни установи за социјална заштита со цел да се евалуира спроведувањето на програмата за групна работа со родителите на децата; и
- одржана е работна средба со стручните работници од 30 центри за социјална работа со цел воедначено водење на Регистарот за примени известувања за деца и малолетници во ризик.

До сега во центрите за социјална работа во Република Македонија се применети следните мерки на помош и заштита :

- прва социјална услуга;
- помош на поединец;
- помош на семејство;
- увид во домот;
- социјална превенција (едукативно-советувалишна работа, развивање на форми на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и без надоместок);
- советодавна и советувалишна работа;
- психосоцијална и педагошка интервенција;
- обезбедување на соодветна здравствена заштита;
- интервенции во здравство (упатување во завод за ментално здравје, упатување на лекување);
- упатување во соодветно советувалиште (упатување во советувалиште за превенција од droги);

- предупредување на родителите на недостатоците во воспитание и развој на детето;
- помош на родителите преку групна работа;
- помош во надминување на нарушените семејни односи;
- надзор над родителско право;
- продолжување на вршење на родителското право;
- ставање под старателство;
- сместување во згрижувачко семејство на дете со воспитно-социјални проблеми;
- помош за продолжување на редовното или вонредното школување;
- интервенција во училиште ;
- реализирана постапка за посредување и порамнување ;
- преземање на други мерки за кои се оценило дека се неопходни за решавање на проблемот;
- упатување во воспитно-едукативна установа;
- помош во ресоцијализација;
- помош при оспособување за работа;
- еднократна парична помош;
- помош на семејство во вадење на соодветна документација;
- соработка со НВОи; и
- други облици на помош и заштита.

Една од новините во Законот за малолетничка правда е и постапката за посредување и порамнување, со која им е дадена можност на центрите за социјална работа да ја применат кон децата и малолетниците во ризик сторители на кривични дела или прекршоци, во делот на превенција.

Оваа постапка од стапувањето на сила на Законот за малолетничка правда е применета во два центри за социјална работа и тоа :

- во ЈУ МЦСР Штип - успешно е реализирана, со постигната спогодба помеѓу малолетното лице и оштетениот и
- во ЈУ МЦСР Св. Николе - е реализирана во законски определениот рок, но не е постигната спогодба.

Исто така, центрите за социјална работа, укажуваат дека во пракса родителите не соработуваат со центрите за социјална работа во прифаќање и спроведување на програмата за мерки и активности заради отстранување на причините за однесувањето на детето односно

малолетникот и состојбата на ризик, а согласно член 21 и 22 од Законот за малолетничка правда. Од тие причини со Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за малолетничка правда се воведува механизам кој ќе биде во функција на нивно мотивирање за спроведување на оваа активност.

Основното јавно обвинителство во Скопје укажа на потребата од измена на Законот за малолетничка правда, во делот за примената на мерки на помош и заштита, со цел да се отстранат неправилностите по однос на квалификацијата на кривичното дело за која единствено Јавниот обвинител е задолжен да ја одредува.

Исто така, Работната група ценеше дека називот на воспитната мерка упатување во дисциплински центар за малолетници е анахрон и несоодветен со современите трендови особено што оваа воспитна мерка судот ја изрекува кога е потребно со соодветни краткотрајни мерки да се изврши влијание врз личноста и поведението на малолетникот.

Одредбите во членовите од 72 до 78 од Законот за малолетничка правда со кои се уредува медијацијата беше потребно да се усогласат со Законот за медијација ("Службен весник на Република Македонија" број 138/09).

Одредбите од Законот за малолетничка правда во член 109, со кои се уредува задржувањето и лишувањето од слободата на малолетник беше потребно да се усогласат со соодветните одредби на Законот за полиција ("Службен Весник на Република Македонија" број 14/06).

Во Законот за малолетничка правда потребно е уредување на: условите за престанок на мандатот за член на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво како и правото на надомест за членовите на Советот.

Врз основа на горе изнесеното, предложените измени и дополнувања се во функција на поефикасна примена на Законот за малолетничка правда а со тоа и остварување на најдобриот интерес на детето, како основно начело на Конвенцијата за правото на детето.

Едновремено, на 27 и 28 мај, 2010 година, Министерот за труд и социјална политика, Џељаљ Бајрами, ја предводеше делегацијата на Република Македонија на 54-та сесија на Комитетот за правата на детето, која што се одржа во Женева. На сесијата се разгледуваше Вториот периодичен извештај на Република Македонија за исполнувањето на обврските од Конвенцијата за правата на детето и иницијалните извештаи за факултативните протоколи на Конвенцијата. Имено, по пристапувањето и ратификацијата од страна на Република Македонија на Конвенцијата за правата на детето во 1993 година, потоа на Факултативниот протокол за трговија со деца, детска проституција и детка порнографија во 2003 година, и на Факултативниот протокол за инволвираност на деца во вооружени конфликти во 2004 година, одредбите на овие правно обврзувачки документи се вградени во домашното законодавство.

Соодветно на начелата во нив е извршено и прилагодување на законските прописи на Република Македонија коишто ги регулираат

правата на децата. Во прелиминарните заклучоци, претставниците на Комитетот за правата на детето истакнаа дека Законот за малолетничка правда ги содржи меѓународните стандарди за правата на детето, но потребни се натамошни активности да се унапреди процесот на негово спроведување.

Согласно Законот за малолетничка правда ("Службен весник на РМ" бр.87/2007), спрема малолетник кој во време на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок, не наполнил 14 години не може да се примени санкција предвидена со овој закон. Спрема овој малолетник се применуваат мерки на помош и заштита.

Мерките на помош и заштита определени со овој закон можат да се применат и на помлад и постар малолетник.

За дејствие што со закон е определено како кривично дело или прекршок сторени од малолетници, сообразно се применуваат одредбите од Кривичниот законик, како и одредбите од Законот за прекршоците и други закони во кои се пропишани прекршоци.

Посебните одредби што важат за малолетните сторители на кривични дела се применуваат под условите предвидени во одредбите во Законот за малолетничка правда и врз полнолетни лица кога им се суди за кривични дела што ги сториле како малолетници, а по исклучок и врз лица што сториле кривично дело како помлади полнолетници.

На помлад малолетник за дејствие што со закон е определено како кривично дело можат да му се изречат само воспитни мерки.

На постар малолетник за дејствие што со закон е определено како кривично дело можат да му се изречат воспитни мерки, а по исклучок може да му се изрече казна или алтернативна мерка.

Постар малолетник може да биде ослободен од казна под општите услови определени со Кривичниот законик.

Санкцијата што му се изрекува на малолетникот треба да одговара на неговата личност, тежината на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок и неговите последици, потребата од негово воспитување, превоспитување, образование и развој, заради обезбедување на заштита и заради најдобриот интерес на малолетникот.

Кога се исполнети законските услови надлежниот суд изрекува казна само ако не е оправдано изрекување на воспитна или алтернативна мерка.

Казна што се состои од лишување од слобода, надлежниот суд може да изрече само кога целта на воспитните мерки, казнувањето или алтернативните мерки не може да се постигне со мерки на помош и заштита.

Доколку е изречена потешка санкција или санкција што се состои во лишување од слобода, надлежниот суд посебно ги образложува причините за нејзино изрекување.

Малолетникот на кој му се става на товар кривично дело или прекршок има право на правично судење во разумен рок, пред независен и непристрасен суд основан со закон, со сите гаранции за правата што ги има обвинетиот во кривична постапка според Законот за кривична постапка.

Постапката спрема малолетници е итна и кога се работи за кривично дело не може да трае подолго од една година и шест месеци, освен за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години, кога постапката не може да трае подолго од две години.

Кога малолетникот не е достапен, во тој случај роковите престануваат да течат за времето кога бил недостапен, но не подолго од навршување на 27 години возраст на сторителот.

Во постапката за кривични дела овластен тужител е само јавниот обвинител.

Одбраната на малолетникот во сите фази на постапката е задолжителна.

Бранителот од редот на адвокатите го именува судот по службена должност, ако самиот малолетник или неговото семејство или старател не обезбеди бранител.

Судот и другите органи што учествуваат во постапката се должни да обезбедат заштита на приватноста на малолетникот и неговото семејство.

На малолетник не може да му се суди во отсуство.

Судијата за малолетници ја спроведува подготвителната постапка, донесува одлуки согласно Законот за малолетничка постапка и претседава со советот за малолетници.

Советот на малолетници во основниот суд одлучува во прв степен во постапката за кривични дела.

Во основниот суд кривичниот совет за малолетници, решава по жалбите против решенијата на судијата за малолетници.

Советот на малолетници на апелациониот суд составен од судија за малолетници и двајца судии одлучува по жалбите против одлуките на советот за малолетници на основниот суд.

Постапката спрема малолетник за кривично дело се поведува само по барање од јавниот обвинител.

За кривични дела за кои се гони по предлог или приватна тужба, постапката може да се поведе ако оштетениот во рок од три месеца од сознавањето за сторено дело или сторителот, ставил предлог за поведување постапка до надлежниот јавен обвинител.

Повикувањето на малолетно лице заради собирање на информации од страна на Министерството за внатрешни работи се врши со доставување на писмена покана до неговиот родител или старател, Разговорот со малолетното лице може да трае најдолго четири часа.

Овластени службени лица на Министерството за внатрешни работи може да задржат малолетно лице ако постојат основи на сомневање дека сторил дејствие што во законот е предвидено како кривично дело кое се гони по службена должност, ако е затечен при извршување на

делото, или кога против него е распишана потерница за такво дело. Задржувањето може да трае најмногу до 12 часа.

Овластени службени лица на Министерството за внатрешни работи може да задржат малолетно лице затечено при извршување на прекршок против јавниот ред и мир, а воспоставувањето на јавниот ред и мир или отстранувањето на загрозувањето не може да се постигне на друг начин или кога е под дејство на алкохол, дрога или други психотропни супстанци. Задржувањето може да трае најмногу до осум часа.

Мерка притвор судијата за малолетници може да определи против малолетно лице само по предлог на јавниот обвинител по претходно прибавено мислење од центарот за социјална работа.

На малолетното лице може да му се определи мерка притвор само како крајна мерка за обезбедување на присуство на малолетникот во текот на постапката, ако тоа не може да се постигне со други мерки предвидени со Законот за кривична постапка. Судијата за малолетници посебно ќе ја цени целесообразноста на примената на мерката притвор, поаѓајќи од личноста на малолетното лице, можните последици на притварањето врз неговата личност и неговиот правилен развој.

Ако јавниот обвинител не стави никаков предлог, судијата за малолетници може да донесе решение за одредување краткотраен притвор, ако се исполнети законските услови за одредување притвор. Краткотрајниот притвор може да трае најдолго 24 часа. Ако во тој рок јавниот обвинител не поднесе предлог за определување на притвор, судијата за малолетници ќе донесе решение за пуштање на малолетното лице на слобода.

Против решението на краткотраен притвор, малолетото лице, неговиот бранител и јавниот обвинител имаат право на жалба до кривичниот совет за малолетници на основниот суд, кој по жалба одлучува во рок од 24 часа.

Притворот се одредува со решение на судија за малолетници и може да трае најдлого 30 дена.

По образложен предлог на судијата за малолетници, а по претходно прибавено мислење од јавниот обвинител и од центарот за социјална работа, советот на малолетници на основниот суд може од оправдани причини да го продолжи притворот за уште 60 дена.

Ако притворот е одреден само поради утврдување на идентитетот на малолетникот, судијата за малолетници, односно советот за малолетници е должен да донесе решение за негово укинување веднаш кога ќе се утврди идентитетот.

Судијата за малолетници е должен веднаш по одредувањето на притворот за тоа да ги извести родителите односно старателот и центарот за социјална работа.

Рокот за жалба е три дена од доставувањето на решението за притвор. По жалбата на решението на судијата за малолетници во рок од три дена од нејзиното доставување одлучува кривичниот совет за малолетници на основниот суд, а по жалбата на решението на кривичниот совет за малолетници на основниот суд, советот на малолетници на апелациониот суд.

**Прашање 2.** Ве молиме наведете ги преземените мерки (административни мерки, програми, акциони планови, проекти итн.) за да се спроведе правната рамка.

**Превземени мерки за да се спроведе законската рамка**

Во 2007 година се донесени Основите на програмата за воспитно-образовната работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки („Службен весник на РМ“ бр.125/2007). Истите ги изготвува Бирото за развој на образованието, а со решение ги носи министерот за труд и социјална политика. Нивното изготвување се актуелизира со новата законска регулатива за заштита на децата, конкретно со измените на Законот за заштита на децата донесени во 2005 година. Тоа е национален документ, усогласен со современите општествено-демократски и плурални движења кај нас, воедно и со Уставот на Република Македонија, како и со Декларацијата и Конвенцијата за правата на децата. Стручно-научните согледувања укажуваат на тоа дека првите седум години од животот на човекот се фундамент на воспитанието и образованието на секоја индивидуа. Овој програмски документ се заснова на согледувањата добиени од анализата на претходните програмски документи, а во неа се вградени, покрај стручно-научните сознанија за интелектуално сознајните и менталните потенцијали на детето од 8-месечна до 5-годишна возраст, позитивните ефекти на реализацијата на проектот “Чекор по чекор“, како и од проектите „Граѓанско образование“, „Приоди кон визуелно размислување“ и “Инклузија на децата со посебни потреби во редовните училишта“.

Во 2009 година донесен е Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на детска градинка („Службен весник на Република Македонија” бр.35/2009) со кој се утврдени стандарди и нормативи за вршење на дејноста на детската градинка во однос на критериумите за развиеност на установите и потребниот број на групи деца, соодветени просторни услови и санитарно - хигиенските услови, опрема и дидактички средства, стручните и другите работници и стандардите за потребното работно време за остварување на дејноста - згрижувачко, воспитна, образовна и друга дејност за детските градинки како и нормативот за исхрана на децата .Со истиот се создаваат поприфатливи услови за отворање на приватни детски градинки како и детски градинки со помал капацитет што претставува поволна можност и помалите општини да основат детска градинка. Согласно овој правилник, дејноста на згрижувањето на децата може да се организира во наменски изграден простор, но и во простор кој не е наменски граден, но може да се адаптира за таа намена .

Со создадените реални предуслови со стандардите и нормативите за основање на детски градинки и од помалите општини, во 2009 година се основа општинска јавна установа за деца - детска градинка во

општина Илинден, а во постапка е основање на детски градинки во општините Вевчани и Демир Капија.

Донесени се Стандарди за рано учење и развој на децата од 0 до 6 годишна возраст. Овој документ промовира еден иновативен пристап во поттикнување на раното учење кај малите деца. Се фокусира на холистички пристап, односно на сите аспекти на развој, се фокусира на излезни резултати со цел да се поттикне и искористи севкупниот развоен потенцијал на секое дете уште од најмала возраст и се однесуваат на сите деца без разлика на физичките способости, етничката припадност, културолошките особености и социо-економскиот статус на семејството. Со примената на *Стандардите за рано учење и развој на децата од 0 до 6 годишна возраст* ќе се допринесе за*:* зголемување на опфатот на децата со разни форми на рано учење и развој, подобрување на квалитетот на раното учење и развој кај малите деца, реформа на системот за ран детски развој - нови предучилишни програми, нови програми, едукација и обука на кадар, изработка на материјали за родители, мониторирање на достигањата кај малите деца.

Секоја година Владата на Република Македонија на предог на Министерството за труд и социјална политика донесува Програма за развој за заштита на децата, која ги опфаќа пропишаните мерки и активности за заштита и развој кои кореспондираат со стратешките приоритети на Владата и други позитивни законски прописи и конвенции како и со Буџетот на Република Македонија

Покрај тоа, од страна на Владата на Република Македонија во 2009 година усвоена е Информација за согледаните потреби за изградба и отворање на нови детски градинки во општините, која е изготвена врз основа на согледаните потреби на општините за згрижување на децата од предучилишна возраст и потреба од изградба на нов простор или адаптација на друг простор во кој би се реализирало згрижување на децата. Потреба од изградба на нови објекти за згрижување и воспитание на деца искажале 23 општини. Интерес за доградба и надградба на простор во рамки на постојните детски градинки покажале единаесет општини. За адаптација на друг простор во општината се произнеле исто така, единаесет општини.

Владата на Република Македонија го задолжи Министерството за труд и социјална политика (МТСП) веднаш по стапување во сила на Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на детска градинка да ги информира заинтересираните општини за тоа како би можеле врз основа на одредбите на правилникот да направат попрецизно согледување за капацитетот на детската градинка во општините односно населените места кои се во нивна надлежност, што е е реализирано од страна на МТСП.

МТСП секоја година ги согледува потребите за тековно и инвестиционо одржување и за инвестициони градби (капитални инвестиции) по претходно искажани потреби од единиците за локална

самоуправа и детските градинки и со Програма ги утврдува приоритетите.

Инвестициони проекти: Во тек е завршна фаза на опремување на изграден нов објект за детска градинка во општина Ѓорче Петров, со капацитет за 140 деца. Објектот е граден од страна на државата. Отпочнати се подготвовки и за градба на нови објекти во општините: Аеродром, со капацитет за 180 деца, Росоман со капацитет за 60 деца, Сарај со капацитет за 100 деца и Липково со капацитет за 80 деца. Финансиските средства ги обезбедува државата.

Со цел создавање на неопходните претпоставки за ефективна примена на Законот за малолетничка правда, на седницата одржана на 12 февруари 2008 година, Владата усвои Акционен план и буџетската рамка за негова имплементација. Законот започна да се применува на 30 јуни 2009 година.

Министерството за правда во функција на следење на спроведувањето на Акциониот план одржуваше редовни состаноци со Работната група што ја сочинуваат претставници на следните институции надлежни за спроведување на Планот: органите на државната управа, ЈУ Завод за социјални дејности, судии и јавни обвинители, Управата за извршување на санкциите, Академијата за обука на судии и јавни обвинители, Факултетот за безбедност, Заедницата на единиците за локална самоуправа. Акциониот план за имплементација на Законот за малолетничка правда се реализираше со поддршка на УНИЦЕФ и ОБСЕ. Исто така, Министерството за правда редовно ја известуваше Владата за спроведувањето на Акциониот план. Во таа смисла, на седницата одржана на 28.10.2008 година, Владата на Република Македонија ја усвои Информацијата на Министерството за правда за степенот на реализација на активностите предвидени со Акциониот план со состојба во октомври 2008 година. Притоа, се задолжија надлежните институции за спроведување на Акциониот план да ги реализираат односно да ги интензивираат предвидените активности согласно утврдените рокови и да одвојат финансиски средства за нивна реализација.

Во текот на 2009 година - јануари, мај и октомври - Министерството за правда со релевантните институции направи оценка на спроведувањето на Акциониот план со состојба јануари - мај 2009 година и јуни - октомври 2009 година.

На 23.04.2010 извршено е ажурирање на Акцискиот план за спроведување на Законот за малолетничка правда, кој е дизајниран согласно следните утврдени компоненти и цели на Проектот:

- градење, унапредување и спроведување на нормативната рамка за малолетничка правда;
- јакнење на институционалните и човечки капацитети за спроведување на Законот за малолетничка правда (обуки, просторни капацитети, опрема); и

- превенција од малолетничко престапништво на локално и национално ниво (изработка на Стратегија и акциони планови за имплементација на локално ниво, кампањи за подигање на јавна свест).

Едновремено, во рамки на ИПА-2008 (инструмент за предпристапна помош) за периодот 2010-2012 година ќе се реализира Проект за реформа на системот за малолетничка правда со грант во износ 800.000 евра (од кои 700.000 евра се средства од ИПА, а 100.000 евра се средства од УНИЦЕФ).

Во однос на јакнењето на институционалните и човечките ресурси за спроведување на Законот за малолетничка правда, приоритена активност е создавање на ресурси во центрите за социјална работа преку:

- создавање на услови за извршување на алтернативните мерки: Во таа насока, направена е проценка за 39 потребни извршители на алтернативните мерки за малолетници во Република Македонија. Спроведена е обука на 30 стручни работници од центрите за социјална работа во Република Македонија за извршување на алтернативните мерки. Управата за извршување на санкции склучи Меморандуми за соработка со јавните претпријатија кои функционираат на ниво на Град Скопје во кои ќе може да се извршува алтернативната мерка општокорисна работа. Списокот со јавни претпријатија со кои се склучени меморандуми е доставен до Основниот суд Скопје 1;

- воспоставување на простории за работа со деца во центрите за социјална работа: Во рамките на оваа активност од Акциониот план, направена е анализа за просторните услови во 30 Центри за социјална работа (ЦСР) и согласно тоа, ЈУ Завод за социјални дејности изготви Упатство за воспоставување простории за работа со деца. Се работи на проценка на просторните услови во Центрите за социјална работа за воспоставување на околу 15 простории за работа со деца;
- интегрален дел на оваа активност е и зајакнувањето на институционалното извршување на воспитните мерки спрема малолетниците, која се реализира со решавање на просторната локација на Воспитно-поправниот Дом Тетово и отворање на Дисциплинскиот центар за малолетници. Приоритетна активност на Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите во изминатиот период беше наоѓање решение и овозможување на соодветни просторни услови во Воспитно поправниот дом Тетово.

Согласно препораките на Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечно или понижувачко однесување, поради актуелноста и потребата од итно решавање на проблемите со функционирањето на

Воспитно-поправниот дом Тетово (ВПД Тетово) и сместување на малолетниците на кои им е изречена мерка упатување во воспитно поправен дом во објект кој одговара на современите стандарди за извршување на оваа мерка, Министерството за правда - Управата за извршување на санкциите го започна проектот: „Реконструкција на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија“, поддржан со заем од Банката за Развој на Советот на Европа, во чии рамки е вклучена и изградба на нов комплекс за потребите на Воспитно поправниот дом.

Изработен е Урбанистички проект и обезбедена е локација за градба на ВПД Тетово во местото Рудине, с. Волковија, општина Брвеница. Градбата треба да започне кон крајот на 2010/почеток на 2011 година.

Со оглед на тоа што процедурата за изградба на нов објект за ВПД Тетово е долготраен процес кој ќе трае според времената рамка на Проектот до крајот на 2011/ почеток на 2012 година, а потребата од итно преместување на малолетниците од објектот на Затворот Скопје до изградбата на новиот Дом е неопходна поради наведените причини, Министерството за правда – Управа за извршување на санкциите спроведе активности и за краткорочно решавање на проблемот. Во таа насока потпишан е Меморандум за соработка меѓу Министерството за правда - Управата за извршување на санкциите и Министерството за труд и социјална политика со кој Министерството за труд и социјална политика отстапува дел од соодветните објекти на Воспитната установа “Ранка Милановиќ” во Скопје за сместување на штитениците од овој Воспитно-поправен дом.

За воспоставување на Дисциплинскиот центар за малолетници идентификуван е соодветен објект, спроведени се почетни обуки на стручниот кадар од страна ЈУ Завод за социјални дејности и Програмата за работа на Дисциплинскиот центар е изготвена. Во тек е отворање на Дисциплинскиот центар.

Уредена е и опремена една просторија за водење на разговор со деца жртви и сторители на кривични дела и истата е веќе во функција во Секторот за внатрешни работи во Велес.

Изработени беа и прирачници за обука на професионалци кои работат со малолетници во контакт со Законот:

- Публикацијата: „Ресторативна правда“ и „Компаративна анализа за постапување на полициските службеници со малолетници“. Анализата ќе биде основа за изработка на Упатство за постапување на полицијата со малолетни лица.
- Беа подготвени и публикувани прирачници и учебни помагала. Институтот за социјална работа и социјална политика во новиот наставен план го воведе предметот малолетничка правда и изготви учебник за улогата на социјалните работници во спроведување на Законот за малолетничка правда наменет за студентите и прирачник за практична работа на студентите. Изготвен е прирачник за спроведување на обуки за полиција.

Изработена е Програма за работа со малолетни лица во казнено-поправните и воспитно-поправните установи: Во април 2010 година формирана е работна група составена од експерти која работи на изработка на Стандардизирани програми за специфични третмански групи, меѓу кои и Програма за третман на осудени лица малолетници.По изработката на Програмата ќе се изработи Упатство за имплементација на програмата и ќе следи изработка на Наставна програма за обучувачи и прирачници за спроведување на обуки за имплементација на Програмата.

Конституиран е Државен совет за превенција на малолетничко претстапништво, а конститутивната седница на Советот се одржа на 27.11.2009 година, на која беше избран Претседател кој е член во Советот како претставник на невладините организации и усвоен е Деловник за работа на советот. Исто така, Државниот совет за превенција на малолетничко претстапништво на седницата закажана за 06.04.2010година усвои Програма за работа на Советот за период 2010-2014 година и Годишен Акционен План. Во текот на досегашното работење, Советот одржа тематски седници на кои ги разгледуваше: Извештајот за состојбата со малолетничкиот криминалитет поднесен од Основното Јавно Обвинителство во Скопје, Информацијата на Народниот правобранител за појавите на физичко, психичко и сексуално малтретирање на децата сместени во установи и Годишниот извештај од Одделението за заштита на деца и младиници во рамки на Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа на Град Скопје. Во тек се активности за донесување на Национална стратегија за превенција на малолетничката деликвенција.

Изготвена е инструктивна телеграма за постапување на инспекторите и останатите полициски службеници со малолетници - сторители и жртви од кривични дела според Законот за малолетничка правда и истата е доставена до сите сектори за внатрешни работи и полициски станици на подрачјето на Република Македонија.

Направена е анализа во врска со постојните капацитети, уредување и адаптирање на простории во Министерството за внатрешни работи за водење на разговор со дете -жртва и простории за задржување на малолетници сторители на кривични дела.

**Прашање 3.** Ве молиме дадете релевантни бројки, статистики или други релевантни информации, особено за бројот на деца сместени во згрижувачки семејства и во институции, за бројот на деца во едно одделение во институции за добросостојбата на децата, за бројот и возраста на малолетници кои се во притвор или затвор или сместени во казнена установа.

**Деца во установи за згрижување и воспитание – детски градинки по возраст**

| Години | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| Деца до 1 година | 219 | 321 | 541 | 444 | 474 |
| Деца на 1 година | 1153 | 1132 | 1339 | 1298 | 1439 |
| Деца на 2 години | 2027 | 2170 | 2494 | 2776 | 2746 |
| Деца на 3 години | 3423 | 3684 | 4440 | 4649 | 4937 |
| Деца на 4 години | 3854 | 4254 | 4822 | 5303 | 5312 |
| Деца на 5 години | 4584 | 4007 | 5948 | 6044 | 6350 |
| Деца на 6 години | 5182 | 4688 | 906 | 1124 | 927 |
| Деца на 7 години | 502 | 1247 | - | - | - |
| Деца над 7 години | 23 | 22 | - | - | - |
| Деца над 6 години | - | - | 74 | 73 | 28 |
| Вкупно деца | 20967 | 21525 | 20564 | 21711 | 22213 |

Извор на податоци: Државен завод за статистика

**Малолетни корисници на социјална заштита**

| Година | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|
| **<u>Центри за социјална работа</u>** | | | | | |
| **Форми на социјална заштита** | | | | | |
| Сместување во друго семејство | 340 | 329 | 324 | 277 | 231 |
| Сместување во организација за социјална заштита | 424 | 453 | 424 | 380 | 410 |
| Сместување во други организации | 87 | 106 | 71 | 39 | 59 |
| **Институции за социјална заштита** | | | | | |
| Корисници во организации – домови за сместување на деца без родители и родителска грижа | 250 | 264 | 280 | 253 | 257 |
| Корисници во заводи, установи за згрижување и образование на деца и млади со воспитно социјални проблеми | 95 | 92 | 89 | 96 | 81 |

Извор на податоци: Државен завод за статистика

**Број на деца сместени во установи**

| Години | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | Април 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дом за доенчиња и мали деца Битола | 120 | 99 | 103 | 106 | 100 | 98 | 95 |
| Детски дом 11 Октомври Скопје | 88 | 79 | 74 | 73 | 75 | 75 | 70 |
| Мал групен дом - Берово | - | - | - | - | 5 | 5 | 5 |

Извор на податоци: Јавна Установа за проучување на социјалните појави и проблеми и унапредување на социјалните дејности - Скопје

**Број на згрижувачки семејства и згрижени деца**

| Години | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Згрижувачки семејства | 93 | 103 | 118 | 124 | 131 | 140 |
| Згрижени деца | 153 | 256 | 179 | 193 | 185 | 219 |

Извор на податоци: Јавна Установа за проучување на социјалните појави и проблеми и унапредување на социјалните дејности - Скопје

Во рамки на активноста за спроведување на основни и специјализирани обуки за сите професионалци кои го спроведуваат Законот за малолетничка правда (судии, јавни обвинители, полициски службеници, адвокати, вработени во казнено-поправните установи и инспекторите во Управата за извршување на санкциите за вршење надзор врз законитоста на извршувањето на алтернативните мерки):

- Изработени се програми за обуки на: судиите и јавните обвинители, стручните лица во ЦСР, овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи, вработените во казнено-поправните установи, воспитно-поправниот дом и адвокатите.

Врз основа на програмите се реализираа:

- пет дводневни специјализирани обуки за примена на Законот за малолетничка правда со кои беа опфатени повеќе од 150 судии и јавни обвинители. Одржана е регионална конференција за малолетничка правда, на која беа разменети пракси и искуства помеѓу претставниците од Република Македонија и неколку соседни држави;
- спроведени се 12 обуки за повеќе од 200 адвокати. Од нив 9 основни обуки се фокусираа на новата улога на адвокатите во постапката со малолетни лица, а 3 специјализирани обуки беа посветени на меѓународните принципи за третман на малолетниците. Листата на адвокати кои ги завршија обуките е доставена до сите надлежни институции;

- се реализираа 4 основни обуки за 80 полициски (униформирани) службеници од групата за асистенција, лица за прифат, дежурни работници и инспектори за превенција, кои се однесуваа на полициските овластувања при третман на малолетни лица. Педесет полициски службеници - инспектори за малолетничка деликвенција и инспектори по општ криминал и превенција посетија две специјализирани обуки;
- продолжи специјализацијата на стручните тимови од сите ЦСР при што беа обучени 90 стручни лица за стандардите за постапување со деца во ризик и малолетни сторители на кривични дела;

Со оглед на тоа што Законот за малолетничка правда започна да се применува на 30 јуни 2009 година, во функција на следење на спроведувањето на целите на Законот, Министерството за правда пристапи кон изработка на Анализа за спроведувањето на Законот.

Во таа насока, Министерството за правда се обрати до Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи со барање за добивање преглед за примената на Законот за малолетничка правда од страна на центрите за социјална работа и евентуалните потешкотии и финансиски импликации со кои се соочуваат центрите за социјална работа и овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи во примената на Законот со предлози за нивни надминувања.

Од страна на Министерството за труд и социјална политика извршени се првични согледувања, при што обработените податоци добиени од центрите за социјална работа го покажуваат следното:

- врз основа на востановените регистри за примени известувања за деца и малолетници, во периодот од 30.06.2009 година до 22.09.2009 година вкупно се регистрирани 327 известувања; и
- според податоците доставени од сите центри за социјална работа во период од 30 јуни до 30 септември 2009година, применети се вкупно 1337 мерки на помош и заштита во системот на социјална заштита за 342 деца и малолетници во ризик.

Во однос на превенцијата, на 16 ноември Собранието на Република Македонија донесе Одлука за избор на 15 члена на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво.

Спроведени се обуки на стручни тимови од 13 центри за социјална работа и две установи за социјална заштита за групна работа со родителите на децата во ризик и малолетни сторители на кривични дела.

Со стапување во сила на Законот за малолетничка правда, од 01.07.2009 година во сите 30 центри за социјална работа во Република Македонија примени се регистрирани вкупно 2202 известувања, кои уредно се заведени во Регистарот за примени известувања за деца и малолетници во ризик.

Од вкупниот број на примени известувања, 67 се поднесени од училиште, 715 од Министерството за внатрешни работи, 736 од јавното обвинителство, 530 од судот, 13 од суд за прекршоци, 16 од родители, 5 од други институции и 5 барања од граѓани.

Констатирано е дека примените известувања се однесуваат на вкупно 1287 малолетни лица, од кои 318 се деца во ризик и 960 помлади и постари малолетници во ризик - сторители на кривични дела.

Од вкупниот број малолетни лица кон 624 се применети мерки на помош и заштита а се од областа на образованието, здравствената, социјалната, семејната и други облици на заштита.